Универзитет „Св. Кирил и Методиј“

Филозофски факултет – Скопје

Наслов:

# Политичка и економска историја на Англија во периодот на Стјуартите

Ментор:

проф. д-р Никола Минов

Изработил:

Филип Трајковски

**Содржина**

1. Вовед ........................................................................................6

1.1. Цели и методологија на истражувањето ......................................7

1.2. Преглед на периодот: XVII век во Англија .................................9

2. Историски контекст пред Стјуартите............................................ 15

2.1. Краток осврт на Тјудорската династија ..................................... 16

2.2. Промените во религијата и во политиката ................................23

3. Издигнување на Стјуартската династија ...................................... 30

3.1. Џејмс VI и I (1603–1625): Почетоци на новата династија ..........33

3.2. Економски и религиозни предизвици...........................................38

4. Чарлс I и Граѓанската војна (1625–1649) .......................................45

4.1. Политички и економски конфликти со парламентот ............. 48

4.2. Религиозни тензии: Англиканизмот, католицизмот и пуританците ....50

4.3. Граѓанската војна: Причини, тек и исход......................................53

4.4. Егзекуцијата на Чарлс I ..................................................................66

5. Интеррегнум: Период на пуританско владеење (1649–1660) .......... 71

5.1. Комонвелтот и Рамп-парламентот ............................................... 71

5.2. Оливер Кромвел како лорд протектор...........................................73

5.3. Религиозни и социјални реформи...................................................76

5.4. Колонијална експанзија и економски промени..............................78

6. Реставрација на Стјуартите: Чарлс II и Џејмс II (1660–1688) .......... 81

6.1. Чарлс II: Политика на компромис и „Веселиот монарх“ ......... 86

6.2. Џејмс II: Католичкиот крал и зголемениот антагонизам ........ 98

**7. Славната револуција (1688) ........................................................104**

**7.1. Владеењето на Вилијам III и Мери II........................................108**

**7.2. Вилијам III Орански и пресметката со јакобитите................... 111**

**7.3. Кралството во периодот на Деветгодишната војна (1688–1697)...116**

**7.4. Влијанието на Славната револуција врз англиската политика и општество................................................................................ 122**

**8. Кралицата Ана и формирањето на Велика Британија (1702–1714) .... 127**

**8.1. Последната од Стјуартите, кралицата Ана (1702–1714)............131**

**8.2. Актот на Унијата и формирањето на Велика Британија......... 134**

**8.3. Политички и економски ефекти од обединувањето ...............140**

**8.4. Крајот на Стјуартите и издигнувањето на Британија ............. 144**

**9. Заклучок....................................................................................... 150**

**Библиографија.................................................................................... 154**

**Историски извори и документи ..................................................... 154**

**Стручна литература ......................................................................... 154**

**Илустрации:**

**Слика 1: Кралот Џејмс VI и I ........................................................ 37**

**Слика 2: Чарлс I, Ван Дајк 1635 ........................................................ 48**

**Слика 3: Граѓанската војна 1642–1646 .................................................. 65**

**Слика 4: Оливер Кромвел, лорд протектор ........................................ 80**

**Слика 5: Чарлс II во кралскиот двор, сликар Анри Гаскар (1635–1701) ..... 97**

**Слика 6: Џејмс II и VII, сликано од сер Годфри Кнелер и сер Питер Лели ........................................................................................ 103**

**Слика 7: Востанието на Џејмс Скот, грофот од Монмаут од 1685 г. горе и Славната револуција на Вилијам III Орански од 1688 г. долу............. 107**

**Слика 8: Слика од таванот во кралската болница во Гринвич. Иако биле ревносни протестанти, Вилијам и Мери тука се претставени во раскошот на династијата Стјуарт, тука покажуваат дека ја разбирале моќта на монархиските симболи.......................................................................... 110**

**Слика 9: Карта од Ирска (1649–1651) во периодот на освојувањето на Оливер Кромвел и Ирска (1689–1691) за време на Востанието на јакобитите против Вилијам III ........................................................ 115**

**Слика 10: Карта од Британската Империја во 1763 година ................. 126**

**Слика 11: Кралицата Ана, портрет од гравура на Питер ван Гунст, изработен по оригиналната слика на сер Годфри Книлер ................. 133**

**Слика 12: Војната за шпанското наследство 1702–1713 ....................... 143**

**Слика 13: Мирот од Утрехт 1713 ........................................................ 149**

## Апстракт

Овој магистерски труд ја истражува политичката и економската историја на Англија во периодот на владеењето на династијата на Стјуартите (1603–1714). Во овој период Британските Острови преминуваат од сиромашни средновековни кралства во капиталистичка уставна монархија, која во периодот што следи станува најмоќната држава на економски, политички и воен план, прво во Европа, а потоа и во светот. Трудот ги анализира клучните настани од XVII век, владеењето на Стјуартите, Англиската граѓанска војна, Интеррегнумот, Реставрацијата, Славната револуција, Актот на Унија помеѓу Англија и Шкотска. Се анализира влијанието на овие настани врз развојот на апсолутизмот, парламентарната демократија и уставната монархија. Паралелно се разгледуваат економските и политичките процеси, религиозните прашања, и како тие ја дефинирале Англија низ периодот на Стјуартите, развојот на трговскиот систем, трговската експанзија и промените во аграрната и во урбаната економија, кои ја поставиле основата за понатамошната индустријализација и развој на капитализмот.

Истражувањето се заснова на темелен пристап и анализа на примарни и секундарни извори, користејќи историско-аналитички и политичко-економски пристап. Целта е да се прикаже како политичките конфликти и институционалните промени, заедно со економските промени придонеле за трансформација на Англија од традиционална феудална монархија во модерна капиталистичка држава. Заклучокот на трудот укажува на тоа дека XVII век со сите политички, религиски и економски турбуленции, претставува клучен момент во обликувањето на современото британско општество, чијшто политички и економски модел имал трајно влијание врз европската и врз светска историја.



**Клучни зборови:** Стјуартска династија, Англија, XVII век, политичка историја, економска историја, парламентаризам, граѓанска војна, Славна револуција, уставна монархија, колонијализам, финансиски систем, религиозни конфликти

## 1. Вовед

Историчарите најчесто велат дека за да се разбере сегашноста, треба да се изучува минатото. Без познавање на нашето минато не би можеле да ја знаеме нашата иднина. Општествените промени, големите настани, клучните личности, традициите, обичаите, јазиците и културите на човештвото, гледани низ трагите кои ги оставиле, се основа за учење од нив и создавање подобра иднина.

Во текот на моите студии се соочив со значајна дилема: голем дел од информациите до кои доаѓав беа или преку преводи од други јазици, или од стари книги, чии факти се веќе застарени. Во Македонија, забележав голем недостиг на стручна литература на македонски јазик за многу држави и историски периоди кои заслужуваат внимание. Литературата којашто е достапна е ограничена, застарена и вообичаено е на странски јазици, што претставува пречка за многумина кои имаат интерес, но не и можност да истражуваат. Уште како студент задоволство ми беше да читам литература или извор преведен на мајчиниот јазик, затоа сакав да напишам труд за идните генерации на читатели. Оние коишто периодот на моето истражување ќе го најдат интересен и сакаат да си ги продлабочат сопствените знаења, ќе можат да го направат тоа на мајчиниот јазик. Секако, тука е битно и давањето на свој поглед врз историските настани, како историчар и надворешен набљудувач на издигнувањето на една од највлијателните држави во историјата на човештвото.

Моето внимание го одвлече Велика Британија, но не таа Британија како што ја познаваме, со својата колонијална империја и моќ, туку Англија во периодот кога е незначително кралство, кое било фрлено во династички борби, инвазии, граѓански војни и револуции, кое успеало да се обедини и да формира моќна држава. Станува збор за Англија од XVII век, период кој е мошне значителен за историјата на овој остров, но влијанието од овие настани е важно за Европа и за целиот свет. Во овој период Англија се соочува со закана за своето постоење од католичка Шпанија, борбата за зачувувањето на нивната Англиканска црква и

независност од папизмот[1], период на силно суеверие помеѓу народот и религиозна борба, каде што политиката е длабоко вкрстена со религијата и последиците од тоа имаат силни економски реперкусии врз развојот на државата. Време во кое Европа се соочувала со врвот на феудалната монархија, апсолутизмот и стремењето на кралевите да бидат гледани како апсолутни авторитети врз народот и нивното мислење дека се претставници на бога на земјата. Во сето ова се издигнала Англија, како земја која се соочувала со истите тие проблеми, но успеала да ги надмине и оттука да произлезе како моќна држава. Таа веќе не се потпирала врз авторитетот и моќта на кралот како апсолутен владетел, туку врз парламентарниот авторитет. Со формирање на уставната монархија, ограничување на моќта на кралот и со воспоставување на темелите на модерното општество овој период го гледам како мост кој ја поврзува феудалната Англија со модерната Британска држава. Промените во политичката мисла, економската структура и религиозната слобода, кои произлегуваат од настаните од XVII век, поставуваат темели за британската доминација во следните векови.

### 1.1. Цели и методологија на истражувањето

Главната цел на моето истражување е да навлезам во политичките, економските и религиозните трансформации на Англија во овој критичен период. Трудот ќе ги опфати почетоците на Стјуартската династија, Граѓанската војна, интеррегнумот[2] под Оливер Кромвел, Реставрацијата, Славната револуција и, на крајот, обединувањето на Британските Острови под Кралството на Велика Британија.

Со ова истражување се надевам дека ќе ја пополнам празнината во македонската историографија кога станува збор за Англија и за Велика Британија од XVII век. Преку синтеза на историски извори и современа литература, мојата цел

---

[1] Папизам – учење или систем на црковно уредување кое го признава врховниот авторитет на папата над целата христијанска црква.
[2] Интеррегнум – период без владетел, односно време меѓу две владеења или династии.

е да придонесам кон подобро разбирање на овој значаен историски период и да поттикнам интерес за овој период од историјата кај идните генерации.

Истражувањето ќе биде поделено во неколку глави со главен фокус на Стјуартите каде што ќе бидат опфатени: Џејмс I, Чарлс I и Граѓанската војна, интеррегнум со фокус на период на пуританско владеење под Оливер Кромвел, реставрација на Стјуартите т.е. враќањето на Чарлс II на престолот, Џејмс II (1685–1688) и падот на Стјуартите, Славната револуција (1688) – Вилијам Орански и Мери II, Кралицата Ана и формирањето на Велика Британија, и заклучокот каде што ќе дадеме преглед како дошло од Стјуартите до Велика Британија.

Во изработка на ова истражување, клучен елемент беше користењето на историски извори и релевантна литература. Историјата на Англија, особено од XVII век, е богата со документи, записи и интерпретации од различни историчари, кои нудат увид во овој турбулентен период. Основните извори, како што се збирките „English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660“ уредени од Бери Кауард, Питер Гаунт и Ендру Браунинг и „English Historical Documents:1660–1714“ уредени од Андру Браунинг, беа од суштинско значење за директен пристап до историските податоци. Тие ми овозможија критички да ги согледам првичните документи од периодот, вклучувајќи закони, писма и други записи кои ја формираат основата на историските интерпретации.

Една од главните референци на којашто се потпирам е делото на Кристофер Хил, „The Century of Revolution“, кое нуди детална анализа на политичките, социјалните и економските трансформации на Англија во XVII век, како и неговото дело „The World Turned Upside Down“ кое ми даде увид во радикалните идеи и движечките сили кои произлегоа од Граѓанската војна. Дополнително, поширок историски контекст најдов во книгата „Early Modern England 1485-1714“ од Роберт Бачолц и Њутон Ки, којашто ги обработува политичките институции, верските промени и општествените текови пред и за време на периодот на Стјуартите.

Други значајни дела вклучуваат анализи на Лоренс Стоун во „The Causes of the English Revolution“ и истражувањата на Мајкл Бредик во „God’s Fury, England’s Fire“, кои ги осветлуваат причините и последиците на конфликтите од тој период.

Делата на Дерек Меккеј и Х. М. Скот, како и многу други, ми овозможија поширока перспектива за англиската и за европската историја.

Не помалку важни се класичните дела на Дејвид Хјум и Леополд фон Ранке, кои претставуваат основа за историската наука. Иако нивните интерпретации може да се сметаат за застарени во одредени аспекти, тие и понатаму претставуваат непроценливи извори за разбирање на историјата на XVII век.

Користењето на овие извори и литература ми овозможи да го анализирам историскиот контекст и да ги разберам различните толкувања и аспекти кои се развиле низ времето.

### 1.2. Преглед на периодот: XVII век во Англија

Како што веќе образложив погоре, за целта на моето истражување ја одбрав Англија од XVII век – период во историјата на таа држава кој бил исполнет со династички промени, борба за апсолутистичка власт, религиозни тензии, желбата на парламентот да воспостави авторитет и да ги зачува сопствените права и привилегии во однос на кралот. Ова време е исполнето со граѓански војни, меѓувластие, крај на монархијата, пуританската власт, реставрацијата на круната, обидот за католичкото обновување, Славната револуција и завршува со воспоставувањето на уставна монархија и обединувањето на Англија со Шкотска со што се формира Кралството на Велика Британија. Династијата на Стјуартите (1603–1714) по потекло била од Шкотска, со фамилијарни врски во владејачката династија во периодот кој им претходел, династијата на Тјудорите. Кралицата Елизабета, последниот владетел од таа династија, немала наследник на престолот и за да ја загарантира успешната транзиција на круната по нејзината смрт парламентот го повикал на престолот синот на нејзината братучетка Мери Стјуарт – кралицата на Шкотите, кој во тој момент бил кралот Џејмс VI на Шкотска, и откако го презел престолот во Англија во 1603 година станал Џејмс I на Англија, а во историјата често е нарекуван Џејмс I и VI (1603–1625). Овој настан ја започнал персоналната унија на двете круни, Шкотската и Англиската. Кралот Џејмс I сакал да владее со своите англиски поданици на ист начин како што тоа го правел во Шкотска и со Шкотскиот

парламент, меѓутоа во Англискиот парламент ќе најде ревносен противник. Самиот тој бил апсолутист и верувал во светото право на кралевите како претставници на Бог на земјата. Сметал дека кралевите се над законот и дека нема сила во државата што може да им суди, бидејќи законите произлегуваат од кралот како врховен поглавар на Црквата, како монарх на своите кралства и згора на тоа дека кралот е безгрешен. Но, имал еден голем проблем, немал пари. За да најде решение често свикувал парламенти, а кога не можел да го добие тоа што сакал, ги распуштал. Владеењето на Џејмс било исполнето со проблемите оставени од владеењето на Елизабета, војната со Шпанија, празната каса, религиозните проблеми, обидот да се менацираат три кралства: Англија, Шкотска и Ирска.

Стјуартите застанале на англискиот престол во време на силна религиозна турбуленција која се одвивала на Британските Острови, воопшто, низ цела Европа. Уште пред неполни сто години од стапувањето на престолот на Џејмс I, во 1517 г., Мартин Лутер, германскиот духовник од Витенберг, со закачувањето на 95-те тези против индулгенциите го потресол целиот христијански свет. Во XVII век Европа била втурната во религиозна војна, која била позната како Триесетгодишната војна (1618–1648). Тешко е како современици да го доловиме чувството кај англискиот народ во однос на религиозното прашање, најдобра споредба би била стравот на Американците од комунизмот во втората половина од XX век. За Англичаните католицизмот претставувал повторно потчинување на државата и на црквата на папата и, доколку нивниот крал е католик, тој како поглавар на црквата прво би го слушал папата, а потоа потребите на својот народ. Џејмс I, кој бил израснат протестант, бил вешт во својот умерен пристап во однос на религиозното прашање, нешто што недостасувало кај неговиот син Чарлс I (1625–1649). Чарлс, за разлика од својот груб татко, бил човек кој уживал во градењето на дворската култура, имал голема љубов кон уметноста и привлекол многу реномирани уметници, како Фон Дајк и сл. Кралот бил уште поголем апсолутист од својот татко, меѓутоа му недостасувала лукавоста којашто Џејмс I и VI ја поседувал, за разлика од него, тој секогаш бил директен. Кога дошол на власт се соочил со истиот финансиски проблем, па затоа и тој се свртел кон парламентот. Секако парламентот одбил да ги финансира дворјаните на кралот и нивниот раскош. Чарлс го распуштил

парламентот и немал свикано нов парламент 11 години, успевајќи преку собирање даноци и менаџирање со трошоците да не банкротира. Единствено нешто што би го нарушило неговото самостојно владеење бил скап и исцрпувачки конфликт. Таков конфликт настанал во обидот да се реши религиски проблем. Имено, Англиската круна почнала да се меша во внатрешните работи на Шкотскиот кирк, а резултатот од тоа бил обединувањето на цела Шкотска против кралот Чарлс I. Во таа ситуација кралот, повторно, немајќи пари, се свртел кон парламентот. Меѓутоа, членовите на парламентот не биле толку расположени за да дадат средства, сепак кралот владеел 11 години без нив. Членовите на парламентот имале листа со барања кои доколку не биле исполнети, кралот немало да добие средства за финансирање на својата кампања во Шкотска. Чарлс повторно го распуштил парламентот и се обидел да ја војува војната сам. Нешто што се покажало неуспешно. Следувал момент на кршење на копјата помеѓу кралот и парламентот, кој ја довел Англиската круна до Граѓанска војна која ќе резултира со смртта на Чарлс I, укинување на позицијата крал и воспоставување на Комонвелтот на Англија каде што парламентот ја има апсолутната власт. А подоцна со силата на оружјето биле припоени Шкотска и Ирска. Англија станала република.

За читател од денешна гледна точка тоа воопшто не би било чудно, меѓутоа за Англичанец од XVII век, овој настан е револуционерен. Членовите на парламентот, прочистен од сите кои биле против погубувањето на кралот, се повикале на античкото пишано право, кое во реалноста немало никаков авторитет врз кралот, и успеале да го осудат сопствениот крал за предавство, да ја укинат Круната и да воспостават република предводена од Рамп-парламентот во Лондон. Секако, тоа не било демократија во модерна смисла на зборот и членови во парламентот можеле да станат само граѓани кои имале минимум 200 фунти годишен приход од земјиште. Истата вредност на имот се однесувала и во однос на правото на гласање на претставници во парламентот.

По соборувањето на кралот и воспоставување на Парламентот како највисок орган во државата, следувало безредие. Одлуките на парламентот, распадот на авторитетот на Англиканската црква, заканата од католицизмот, опасноста од војна со Шпанија и со Франција како католички земји, довеле до тоа англискиот народ

веќе да не сака промени. Тие што биле умерени, сметале дека радикалните претерале и мора да се вратат на традиционалните вредности. Во овој период доаѓа до раѓањето на политички сили што подоцна станале партиите на ториевците и на виговците. Републиката и Комонвелтот се претвориле во лична диктатура на Оливер Кромвел (1653–1658), кој со силата на „новата модел-армија" направил државен удар, го распуштил парламентот и свикал нов. Нему му била доделена титулата лорд протектор на Комонвелтот на Англија, Шкотска и на Ирска. Ги имал истите ингеренции како и кралот, а му била понудена и круната, меѓутоа како што Цезар ја одбил, така постапил и Кромвел. Всушност, Кромвел владеел како крал по сè, освен по име. Периодот на владеењето на Кромвел ќе им стане горчлив на Англичаните, а и на членовите на парламентот. Тоа станало очигледно по неговата смрт. Англискиот народ, а и голем дел од елитата сакале враќање на кралската династија и обновување на престолот, како и сите општествени експерименти, и овој завршил во стилот на Француската револуција (1789). На некој начин, Англиската граѓанска војна и нејзиниот резултат е предвесник на настаните што ќе се случат во XVIII век во Франција.

Периодот што следувал е реставрацијата и доаѓањето на „веселиот монарх" Чарлс II (1660–1685). Како разбуден од треска, англискиот народ со овации го пречекал својот крал, кој во тој период бил пребеган во Франција. Владејачката елита го перципирала враќањето на кралот како враќање на старите вредности и воспоставување на ред и на стабилност во државата. Но, некои прашања сè уште останале нерешени, а тоа било очигледно по првите години од неговото владеење. Чарлс II се соочил со проблеми за тоа како да ги врати раскошот и престижот на англискиот двор, со недостигот на финансии без парламентот, со поставувањето наследник на престолот. Во овој период постоела опасност за католичката возобнова, кралот Луј XIV имал големо влијание како врз Англискиот двор така и врз остатокот од Европа. Но, Чарлс бил лукав владетел и добар политичар, знаел како да ги балансира различните струења во англискиот двор. Тој целиот свој живот во јавноста секогаш се декларирал како протестант, меѓутоа на својата смртна постела се конвертирал во католик. Државата што ја оставил била стабилна, силна,

богата и во добар однос со своите соседи, но без легитимен машки наследник на престолот.

Сето тоа било сменето со доаѓањето на Џејмс II и VII (1685–1688) на престолот. Џејмс верувал во апсолутното право на кралевите како претставници на Господ на земјата, не примал совети од никого и секое спротивставување на неговото мислење го сметал за капитално дело против кралот. Мислел дека поданиците на кралот треба да ја слушаат секоја негова наредба, не бил вешт и интелигентен како својот брат и отворено се искажувал себеси како католик. Ова ги обновило старите стравови кај англиското население, кое било предоминантно протестантско, за опасноста од папизмот. Англиската елита, не сакајќи тоа да стане реалност, побарала од Вилијам III Орански, кралот на Холандија, кој во тој момент бил оженет со Мери, една од ќерките на Џејмс II, да дојде и да го преземе престолот во Англија, како протестантски крал.

Овој настан во историјата е познат како „Славната револуција 1688–1689“. Со поразот на Џејмс II, доаѓа и до крај на обидот за обнова на католицизмот во државата. Вилијам III (1689–1702) и Мери (1689–1694) како протестантски владетели управувале со Англија, со Шкотска и со Ирска заедно со парламентот кој сега имал загарантирани права и привилегии утврдени со Билот на правата. За време на нивното владеење биле донесени фундаментални реформи како основањето на Банката на Англија и државниот јавен долг кои претставувале финансиска револуција и го означиле почетокот на модерната капиталистичка држава. Овие реформи биле нужност затоа што најголемата закана за Англија доаѓала однадвор. Најголемиот противник на Вилијам III, како и на неговата наследничка Ана Стјуарт, продолжил да е Луј XIV. Англија била втурната во Деветгодишната војна и Војната за шпанското наследство, а и од двете војни излегла како победник. По поразот на Луј и Договорот од Утрехт (1713), Англија (по 1707 година, Британија) била на пат да стане најмоќната држава во Европа и во светот. Кралицата Ана била единствениот избор за престолонаследник затоа што била протестант, додека останатите наследници од династијата Стјуарт биле католици, вклучувајќи го и синот на кралот Џејмс II, истоимениот Џејмс (кој би бил Џејмс III) кој бил категорично отфрлен со што Ана, која во тој период веќе била во

години, станала последниот владетел од династијата на Стјуартите. По нејзината смрт, круната ја наследила династијата Хановер, протестантска гранка на Стјуартовското семејство преку линијата на Елизабета Стјуарт. Кралицата Ана, иако често е потценувана во историографијата, се покажала како исклучителен државник. Нејзиното владеење донело стабилност, територијално обединување, дипломатски успех и мирна трансформација на политичкиот систем. Овие фактори не само што ја направиле една од најуспешните Стјуарти, туку и клучен мост помеѓу бурниот XVII и просперитетниот XVIII век. За време на нејзиното владеење со акт на Унијата од 1707 година, доаѓа до обединување на Англиската и Шкотската круна и формирање на Кралството на Велика Британија, а по Договорот од Утрехт и Британија како најмоќната, најбогата и највлијателната држава на XVIII век. Сите тие постигнувања на Велика Британија не би биле возможни доколку не ги поминела турбуленциите од XVII век, кој како мост ја поврзува средновековната и модерната Британија. Токму овие динамики на власта, религиозните конфликти и институционалните трансформации од овој период ќе бидат предмет на понатамошна детална анализа во овој труд.

## 2. Историски контекст пред Стјуартите

Територијата на Англија, која е предмет на истражување во овој труд, го опфаќа јужниот и источниот дел од архипелагот во Северното Море познат како Британските Острови. Самиот архипелаг е дом на повеќе народи: Ирците, Шкотите, Велшаните и Англичаните. Фокусот на овој труд ќе останат Англичаните, но пропратно ќе се споменува и нивната интеракција со останатите народи од архипелагот.

Тоа што ги дели Британските Острови од Континентална Европа е мал канал кој на својата најтесна точка е 34 километри оддалечен од францускoто копно. Како најблиска територија до европското копно, Англија била најмногу склона на инвазија и на колонизација. Уште во 200 година пр. н. е. келтските народи се населиле во повеќе бранови на овие острови. Од оваа точка, искуството на Англија било различно во однос на Велс кој бил западно од Англија, Ирска уште повеќе западно преку Ирското Море и Шкотска на север. Блискоста ја изложила Англија на инвазија од страна на Римјаните, подоцна и на Англите, Саксонците и на Јутите, Данците и Норманите од Франција[3].

Сите овие миграции со себе донеле нова општествена организација, власт, јазик и култура, што резултирало со асимилација и со создавање на нов народ со свој начин на живот и на култура. Токму поради фактот што постојано била изложена на закани од инвазија, Англија развила централизирана влада и општество. Силните англосаксонски кралеви, а особено Алфред Велики, воспоставиле народна војска, ефикасен систем на оданочување како и престолнина во градот Винчестер. Државата била поделена на административни единици, познати како Шајр[4], кои биле предводени од шериф[5]. Овој централизиран систем, кој подоцна бил прифатен и од Норманите, се разликувал од децентрализираните келтски системи на Шкотска, Ирска и на Велс.

---

[3] Robert Bucholz and Newton Key, *Early Modern England: 1485–1714: A Narrative History*. Singapore: C.O.S Printers Pte Ltd, 2010., 6.

[4] Шајр ("Shire") – територијална единица во средновековна Англија, приближно еднаква на жупанија или грофовија, користена за административни, судски и воени цели.

[5] Шериф ("shire reeve") – кралски службеник назначен да управува со Шајрот, одговорен за спроведување на законот, собирањето на даноци и надгледувањето на локалните судови.

### 2.1. Краток осврт на Тјудорската династија

Пред да преминеме на периодот на Стјуартите кој, како што веќе нагласивме, претставува пресвртница во историјата на Англија, важно е да посветиме внимание на периодот што претходел. Пред 1603 година, на чело на Англиското Кралство стоела династијата на Тјудорите (1485–1603). Нивната епоха на владеење го сигнализирала крајот на тоа што претставувала средновековна Англија и вовела нови реформи во политиката, религијата и во институциите, кои од друга страна имале директно влијание врз настаните од XVII век.

По долгата Стогодишна војна (1337–1453) со Франција, Англија останала изнемоштена и само две години подоцна била втурната во нова династиска војна, позната во историјата како Војната на розите (1455–1485). Војната настанала како ривалство помеѓу двајца наследници од синовите на Едвард III, Ланкастерите (црвената ружа) и Јоркистите (белата ружа). Узурпација на престолот од страна на Ланкастерите настанала со убиството на Ричард II од страна на Хенри Болингбрук, кој подоцна станал Хенри IV, а потоа круната паднала во рацете на неговиот син Хенри V и на неговиот внук Хенри VI. Иако станувало збор за узурпација, таа добила легитимитет преку парламентарно признавање и преку постоењето на веќе воспоставена династичка традиција на самиот престол. Од друга страна, Јоркистите влечеле потекло од Филипа, ќерката на војводата од Кларенс, постариот син на Едвард III. Јоркистите не биле узурпатори, но бидејќи нивното наследство на престолот се пренесувало преку женска линија долго време не го држеле престолот[6].

Тоа што следувало било период на нови триесет години крвопролевање коешто не го зафатило само населението, туку и владејачката елита на Англија. На војската често ѝ било наредувано да оди директно по благородништвото, а да го поштеди обичното население. Војната се водела до истребување, каде што во одреден момент имало и деца како командири на војски[7]. Постојаното менување на династии и нестабилноста на престолот довело до слабеење на двете страни. По

[6] Simon Jenkins, *A Short History of England*. London: Profile Books Ltd., 2018., 89.
[7] Исто, 90.

смртта на кралот Едвард IV, следувала династиска криза која го довела неговиот брат Ричард III (1452–1485) на престолот. Неговото владеење било сосема кратко и исполнето со контроверзии, обележано со исчезнувањето на децата на Едвард (две тела на деца биле пронајдени во ѕидовите дури во времето на Чарлс II), што дополнително ја разнишало довербата кај благородништвото[8].

На сите овие настани се надоврзал Хенри Тјудор (1457–1509), претставник на ланкастерската линија, кој со поддршка на благородништвото започнал бунт против кралот. Во 1485 година, во битката кај Босфорт, Ричард III бил поразен и убиен, а Хенри бил прогласен за крал под името Хенри VII. Со оваа победа завршила Војната на розите и започнал периодот на владеењето на Тјудорската династија. Неговото застанување на престолот дополнително било потврдено со политички брак со Елизабета од Јорк. Со овој чекор сега биле обединети двете завојувани владејачки куќи. Хенри владеел со Англија во наредните 25 години и умрел во сопствениот кревет (не бил убиен што било честа појава со изминатите англиски кралеви), знаејќи дека неговиот син, исто така именуван Хенри, ќе го наследи на престолот[9].

Хенри VII имал само 28 години кога застанал на престолот на Англија. Немал речиси никакво искуство во водење на држава и имал мал круг на пријатели. Меѓутоа, Војната на розите била завршена, кралот се пресметал со претендентите на престолот и успеал да се зацврсти и да го воспостави својот авторитет. Кралот по карактер бил итар, повлечен, сомничав кон своите дворјани и крајно прагматичен. Хенри бил прав макиевелист, или опишано со зборовите на еден современик: „Од кралот повеќе се плашеа отколку што го сакаа.“ Друг значаен аспект на неговиот карактер била свесната употреба на церемонијалноста и на политичката пропаганда. Хенри знаел дека кралот мора да е величествен. Тој приредувал раскошни свечености и нарачувал уметнички дела за да се прикаже себеси и својот режим во најдоброто можно светло[10].

---

[8] Leopold von Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume I. Oxford: Clarendon Press, 1875. 95
[9] Исто, 97
[10] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 42-46.

Во однос на англиската држава на крајот од XV век, во центарот секако бил кралот, тој бил сопственик на целото кралство и ја поставувал насоката на политиката на својата држава, но ова не значело дека неговата моќ била апсолутна. Кралот владеел заедно со парламентот. Кралството било сиромашно и постојано имало потреба од свикување на парламент за да се набават средства. За секојдневните проблеми свикувал Кралски совет во чиј состав биле благородниците[11] и свештенството. Ова државно тело често било од значителен обем, едноставно сите сакале да бидат во близина на кралот. За да се реши тој проблем Тудорите најчесто имале и свој Таен совет (Privy Concil), кој се состоел од 10 до 20 члена. Кралскиот совет се занимавал со администрација на кралскиот имот, даноците, локалното судство, арбитража помеѓу благородништвото, дипломатија и одбраната на земјата. Советот бил сметан како дел од кралскиот двор или домаќинство[12].

Хенри VII починал во 1509 година, оставајќи му на својот наследник полна каса, ефикасна држава, стабилен режим и лојална држава на династијата Тјудор. Тој не бил популарен и сакан од својот народ, меѓутоа го почитувале и се плашеле од него. Сè тоа што го постигнал го оставил на седумнаесетгодишниот Хенри VIII (1509–1547). Современиците биле импресионирани од новиот крал. Тој бил убав, во одлична форма, вешт и искусен коњаник кој сакал витешки двобој, соколарство, физичка борба и танцување. Покрај физичките способности, кралот учел математика, грчки, латински, француски, италијански и шпански јазик. Имал коресподенција со Еразмус и бил пријател со Томас Мор, а овие двајца биле едни од најголеми философи од тој период, но и самиот крал пишувал теолошки текстови[13].

Првиот акт на новиот крал по крунисувањето било да се ожени со вдовицата на својот брат, Катерина од Арагон. Имено, татко му планирал тој да стане свештеник, но по смртта на својот брат Артур, Хенри го наследил престолот. Овој

---

[11] Благородништво – Во англиските извори често се сретнува терминот peers кој се однесува на лица со благороднички титули, односно припадниците на високото благородништво. Во политички и институционален контекст, peers најчесто се однесува на членовите на Домот на лордовите, како горен дом на англискиот (подоцна британскиот) парламент.
[12] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 47-49.
[13] Исто, 54-56.

брак бил одобрен од папата, но се појавил проблемот којшто го следел кралот целиот негов живот – прашањето за наследството. Од бракот со Катерина кралот не добил машки наследник, туку добил една ќерка, Мери[14]. Во тој период англиското благородништво не сакало да прифати жена наследник на престолот, ако кралот немал машко дете, го сметале за слаб и го ставало во прашање наследството на престолот.

Паралелно со внатрешните предизвици, Хенри VIII имал амбиција да се постави себеси како значаен играч на континенталната сцена. Особено кон обновувањето на англиската доминација во Франција загубена уште во времето на Стогодишната војна. Организирал серија воени походи во сојуз со Шпанија и со Светата Римска Империја, но и покрај неколкуте успеси, овие кампањи не дале долгорочни резултати и сериозно го оптовариле државниот буџет. Меѓутоа, Хенри пак настојувал да се покаже себеси како европски принц кој може да се меша во политиките на Континентална Европа, но неговите континентални авантури се покажале како финансиски и стратегиски ограничени[15].

Отсуството на машки наследник останало суштински проблем. По низа неуспешни бремености и една ќерка, Хенри го довел во прашање бракот со Катерина, тврдејќи дека тој е проколнат бидејќи се оженил со вдовицата на својот брат. Повикувајќи се на стиховите од Библијата, а особено Левит[16], заклучил дека Бог го казнува и затоа не му дава машко потомство. Овој аргумент му одговарал на Хенри и од политичка гледна точка затоа што му давал основа да побара од папата поништување на бракот. Но, поради притисокот на моќниот свети римски император Карло V, кој бил внук на кралицата Катерина, папата Климент VII одбил да го поништи бракот. Оваа ситуација го ставила Хенри VIII во директен судир со папството. Неуспехот да добие папско одобрување за развод го натерало кралот да започне радикален политички и верски процес кој ќе кулминира со Актот на

[14] Jenkins, *A Short History of England*, 103.
[15] Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume I, 115-119.
[16] Левит 20:21 – маж кој ќе земе за жена вдовица од својот брат ќе биде без деца.

супрематот во 1534 година. Со овој акт кралот станал врховен поглавар на Црквата на Англија и од овој момент започнала да се нарекува и Англиканската црква[17].

Хенри VIII направил пресврт на општата црковна и политичка состојба во земјата. Имал многу бракови кои завршиле на ист или сличен начин, а зад себе оставил и неколку деца од кои позначајни биле Мери од бракот со Катерина од Арагорн, Елизабета од бракот со Ана од Булеон и престолонаследникот Едвард VI од неговиот трет брак со Џејн Симор. Хенри VIII починал во 1547 година, оставајќи зад себе трансформирана политичка, црковна и социјална структура на Англија. Тој не бил само симбол на монархиска моќ, туку и клучна фигура во процесот на премин од средновековна во предмодерна англиска држава, со долгорочни последици врз англиската религија, политика и општествена структура. Се спротивставил на Рим и преживеал, нешто што било сметано за невозможно.

Кога Едвард VI (1547–1553) застанал на престолот, имал само девет години. Бидејќи кралот сè уште бил дете, тој имал поставено регенти. Чичкото на новиот крал, војводата од Сомерсет, се поставил себеси за лорд протектор на младиот крал[18]. Сомерсет се покажал како неспособен регент. Заминал во војна со Франција и Шкотска, а за да плати за војната морал да направи девалвација на парите. Во 1549 година, започнале бунтови низ целата земја против лорд протекторот и кралот. Населението повикувало за симнување на кралот и на негово место поставување на неговата сестра Мери I, која била католик. Тајниот совет на кралот го напуштил војводата од Сомерсет и било поставено ново регентство. Но, и тоа се покажало неефикасно. Најактивен бил младиот крал, кој покажал енергија и решителност, меѓутоа и тоа испаднало да биде краткотрајно затоа што во 1553 година, на петнаесетгодишна возраст кралот умрел од туберкулоза[19]. Престолот преминал во рацете на Џејн Греј, меѓутоа по католичкото востание, предводено од поддржувачите на Мери, ќерката на Катерина од Арагон, таа застанала на престолот.

---

[17] Jenkins, *A Short History of England*, 106–110
[18] Исто, 115.
[19] Туберкулоза – во изворите најчесто се среќава како consumption, што бил термин кој се користел до XIX век, за оваа болест што предизвикувала исцрпување на телото.

Мери I (1553–1558) била израсната од својата мајка која била од Шпанија и била голем католик, таа имала големо влијание врз неа, па затоа и Мери станала посветен католик. Како и сите други Тјудори, кралицата била интелигентна, храбра, отпорна и достоинствена. Исто така била добро образована, знаела да зборува на шпански, француски јазик, а можела да пишува и да чита на латински и на грчки јазик[20]. За време на своето владеење побарала совет од својот братучед, хабсбуршкиот император, Карло V, кој ѝ препорачал да ја врати Англија назад под папскиот двор и да се омажи за неговиот син и наследник, Филип II, кралот на Шпанија. Таа се согласила.

Овој брак претставувал закана за независноста на Англиското Кралство, кое би станало субјект, на, во тој момент, најмоќната католичка држава во Европа, Шпанската Империја. Под влијание на Филип, кралицата Мери почнала да презема прокатолички мерки. Актот на супрематот воспоставен од страна на Хенри VIII бил отповикан. Парламентот бил загрижен од влијанието на Филип врз кралицата и се двоумел во нејзината способност да дава отпор кон кралот и неговото мешање во англискиот двор. Мерките кои ги презела и бруталноста со која се пресметувала со нејзините противници, во овој период, ќе ѝ го дадат статусот на Крвава Марија. Бракот помеѓу Мери и Филип уште од самиот старт бил осуден на пропаст. Англискиот народ и парламентот со недоверба и со отпор гледале на овој чин и барале да го ограничат шпанскиот крал, да не може да владее самостојно и Англија да не биде вовлечена во војни од корист на Шпанската Империја, ниту пак да стане дел од неа. Мери во овој период имала неколку лажни бремености, а Филип овој брак го гледал само од личниот интерес и за него претставувал само уште една политичка афера. Меѓутоа, Мери била лојална на својот маж и кога Филип побарал Англија да стапи во војна со Франција како сојузник на Шпанија, Мери, и покрај противењето на парламентот, со задоволство прифатила. Ова ја чинело Англиската круна последната територија на континентот, пристаништето Кале, кое бил загубено во 1557[21]. Губењето на пристаништето претставувало силен и симболичен пораз, кој останал како меморија од минатата слава на англиските кралеви, а

[20] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 108.
[21] Исто, 114.

истовремено станало и слика за нејзиното владеење како кралица, лојална на својот шпански маж, на своето шпанско потекло и на својата католичка религија. Целата опасност исчезнала откако во 1558 година Мери одеднаш се разболела и брзо потоа починала, оставајќи го престолот на нејзината полусестра Елизабета[22].

Новата кралица, како и нејзиниот татко, ќе донесе нов бран промени во Англија. Периодот на владеењето на Елизабета I (1558–1603) Глоријана, често е сметан и за златното време на Англија. За време на нејзиното владеење, постоела толеранција, победа, слава, просперитет и времето на творење на Шекспир. Кога застанала на престолот, имала само 25 години. Нејзиниот изглед е опишан како впечатлив, со будни очи и бледо лице под сјајно црвена коса. Ја нарекувале Тјудор до srжта, била суетна, остра и тврдоглава, доста штедлива и немала доверба во други, исто како нејзиниот дедо Хенри VII. Неколку години по стапувањето на моќ пред членовите на парламентот изјавила:

„Му благодарам на Бога што сум надарена со такви особини, што ако бидам избркана од кралството само по долно здолниште би можела да преживеам на кое било место во христијанскиот свет[23].“

Крунисувањето на Елизабета за кралица се случило на 15 јануари 1559 година, чинот бил со протестантски церемонијал кој таа самата го уредила. Ова било знак во кој правец ќе оди новата кралица. Нема враќање кон авторитет на папата и со тоа повторно ги воспоставила реформите на Хенри VIII. Доктрината на црквата се одвивала на протестантски начин, со нов архиепископ. Елизабета била ревносна протестантка, но во почетокот настојувала да покаже умерена толеранција кон католиците, сè додека тие не ја доведувале во прашање државната безбедност. Следното прашање било поврзано секако со наследството. Елизабета не била мажена, имала голем број на понуди од императори и од кралеви, но за неа бракот бил опасен. Сеќавајќи се на епизодата со својата полусестра Мери, да се има

---

[22] Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume I, 217.
[23] Robert Lacey, *Great Tales from English History*. London: Little, Brown and Company, 2004. 61

маж од друго кралство претставувало закана за стабилноста на нејзината земја. Така го поминала целиот период на владеењето, владеејќи самостојно[24].

Иако нејзиното владеење било исполнето со тензии и неизвесност, како заканата од Шпанската Армада на Филип II, во 1588 година, Елизабета успеала да ја задржи стабилноста и да изгради силна позиција на Англиската круна. Една од најголемите закани за нејзиниот престол, била нејзината братучетка католик, внука на Хенри VII, Мери Стјуарт, кралица на Шкотите, која за многумина била сметана за легитимната кралица. Мери по низа турбуленции во Шкотска, побарала азил од Елизабета. Кралицата под притисок на парламентот ја затворила Мери во домашен притвор. А по откривањето на серија заговори, во чиј дел се споменува и самата Мери како предводник на католичка реставрација, Елизабета го одобрила нејзиното погубување во 1587.

Со ова Елизабета ја отстранила својата најголема политичка ривалка, но истовремено го оставила нерешено прашањето околу наследството и војната со Шпанија (1585–1604). Со нејзината смрт на 24 март 1603 година, Англиската круна поминала во рацете на синот на Мери Стјуарт, Џејмс VI од Шкотска, кој станал Џејмс I од Англија[25].

### 2.2. Промените во религијата и во политиката

Христијанството со големата шизма во 1054 година трајно се поделило на две главни деноминации, католицизмот и православието. За разлика од православната црква, која имала помалку централизирана структура, католичката црква го задржала своето единство под покровителството на папата. Но, по серијата на скандали на папскиот двор, корупцијата, падот на моралот кај клерот, праксата на индулгенциите, католицизмот го доживеал најголемиот период на криза во својата историја. Овој пад бил поттикнат од страна на еден професор, свештеник од Витенберг, Мартин Лутер (1483–1546). Со своите 95 тези против индулгенциите,

[24] Lacey, Great Tales from English History, 62.
[25] Jenkins, *A Short History of England*, 131.

кои ги закачил во црквата во Витенберг во 1517 година, тој довел до расцепување на единството на Католичката црква[26]. Треба да се напомене дека, иако не бил првиот кој се спротивставил на папската доминација, тоа го правеле и Јан Хус и Џон Виклиф, тој е првиот со успешна и масовна поддршка од редица принцови и кралеви кои гледале на тоа што Лутер го кажувал како начин да ги зголемат своите привилегии и авторитет на сметка на папскиот двор. Неговото движење на почетокот било познато како лутеранизам, а по протестот од мала група на реформаторски германски принцови на црковното собрание во Шпајер во 1529 г., каде што тие се спротивставиле на одлуките на католичкото мнозинство, движењето станало познато како протестантизам[27] а неговите следбеници протестанти[28].

Влијанието на Мартин Лутер во XVI век имало долгорочен ефект врз континентот, поточно, врз политиката и врз секојдневниот живот на жителите на Британските Острови, вклучувајќи ги и Англичаните. Сите Стјуарти кои дошле на власт на англискиот престол, се соочувале со проблемите настанати од религиозен карактер. Пред да се осврнеме на нивното владеење и справување, накратко ќе го опфатиме периодот на Тјудорите и како нивната политика влијаела врз Англија во однос на религиозните прашања и каква држава им оставиле на новата владејачка династија. Во доцниот среден век римокатолицизмот дозволувал одредена флексибилност во верувањето и во практиката, додека пак протестантизмот никогаш не бил единствена организирана вера, туку претставува движење составено од повеќе различни исповеди[29]. Што претставувале овие две форми за Англичанецот во средниот век?

За католиците, божјата волја се препознавала преку Светото писмо, напишано на хебрејски, арамејски и на грчки јазик, а овие писма биле тешки за разбирање за обичниот Англичанец[30], впрочем малкумина во средниот век

---

[26] John P. McKay et al., *A History of Western Society: Volume B*. Boston: Houghton Mifflin Company, 2008. 446-448.
[27] Протестантизам – на почетокот протестанти биле нарекувани само лутераните, но со појавата на повеќе протестантски секти, станало општ термин кој ги опишувал сите христијани на Западот кои не припаѓале на Католичката црква.
[28] Исто, 449
[29] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 93.
[30] Исто, 93.

воопшто знаеле да читаат. Притоа самото производство на книгите чинело многу пари и морале да бидат пишувани рачно пред измислувањето на пресата за печатење од страна на Гутенберг во 1440 година, а првата книга што била отпечатена во 1455 година била Библијата[31]. Затоа Католичката црква си го задржала правото и одговорноста да ја толкува Библијата за верниците. Светото писмо било проучувано и објаснувано само од папата, од епископите и од свештениците на црквата за кои се верувало дека имаат посебен мандат од Господ. Покрај Библијата, божјата волја според Рим се наоѓала во традициите и во одлуките на самата црква. Ако црквата изведувала одреден обред или задржала одредено верување во текот на илјада години, тоа морало да е во склад со божјата волја, без разлика дали било наведено во Светото писмо или не[32]. Со тоа црковните водачи, како папата и епископите, добивале слобода да носат одлуки за верата и за обичаите и според католичкото учење тие одлуки се сметале за еднакво важни како Божјото слово, бидејќи во католичката вера папата се смета за директен наследник на свети Петар, кого Исус го избрал за прв папа. Тие сериозно ја толкувале изјавата на Исус кон свети Петар[33]:

„Ти си Петар и на таа карпа ќе ја изградам мојата црква, и портите на пеколот нема да надвладеат над неа. И ќе ти ги дадам клучевите од царството небесно; и што и да врзеш на земјата, ќе биде врзано на небото; и што и да одврзеш на земјата, ќе биде одврзано на небото“ (Матеј 16: 18–19).

Оваа изјава претставувала основа за авторитет на Рим и се очекувало од обичниот народ без да прашаат да ги следат нивните толкувања. Реформаторите како Мартин Лутер целосно ја отфрлале оваа идеја. Кога тој патувал во Рим целосно бил згрозен од раскошот и корупцијата која ја забележувал меѓу високиот клер. Се противел на црковните одлуки кои биле одобрувани од црковната хиерархија, а не се наоѓале во Светото писмо. Тој и многу други протестантски реформатори дошле до заклучокот дека само Божјото слово може да ја открие божјата волја. Секоја практика надвор од тоа не била одобрена од Господ. Тука се содржат најголемиот

---

[31] Adam Hart-Davis, *History : From The Dawn Of Civilization To The Present Day*. New York DK; Updated edition 2015. 253.
[32] McKay et al., *A History of Western Society: Volume B*, 446
[33] Robert and Key, *Early Modern England*, 94.

дел од радикалните позиции кои биле држени од страна на протестантите како критики кон католицизмот.

Во овој период писменоста во Европа била во издигнување. Сѐ поголема била потребата за превод и за печатење на Библијата со цел да заврши во рацете на што поголем број христијани. Преку описменувањето им станало очигледно на верниците дека во Библијата никаде не се споменуваат папи, кардинали или епископи, католичката хиерархија немала основа во божјата волја. Па така сега немало потреба од свештеници за толкување на божјиот збор, доволно било Светото писмо. Права реформирана црква според Лутер била составена од „свештенство на сите верници[34].“ Единствениот начин за да се спроведе реформата било со поддршка на световната власт, како таа на Хенри VIII.

Протестантите исто така имале проблем со тоа како католиците гледале на спасението. Според нив, за да се спасиш не е доволно само да веруваш, туку мора да правиш добри дела и да учествуваш во седумте свети тајни, како на пример, крштевање, исповед, причест, брак и др. Дополнително со добрите дела како давањето милостина или донации за црквата верниците можеле да си го скратат времето во чистилиштето[35]. А, црквата издавала и индулгенции[36] кои требале да претставуваат избавување од гревовите[37].

Мартин Лутер остро се спротивставувал на ова размислување. Тој верувал дека луѓето се премногу грешни за да се спасат од своите дела. Според него, само верувањето во Исус Христос е доволно за спасение, а црквата нема власт да простува од гревови и затоа целиот систем на индлугенции бил погрешен и штетен[38].

Хенри VIII за време на неговото владеење дошол во директен судир и раскин на односите со Рим откако личниот брачен проблем почнал да му смета и во политичката сфера на интерес. Имено, првиот брак со Катерина од Арагон не успеал да му донесе машки наследник на кралот. Бидејќи мислел дека е казнет

[34] McKay et al., *A History of Western Society: Volume B*, 449
[35] Чистилиште – место каде што според католичката вера душите на починатите се прочистуваат од своите гревови пред да влезат во рајот.
[36] Индулгенции – простување од гревовите најчесто за паричен надомест за побрзо преминување низ чистилиштето.
[37] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 95.
[38] Исто, 95.

затоа што се оженил со вдовицата на својот брат, Хенри побарал од папата да го поништи бракот кој претходно бил одобрен со посебно ослободување. Папата под силен притисок од Карло V, одбил да го поништи бракот.

Штом Рим нема да ја направи оваа промена, кралот одлучил да ја тргне Англиската црква од јурисдикцијата на папата и го искористил парламентот за да ја легализира таа промена. Со „Законот за забрана од жалби", донесен во 1533 година, се забранила можноста да се поднесуваат жалби до папата во Рим на одлуките донесени од англиските судови. Додека во 1534 г. со „Законот на супрематот" кралот бил прогласен за врховен поглавар на Англиската црква[39].

Реакцијата на реформите од кралот била поларизирачка. Парламентот бил поделен, а повеќе личности, меѓу кои и Томас Мор, си дале оставка. Но кралот не го решил постоечкиот проблем, следната негова сопруга, Ана Болејн исто не успеала да му даде машко дете. Хенри тогаш ја обвинил за инцест и за прељуба и ја погубил во 1536 година, а ќерката што ја имал со Ана ја направил нелегитимна. Третата жена на кралот, Џејн Симор, му го дала долго посакуваниот син Едвард, меѓутоа починала од породилните болки[40]. Хенри имал уште три брака во текот на својот живот.

Под влијание на својот министер Томас Кромвел, Хенри одлучил да ги укине англиските манастири за да се стекне со нивното богатство. Тој ги распуштил монасите и калуѓерките и ја конфискувал нивната земја, а со тоа ставил крај на деветстотини години монашки живот во Англија[41]. Стотици имоти биле продадени на средната и на високата класа, а парите биле потрошени на воени конфликти. Мотивите на кралот за ваква одлука биле од лична, политичка и од економска природа. Теолошки тој продолжил да практикува католички обреди и доктрина, меѓутоа протестантската литература била слободно достапна и самиот крал поставувал протестанти како тутори за неговиот син. Пред да почине, Хенри ја отповикал одлуката од 1536 во однос на неговите ќерки Мери и Елизабета, со што им дал легитимитет на престолот како наследници, по нивниот брат Едвард[42].

---

[39] McKay et al., *A History of Western Society: Volume B*, 461
[40] Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume I, 163-164
[41] McKay et al., *A History of Western Society: Volume B*, 462
[42] Hart-Davis, *History : From The Dawn Of Civilization To The Present Day,* 260-261

Поголемиот дел од државните претставници и свештениците ги прифатиле промените на кралот во однос на црквата, но тоа не значи дека немало отпор. Католичката црква имала силно влијание врз населението во Англија. Едно од нив било Католичкото востание на милоста, кое настанало во 1536 година и претставувало едно од најголемите востанија во историјата на Англија[43].

Одделувањето на Англиска црква од Рим имало долгорочно влијание и врз државната администрација. Имено, многу голем монашки имот паднал под директна контрола на круната, а со тоа се појавила потреба од голема бирократска машинерија за можат да се контролираат сите тие имоти. Кромвел извршил централизација на кралскиот двор, Советот, Секретаријатот и на Кралската благајна. Биле формирани нови државни департмани и вишокот средства биле прераспределувани каде што имало дефицит. Владеењето на Хенри претставувало раст за модерната централизирана бирократска држава[44].

За време на краткото владеење на Едвард VI постоело силно протестантско влијание врз религиозниот живот на населението во Англија. Архиепископот Томас Крамер ја поедноставил литургијата, поканил протестантски теолози во Англија и ја составил првата „Книга за заедничка молитва“ во 1549 година[45].

Додека пак, за краткото владеење на Мери Тјудор повторно настанало враќање кон католицизмот. Таа била ревносен католик, како својата мајка, па затоа ги отповикала реформаторските одлуки на својот татко и го обновила Римскиот католицизам. Нејзиниот брак со Филип II од Шпанија бил многу непопуларен меѓу населението, а по погубувањето на неколку стотина протестанти го добила и називот „Крвава Марија“[46].

Со доаѓањето на престолот на Елизабета, која била протестантка, настанала релативна религиозна стабилност, и покрај тоа што на почетокот на нејзиното владеење постоела голема поделба меѓу населението. Католиците сакале владетел кој бил католик, а протестантите сакале да се отстранат сите католички елементи од Англиската црква – овие протестанти станале познати како пуританци.

[43] Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume I, 159.
[44] McKay et al., *A History of Western Society: Volume B*, 463
[45] Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume I, 174-175.
[46] Исто, 208

Елизабета по природа била прагматична и затоа застанала на средината од двете екстреми. Таа барала да има достоинство и ред во земјата. Населението плаќало казни доколку одбие да оди на богослужба во црква. Побарала од државните претставници, клерот и од благородништвото да ѝ се заколнат на верност на неа како „врховен управител на Црквата на Англија“[47]. Намерно го избегнувала терминот поглавар за католиците да останат лојални на круната.

Во 1563 година, Собранието на бискупи ги одобрило Триесет и деветте членови во кои биле ставени основите начела на Англиканската црква[48]. За време на владеењето на кралицата Елизабета црквата во Англија се движела во умерено протестантска насока. Богослужбата била на англиски јазик, но манастирите не биле повторно воспоставени, а свештениците добиле дозвола да се женат. Од друга страна, епископатот не бил укинат и бискупите останале државни службеници, додека богослужбата останала прилично традиционална[49].

[47] McKay et al., *A History of Western Society: Volume B*, 463

[48] Англиканска црква – називот потекнува од зборот *Ecclesia Anglicana* што во превод значи „Англиска црква“. Тој термин се користел во текот на средниот век, меѓутоа официјално значење добил во XVI век по реформите на Хенри VIII.

[49] Исто, 463.

### 3. Издигнување на Стјуартската династија

За големиот триумф на династијата Тјудор, не била заслужна само победата над шпанската армада во 1588 (голема вина тука има и лошото шпанско планирање на целата кампања), туку и мирното стапување на престолот на Џејмс I Стјуарт во март 1603 година[50]. Додека претходните англиски кралеви, како Едвард IV и Хенри VII, се бореле за својата круна во крвави битки, Џејмс ја освоил својата преку тајни преговори со тогашната власт, особено со државниот секретар на Елизабета, Роберт Сесил. Новиот крал пристигнал во Лондон, во мај 1603 година[51], свечено пречекан.

Периодот помеѓу 1603 г. и 1714 г. се можеби најбитните години во историјата на Англија. Датумите се земени произволно затоа што се однесуваат на смртта на кралиците, а не на животот на едно општество. Меѓутоа, во XVII век почнале да се оформуваат модерното англиско општество и држава, а местото на Англија во светот се трансформирало. Но, кој е погледот на англиските историчари на овој период?

Поради фактот што историчарите се благословени со далековидност врз настаните од периодот на англиските граѓански војни, тешко е да ја задржат својата објективност. Во период од четиристотини години, раните Стјуарти биле гледани како директни причинители за граѓанските војни. Според таквиот поглед, секоја државна политика, парламентарна дебата или протест се претставувале како дел од долготрајната борба помеѓу кралот и силите на автократијата од една страна, и народот со либералните и демократските сили од друга страна[52].

Ова толкување на историјата е наречено „Виговско толкување“. Историчарите виговци од XIX и XX век, како што биле С. Р. Гардинер и Волис Норштајн, ја интерпретирале историјата на овој период со претпоставката дека воспоставувањето на парламентарната уставна монархија во Британија било неизбежно. Според зборовите на Норштајн, односот парламент и круна бил опишан како конфликт во кој уставно агресивни пратеници постојано се обидувале да ја

---

50 Christopher Hill, *The Century of Revolution*. Milton Park, Abingdon, Oxon: Routledge Classics, 2002. 9
51 Bucholz and Key, *Early Modern England*, 212
52 Исто 213.

„освојат иницијативата“ во управувањето наспроти авторитарната монархија[53]. Според ова гледиште, конфликтот се заострил поради слабостите на новиот крал, исто така потенцирале дека главната сцена на споровите била во долниот дом и документацијата покажувала дека Англија веќе била на пат кон „граѓанска војна“.

Од друга страна, марксистички историчари од првата половина на XX век го гледале овој период на граѓански војни како климакс на конфликтот помеѓу класата на земјопоседници и трговската класа кој датира уште од средниот век. Според нив, Граѓанската војна претставувала кулминација на долготрајна борба помеѓу феудалната аристократија и нејзиниот обид да си ја задржи својата хегемонија врз британското општество и новата класа на трговци и професионалци, кои се обидувале да ја земат таа хегемонија и да ја преобразат Англија во буржоаско општество[54]. Тука би спомнал и уште еден поглед од XX век, кој бил под влијанието на пишувања на Макс Вебер, кој за главен причинител на војните од XVII сметал дека бил религискиот фактор, поточно агресивниот пуританизам[55].

Во последната четвртина од XX век, овие толкувања биле оспорувани од историчари кои истакнувале дека имало многу заедничко помеѓу Џејмс VI и I и пратениците, дека односите меѓу круната и парламентот биле обележани со „консензус“, а не со „опозиција“. Горниот дом бил подеднакво важен во политиката на тој период колку и долниот дом и дека Џејмс VI и I бил многу повешт монарх. Тоа се потврдува со неговото долгогодишно владеење на Шкотска пред да стапи на престолот во 1603 година. Во XXI век, многу историчари почнуваат да сфаќаат дека иако има одредена валидност во ревизионистичката критика на виговското, марксистичкото или пуртитанското толкување на Џејмсовата историја, сепак не треба да се оди предалеку[56].

Прво нема една единствена каузалност бидејќи ние го гледаме тоа од гледна точка на веќе завршен настан. Затоа може да полемизираме, што ако кралот имал

---

[53] Barry Coward and Peter Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*. Milton Park, Abingdon, Oxon: Routledge, 2010. 111
[54] Lawrence Stone, *The Causes of the English Revolution: 1529–1642*. Milton Park, Abingdon, Oxon: Routledge Classics, 2017. 60-61
[55] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 213
[56] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 111

подобро образование, што ако донел друга одлука во тој даден момент? Следно, населението не сакало отворено да има граѓанска војна, затоа не се ни обидувале да доведат до таква ситуација. Трето, ниту парламентот, ниту новата класа на трговци претставени кај Марксистите или пак самите пуританци се монолит и се одлучни во постапувањето и во одлучувањето. На крај, не треба да се претпоставува дека обичните Англичани, мажи и жени имале длабока желба за отстранување на кралот и воспоставување на демократија. Мнозинството сметале дека кралот треба да владее и тие треба да слушаат. Но, тука треба да се потенцира дека тие очекувале од кралот да владее мудро и праведно и да го почитува постојниот закон[57].

Како што секој добар историчар би заклучил, за одреден настан да се случи треба да има доволно причини за тој да се случи. Ништо не се случува случајно, или ненадејно. Така и Англиската револуција не настанала случајно или преку ноќ. Нејзиното потекло е од неодговорени прашања, тензии и недостатоци во политиката на Тјудорите и раните Стјуарти, кои се влошувале како се приближувала средината на XVII век. Досега можеме да издвоиме пет главни полиња на тензија во раниот седумнаесетти век: суверенитетот на кралот, законите и неговите советници, проблемот со државните финансии и економијата, проблемот со војната и надворешната политика, религиозниот проблем и проблемот со локалната контрола. Овие проблеми не ја предизвикале Граѓанската војна, но често постоела поделеност помеѓу кралот и неговите поданици во однос на нив. Стјуартите сега стоеле на чело на три кралства, Џејмс VI и I не бил крал само на Англија, туку и на Шкотска и на Ирска, па се појавил предизвикот на водење три кралства со своите различни парламенти, политики и религиозни убедувања. Во сите три кралства Стјуартите наследиле проблеми кои тие не ги предизвикале, меѓутоа во обидот да ги поправат работите, тие ги влошиле. Поради тоа, потенцијалот да дојде до насилен конфликт бил зголемен и кулминирал во 1637 во Шкотска, 1641 во Ирска, 1642 во Англија за време на владеењето на Чарлс I.

---

[57] Stone, *The Causes of the English Revolution: 1529–1642*, 160-164

### 3.1. Џејмс VI и I (1603–1625): Почетоци на новата династија

Џејмс Стјуарт бил единствениот син на Мери, кралицата на Шкотите. За разлика од Тјудорските кралеви, Џејмс не бил воинствен крал. Се гледал себеси како Rex Pacificus (миротворен крал) кој сакал да донесе мир за своите кралства, но и да биде како медијатор за мир во Европа[58]. Тоа го покажал на дело, со прекинувањето на војната со Шпанија во 1604 година (која траела речиси 20 години)[59] – одлука која влијаела многу добро врз англиската економија. Во говорот на Џејмс во Горниот дом на 19 март 1604 година тој вели:

„Првиот... од тие благослови што Бог, заедно со мојата личност, ви ги испрати, е надворешниот мир: односно, мирот со сите надворешни соседи, зашто, му благодарам на Бога, што со право можам да кажам дека, откако сум крал, никогаш не сум сторил неправда на ниту еден друг христијански принц или држава, ниту пак сум претрпел неправда од нив. Секогаш, фала му на Бога, сум одржувал мир и пријателство со сите, што е толку тесно поврзано со мојата личност, што вие сте сведоци, кога дојдов овде, државата ја затекнав вовлечена во голема и долга војна (помеѓу Англија и Шпанија, која наскоро ќе заврши со Лондонскиот мировен договор во август 1604) и само со моето пристигнување, и со мирот што го носи мојата личност, сега се одржува пријателството таму каде што порано имаше војна, што не е мал благослов за еден христијански Комонвелт“[60].

Во однос на религијата тој бил доста толерантен, имено се додека неговите поданици биле лојални на него и живееле во релативен мир, кралот не го интересирало дали биле пуританци или католици. Немал намера себеси да се претстави како голем воин, напротив, сакал да биде просветен човек. Тој пишувал многу на различни теми како: демонологија, уметноста на владеењето, па дури и за тутунот, иако лично го мразел. Како крал на Шкотска научил дека најдобриот начин да се владее е со компромис и со преговори. Постојано се обидувал да одржува рамнотежа помеѓу различните политички групи, кои начесто се вртеле едни против други. Преговарал со тие што биле умерени, се пресметувал со

---

[58]Bucholz and Key, *Early Modern England*, 217
[59] Hill, *The Century of Revolution*, 10.
[60] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 123

радикалните и јавно го потенцирал својот возвишен статус како претставник на Господ на земјата.

Џејмс бил многу неформален крал. Си го задржал својот шкотски акцент кој бил тежок за разбирање меѓу Англичаните. Меѓу англиското население се појавила одбивност кон него бидејќи со неговиот изглед, манири и однесување воопшто не им изгледал како божјиот претставник што го очекувале. Џејмс имал слаби нозе, прилично голема глава, нестабилно тело и преголем јазик за неговата уста, па затоа и пелтечел[61]. Денес можеби е чудно да се говори за физичките мани на еден човек, меѓутоа за Англичанецот кој бил навикнат на достоинството на Тјудорите, а и од лични предрасуди донесувал непријатни заклучоци. И покрај тоа неговиот дворец бил отворен за мажи и за жени од секоја политичка позадина, со тоа Џејмс секогаш имал добра идеја кои биле ставовите на сите страни во одредена дебата. За разлика од Тјудорите кои избирале лојалност и восхит кај своите поданици, новиот крал го покажал спротивното. Се ширеле гласини дека кралот пиел прекумерно и воопшто немал толеранција на ефектите од алкохолот. Ретко излегувал надвор од Лондон и мразел метеж. Еднаш кога му било пренесено дека група Англичани биле тука за да му искажат потчинетост, тој одговорил:

„Божји рани! Ќе ги спуштам гаќите, па ќе ми ја видат и задницата![62]“

Џејмс бил оженет со Ана од Данска (1574–1619), но и покрај тоа што со неа имал повеќе деца, неговата сексуална определеност е тема за дискусија, па дури и од неговите современици. Иако е тешко да се дефинира како луѓето во тој период ја дефинирале сексуалноста, од кореcподенцијата на кралот дознаваме дека имал хомоеротски до отворено хомосексуални тенденции. Тој често ја бирал дружбата со млади убави момчиња, а меѓу неговите омилени би ги спомнал Есме Стјуарт, војводата на Ленокс, Роберт Кар, грофот од Сомерсет и најомилениот Џорџ Вилиерс, војводата на Бакингем[63]. Кореспонденцијата која ја имал Џејмс со нив

[61] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 217
[62] McKay et al., *A History of Western Society: Volume B*, 543.
[63] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 219.

била со сексуални тенденции. Во едно од писмата кои кралот ги напишал за војводата Бакингем тој вели:

„Толку многу ме сака Бог, што единствено што посакувам е да живеам во овој свет само заради тебе. Повеќе би сакал да бидам прогонет и да живеам во кој било крај на земјата со тебе отколку да водам тажен живот како вдовец без тебе. Нека те благослови Бог, мое мило дете и сопруга, и нека ти подари секогаш да бидеш утеха на твојот сакан татко и сопруг. Џејмс Р.“[64]

Во обичен разговор за војводата од Бакингем, сер Волтер Ралеј забележал дека кралските миленици „често биле принудувани на непристојни, а понекогаш и неприродни должности[65].“ Сите овие настани не ја претставувале очекуваната сликата за крал од XVII век, а особено не за крал кој тврдел дека е божји претставник на земјата.

Џејмс во текот на своето владеење постојано го нагласувал „божественото право на кралевите“. Тоа најубаво го искажува во неговиот есеј од 1598 година „Вистинскиот закон на слободната монархија“ („The Trew Law of Free Monarchy“), каде што кралот истакнува дека монархот имал божествено право на власт и е одговорен единствено пред Бог[66]. Убедувањата на кралот најубаво се изразени во неговиот говор во парламентот од 21 март 1610 година:

„Положбата на монархијата е највисока на земјата, зашто кралевите не се само Божји наместници на земјата и седат на Божјиот престол, туку и самиот Бог ги нарекува богови. Постојат три главни споредби кои ја објаснуваат природата на монархијата: едната потекнува од Божјиот збор (Светото писмо), а другите две од основите на политиката и на филозофијата. Во Светото писмо, кралевите се наречени богови, и нивната моќ, со одредена симетрија, се споредува со божествената моќ. Кралевите исто така се споредуваат со татковците на семејствата, зашто кралот е навистина parens patriae (татко на татковината), политичкиот татко

[64] Stone, *The Causes of the English Revolution: 1529–1642*, 100.
[65] Исто, 100.
[66] McKay et al., *A History of Western Society: Volume B*, 543

на својот народ. И, конечно, кралевите се споредуваат со главата на овој микрокосмос, човечкото тело[67]."

Во останатиот дел од говорот од 1610 година, кралот продолжува да го искажува своето божествено право на кралевите. Како што Бог имал моќ да создава и уништува како што ќе посакал, да дава живот или да пресуди смрт, да ги осудува сите и да не биде осудуван или да е одговорен пред некого. Таква моќ имале и кралевите. Уште за време на парламентарната средба со кралот од март 1604 година, самите парламентарци биле вознемирени. Тие од новиот крал барале да ги реши проблемите оставени уште од периодот на Елизабета, но сега постоела опасност од тоа на кралот воопшто да не му е потребен парламентот. Однесувањето на кралот се препишува на неговото искуство како крал на Шкотска и односот со Шкотскиот парламент, кој во споредба со Англискиот ја немал истата моќ. Всушност, сега Џејмс се почувствувал дека неговите овластувања биле загрозени.

Група пратеници предводени од правникот сер Едвард Кук (1552–1734), верувале дека Англискиот устав и привилегиите на парламентот потекнуваат од Обичниот (common) закон кој се темели на обичај и преседан, а не од волјата на кралот. Овој закон постоел и пред кралевите и дека парламентот потекнувал од Витанот, советничкото тело кое ги избирало и советувало англосаксонските кралеви. Имено Обичниот закон и парламентот било дел од нешто што го нарекувале „Древен устав на Англија"[68].

Парламентот се обидел да се заштити себеси со тоа што го одбил барањето на кралот за обединување на Шкотска и на Англија во едно кралство, кое би било наречено Велика Британија.[69] Но, без разлика, Џејмс I од тој момент натаму си продолжил да се нарекува себеси „Највозвишениот и најсилен принц, Џејмс... крал на Британија"[70].

---

[67] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 158-160
[68] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 221.
[69] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 124.
[70] Крал на Британија – Џејмс VI и I не успеал да ги обедини двете кралства, меѓутоа продолжил во текот на целото негово владеење да се нарекува себеси крал на Велика Британија. Ова била чиста формалност и тој не ја држел таа титула официјално. (Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 122-160.)

Порадикалните членови од парламентот биле доста загрижени од овој предлог, убедени дека ќе ги изгубат своите привилегии напишале предлог до кралот наречен „Форма на извинување и задоволување“ („Form of Apology and Satisfaction“) кој гласел:

„Најискрено потврдуваме, прво, дека нашите привилегии и слободи се наше право и законито наследство, не помалку од нашите земјишта и имот. Второ, тие не можат да ни бидат одземени, одбиени или нарушени, а да не се стори очигледна неправда врз целата држава[71]“.

Овој документ никогаш формално не бил предаден на кралот, меѓутоа тој знаел што пишува таму. Сепак, треба да сме внимателни и да не ја преувеличиме спротивставеноста на кралот со парламентот во овој период затоа што постоела поголема соработка помеѓу двете страни откако Џејмс VI и I го признал правото на парламентот да ги регулира изборите на неговите членови. Така останало сѐ додека не дошло прашањето околу финансиите на кралот.



*Слика 1: Кралот Џејмс VI и I*[72]

[71] Исто, 136.
[72] Jenkins, *A Short History of England*, 176.

### 3.2. Економски и религиозни предизвици

Апсолутистичката тенденција на кралот и неговата желба да се реализира божественото право на кралевите го довело до судир со парламентот, кој сакал да си ги задржи своите права и привилегии. Овој однос го натерал кралот да размислува за владеење без парламент, меѓутоа како проблем повторно се појавиле финансиите на круната. Економијата на државата во тој период претставувала еден од главните проблеми, дополнително биле и религиозните тензии во државата кои останале нерешени од претходната власт, сето ова ја усложнила ситуацијата во кралството.

Штедливоста на Елизабета предизвикала да нема доволно средства за одржување на кралскиот двор, притоа било и период на голема инфлација (цената на житото се кренала шест пати и општо цените 4 до 5 пати), долготрајна стагнација во земјоделството (населението на Англија во тој период главно се занимавало со земјоделие) и глад[73]. Инфлацијата предизвикала сите проекти финансирани од страна на круната да чинат драстично повеќе, додека вредноста на кралската каса опаднала. Администрацијата наследена од Елизабета била неефикасна, со ниски плати и често склони кон примање мито, корупција и продажба на службена функција. Згора на тоа имало и проблем околу собирањето на данокот. Локалните државни претставници најчесто ја намалувале вредноста на имотот на нивните соседи, за да плаќаат понизок данок на круната и не секогаш го собирале тој данок[74].

Спротивно на Елизабета, која останала сама целиот свој живот, кралот со себе си го донел и своето семејство, што било знак на стабилност и радост за Англичаните. Меѓутоа, тоа значело и уште поголеми трошоци за одржување на кралското семејство. Џејмс I сакал раскошно да троши на себеси, на своите блиски пријатели и на дворјаните. Претходно, како крал на посиромашно кралство, Џејмс имал голем апетит, а Англија му била вистински голем залак. Состојбата дополнително била отежната од религиозните конфликти, како внатре во

---

[73] Hill, *The Century of Revolution*, 16-17.
[74] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 223.

кралството, така и низ Континентална Европа. Историчарите даваат различни информации во однос на наследениот долг од Елизабета. Роберт Бучолц и Њутон Ки наведуваат сума од 400 000 фунти, додека Кристофер Хил зборува за сума од 100 000 фунти. Оваа разлика најверојатно се должи на различниот начин на пресметување на долгот, првите двајца ја даваат целокупната задолженост на круната, а Хил го смета реалниот дефицит во момент на стапувањето на Џејмс на престолот. Овие факти се поткрепени во говорот на Сесил, грофот од Солсбери од 14 февруари 1610 година, во кој тој ги претставува пред парламентот кралските финансии, каде што вели: ,,Во ризницата на покојната кралица имало само 60 000 фунти, а редовните исплати за нејзините дворски слуги и обичните трошоци на квартално ниво биле речиси толку, нејзините долгови биле 400 000 фунти, а за нивно покривање немало собрано доволно средства од субсидии[75] и даноци, само 300 000[76].“

Раскошното живеење и трошењето на кралот предизвикале зголемување на долговите на круната. Трошоците на Елизабета за време на војна биле 300 000 фунти, додека Џејмс имал трошоци од 500 000 за време на мир. Затоа, ако за време на смртта на Елизабета трошоците на круната биле околу 400 000, во 1608 се искачиле на 600 000 фунти а во 1618 на 900 000 фунти. Ова претставувало најголемиот трошок во историјата на Англиската круна до тој момент. Елизабета за да си ги покрие долговите за време на војната со Шпанија морала да продаде кралско земјиште во вредност од 800 000 фунти, додека Џејмс морал да продаде кралско земјиште во вредност од 775 000 фунти за да си ги покриел своите долгови во време на мир. Сето ова значително ги намалило приходите на круната, што предизвикало уште поголема зависност од парламентот. Во однос на тоа, во 1623 година Џон Коук му напишал писмо на Бакингем во кое му вели дека „круната неизбежно ќе се намали и во чест и во моќ, додека другите стануваат големи“[77].

Кралот сега морал да бира дали да ги намали трошоците или да ги зголеми своите приходи. Ако намали на трошоците, нема да биде толку популарен и сакан

---

[75] Субсидии – посебен данок на имот одобрен од Парламент за собирање средства за кралот.
[76] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 156.
[77] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 223-224.; Hill, *The Century of Revolution*, 46-48.

од своите дворјани, многу од нив би ги загубиле работните места и пензиите кои биле загарантирани од кралот. Од друга страна, пак, зголемувањето на приходите би било возможно само со дозвола од парламентот. Ова изгледало потешко затоа што поголемиот дел од пратениците во парламентот биле против одобрувањето пари за кралот затоа што знаеле дека тие пари ќе завршат во џебовите на дворјаните. Дополнително, гледано од страната на кралот, доколку новите даноци се одобрат од парламентот, тој ќе стане повеќе зависен од нив. За решавање на овие проблеми бил назначен Роберт Сесил, грофот од Солсбери, кој во 1608 станал господар на ризницата (Lord Treasurer). Сесил ревносно работел на подобрување на кралските финансии. Во 1608 г. била воведена нова книга на царински такси, со која внимателно се преиспитале вредностите на одредени добра и воведување на царински такси за нови увозни стоки[78]. Во овој период надворешната трговија станувала сè поважна, а економската структура на земја сè посложена, увезувањето на нови луксузни добра од Истокот станувало поисплатливо. Сопствениците на имот во земјата сметале дека треба да имаат поголем удел врз економската политика на земјата. Од друга страна, Долниот дом не сакал кралот да стане финансиски независен од даноците кои парламентот ги одобрувал. Сметале дека доколку кралот си поставува царини како му одговараат ќе заработувал далеку повеќе од 70 000 фунти, колку што му noселе царините во 1608 година[79].

Сесил повторно се обидел со нова финансиска реформа. Во 1610 година го предложил „Големиот договор“ во кој стоело дека кралот ќе ги замени своите права на феудални давачки за вардшип (wardship)[80], рицарскиот данок (knightage) и присилна набавка (purveyance) за траен годишен данок од 200 000 фунти[81]. Иако имало можност да се спогодат, парламентот барал премногу концесии од кралот, особено во однос на царините, и преговорите се распаднале. Кралот го распуштил

---

[78] Hill, *The Century of Revolution*, 48.
[79] Исто, 48.
[80] Вардшип (wardship) – Во феудалниот систем ако наследникот е малолетен неговиот имот се ставал под старателство на феудалец (кралот или друг благородник), кој го управувал имотот додека наследникот стане полнолетен.
[81] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 169-171.

парламентот и договорот никогаш не бил склучен. Кралот почнал со продажбата на благороднички титули за да си ги покрие долговите.

Трошоците на кралот биле под релативна контрола сè до смртта на Сесил во 1612 г., а потоа немало некој доволно моќен да го контролира кралот и неговото трошење за подароци на своите омилени дворјани, од кои особено внимание посветувал на Џорџ Вилиерс (најверојатно љубовник на кралот), кој имал толку силно влијание врз кралот што во 1623 година ја добил титулата војводата на Бакингем. Вилиерс, кога се здобил со големо влијание, ја искористил позицијата за да го наполни кралскиот двор со своите роднини и пријатели. Кралот воопшто не бил дискретен кога станувало збор за Вилиерс. За време на средба со тајниот совет во 1617 година Џејмс изјавил:

„Христос го имал својот Јован, и јас го имам мојот Џорџ[82].“

Сето ова придонело парламентот уште помалку да сака да му дава пари на кралот. Во 1614 година, кралот го свикал „Бесплодниот парламент“ („Addled Parliament“), кој бил така наречен затоа што не постигнал никакви резултати[83].

Во 1621 г. долговите на кралот се искачиле до 1 милион фунти и немал веќе како да ги покрие. Повторно бил свикан парламент, истата година, овојпат за господар на ризницата бил поставен војводата Мидлсекс, кој бил толку ефикасен што речиси целосно ги елиминирал долговите на кралот. Овие мерки за штедење му пречеле на Бакингем, кој во 1624 г. успеал да го убеди Долниот дом да направи импичмент на Мидлсекс. Па, Џејмс можел да продолжи со своите раскошни трошоци врз милениците, но овие трошоци во 1624 година вклучувале и уште нешто далеку поскапо, а тоа била војната со Шпанија[84].

Кога зборуваме за религијата во Англија, во периодот на Стјуартите, таа претставувала една од најголемите закани за стабилноста на редот и поредокот во државата, таква била ситуацијата уште од времето на реформацијата. Сè поголемата омразата кон католицизмот и сè поголемото конвертирање во протестантизам

[82] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 227.
[83] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 114
[84] Исто, 115-116.

довело до тоа во 1603 година најголемиот дел од населението во државата да е протестантско[85]. Но, омразата кон католиците не застанала, а најревносни во тоа биле пуританците. Тие сметале дека реформацијата е еден континуиран процес кој не смее да запре. Во тој период католиците биле во мал број и не претставувале никаква закана за круната, тие само ги следеле учењата на Рим, но биле лојални на кралот. Впрочем, во периодот на владеењето на Џејмс католиците воопшто и не сакале да се вклучуваат во политичкиот живот, сакале да бидат оставени да си ја вршат богослужбата на мира. Но, ова станало невозможно поради религиозните тензии и избивањето на Триесетгодишната војна (1618–1648), која била од религиозен карактер[86].

Во Шкотска католичкото население било во релативно мал број. Најсилно религиозно тело таму бил Презвитеријанскиот[87] кирк. Тој бил воден од Општо собрание и Совет на старешини чиј авторитет се ширел од регионалните синоди до локалните поединечни парохии. Од друга страна, во Ирска населението било предоминантно католичко. Круната воспоставила протестантска црква на Ирска, но воопшто не се потрудила да проповеда на населението. Единствено Џејмс продолжил со политиката на Елизабета, односно давањето земја во Ирска на протестантски семејства која била оставена од прогонети паписти. Единствената разлика е што наместо Англичани, како во времето на кралицата, Џејмс населувал Шкоти презвитеријанци кои се населиле во Северна Ирска[88].

Џејмс бил израснат како презвитеријанец[89], но никогаш целосно не се согласувал со тоа учење затоа што оди против неговиот концепт на божественото право на кралеви и хиерархијата, па повеќе му се допаѓала Црквата на Англија, која сè уште ја почитувала црковната хиерархија. Но, во 1603 година, пуританците, кои не ги знаеле погледите на кралот и биле исфрустрирани од Елизабета, му ја предале Милениската петиција[90], која била потпишана од страна на илјада свештеници. Во

---

[85] Исто, 257.
[86] Hart-Davis, *History : From The Dawn Of Civilization To The Present Day,* 262-263
[87] Презвитеријанци – тие се протестантска христијанска деноминација која произлегла од калвинизмот и се заснова на учењата на Џон Нокс во Шкотска.
[88] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 235.
[89] Hill, *The Century of Revolution*, 9.
[90] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 261

неа тие барале укинување на одредени традиции како правењето на знакот на крстот при крштевањето, поголема слобода при употребата на свештеничката облека, повеќе проповеди во богослужбата и строго почитување на сабатата[91].

Џејмс свикал црковен собир на конзервативни и пуритански теолози во 1604 година[92]. Тој ветил умерени реформи и нов овластен превод на Библијата, што било сторено во 1611 година. Но, и строго бил против порадикални промени, вклучувајќи го и фактот што тој останува како врховен поглавар со декаларацијата „Нема епископ, нема крал[93]“. Според кралот, пуританските напади на црковната хиерархија биле и напади врз монархијата. По црковниот собир, Џејмс наредил сите радикални бискупи кои не се согласувале со одлуките на кралот да бидат избркани. До крајот на своето владеење соработувал само со умерени пуританци. Ова ги оставило радикалните изолирани, а останатите пуританци сѐ повеќе почнале да доминираат во црковната хиерархија.

Истата стратегија била применета и со католиците. Кралот бил толерантен со лојалните и со умерените, додека непријателски настроен кон радикалните. Пред да стапи на престолот им ветил на католиците дека нема да го „прогонува секој оној кој сака само мирно да живее и да дава само надворешна послушност на законот[94]“. Притоа кралот веднаш почнал да преговара со Шпанија за мир и тоа им ја кренало надежта на католиците, но веднаш ја изгубиле. Имено, Шпанија не побарала олеснување на законите кон католиците, а кралот за да им угоди на пуританците го обновил прогонот на католиците. Ова довело до католички заговор во првите години од владеењето на Џејмс.

Во 1605 година група на очајни католици го испланирале „Барутниот заговор“ (The Gunpowder Plot)[95]. Целта на заговорниците им била да го уништат кралот и двата дома во парламентот за време на отворањето на петти ноември.

---

[91] Сабата (Sabbath) – Во англискиот протестантизам, а особено кај пуританците се однесувал на неделата како свет ден, посветен на молитва, на одмор и на воздржување од секојдневните активности.
[92] Исто, 263.
[93] Hill, *The Century of Revolution*, 77.
[94] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 237.
[95] Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume I, 411.

Заговорниците ја изнајмиле подземната просторија на Горниот дом и ја наполниле со барут[96]. Целиот заговор се дознал откако еден од заговорниците го предупредил неговиот роднина Вилијам Паркер, а тој го пренел тоа на тајниот совет на кралот. Била извршена истрага и на четврти ноември бил фатен еден од заговорниците, Гај Фокс[97], како носи буриња со барут во подземната просторија. Овој настан бил совршен доказ за пуританската кауза против католиците. Многу години подоцна ќе се рашири традицијата на познатата англиска рима „Запомни, запомни го петти ноември" („Remember, Remember the 5th of November"), каде што било прославувано со огнови и црковни ѕвона. Сите што учествувале во заговорот биле фатени и погубени во 1606 година. Со новите закони против католиците ним им било забрането да живеат во Лондон, да учат право и да држат некоја позиција во државата. Меѓутоа, кралот бил доста умерен во применувањето на тие закони, а тоа го правел само кога требало да ги придобие пуританците[98]. Како резултат на тие промени, за време на владеењето на кралот Џејмс, католиците иако немале толеранција или признавање, сепак им било дозволено да си живеат и да проповедаат во мир.

---

[96] Заговорниците имале околу 4000 килограми барут складирано во буриња. (9000 pounds of Gunpowder), (Исто. 411).
[97] Исто, 412.
[98] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 236.

## 4. Чарлс I и Граѓанската војна (1625–1649)

Последните години од владеењето на Џејмс VI и I биле обележани со зголемени тензии помеѓу кралот и парламентот, проблеми со финансиите и неуспешни надворешнополитички потези. Како крал пацифист Џејмс успеал да ја спаси Англија од најкрвавиот дел од религиозните војни во Европа, Триесетгодишната војна (1618–1648). Конфликт во кој војувале најмоќните држави во Европа во тој период, Хабсбуршката Шпанија, Светата Римска Империја и нивните католички сојузници против Бурбонска Франција, протестантска Данска и Шведска и голем дел на држави од Северна Германија. Од една страна биле сите католички земји, а од другата страна речиси сите протестантски. Тоа што католичка Франција војувала против католичка Шпанија ни укажува на фактот дека покрај религиозна била и геополитичка војна помеѓу најмоќните држави во Европа во тој момент[99]. Џејмс се гледал себеси како европски миротворец и за таа цел имал план да ја искористи стратегијата на дипломатски бракови. Неговиот син Хенри да се ожени со шпанска принцеза, а неговата ќерка Елизабета (1596–1662) за Фридрих V (1596–1632) курфирстот[100] на Пфалц. Меѓутоа, плановите не му се исполниле. Хенри починал од тифус во 1612, додека бракот со Фридрих иако успешен донел несакани последици[101]. Имено протестантите во Бохемија ја отфрлиле власта на Хабсбуршкиот император и го признале Фридрих за нивен владетел, а тој прифатил[102]. Но никој не бил изненаден кога, Хабсбуршкиот император ги поразил протестантските војски и го истерал Фридрих од Пфалц[103]. Сите овие настани предизвикале голем притисок врз кралот. Сепак, била војна во која протестантите во Англија сакале да земат учество и да ја спасат реформацијата. Проблемот лежи во тоа што малкумина навистина разбирале колку таа војна би чинела. Парламентот, свикан во 1621 година, бил за време на длабок економски пад. Се јавила потреба од економски реформи и желба да се стави крај на монополите во државата. Кралот би се согласил на враќањето на Фридрих на престолот доколку

---

[99] Bonney, Richard. *The Thirty Years' War 1618–1648*. Oxford: Osprey Publishing, 2002. 18-19.
[100] Курфирст (Kurfurst)– претставувала титула носена од ограничен број на германски принцови кои имале право да гласаат за изборот на император на Светата Римска Империја.
[101] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 228.
[102] Hill, *The Century of Revolution*, 11.
[103] Bonney, *The Thirty Years' War 1618–1648*, 35.

има доволно средства за да ја финансира војската, но многумина во парламентот сакале да се оди и чекор подалеку, односно војна со католичка Шпанија. Ова пак се косело со желбите на Џејмс и Бакингем за потенцијален брак помеѓу шпанска принцеза и синот на кралот, Чарлс. Едноставно двајцата очекувале дека со опасноста од војна Шпанците лесно ќе ја прифатат понудата. Но, потенцијалниот брак со католичка принцеза ги разбудил старите протестантски страсти против католиците и ги потсетувало на времето од Мери и Филип II од Шпанија[104]. Кралот се спротивставил со аргументот дека парламентот нема право да одлучува за надворешната политика или пак како да се трошат парите кои тие ги изгласале[105]. Долниот дом одговорил со протестно писмо на 18 декември 1621 година во кое се вели:

„Слободите, привилегиите, правата и надлежностите на парламентот се древно и неоспорно родено право и наследство на поданиците на Англија; и тешките и итни прашања што се однесуваат на кралот, државата, одбраната на кралството и на Англиската црква, како и донесувањето и одржувањето на закони, и исправувањето на штети и на поплаки што секојдневно се појавуваат во кралството, се соодветни прашања за советување и расправа во парламентот[106].“

Како одговор на ова кралот го растурил парламентот. Во 1622 година Бакингем, и покрај протестите на Англичаните, повторно ги обновил преговорите со Шпанија за бракот. Шпанците биле заинтересирани, меѓутоа воопшто не сакале да го поддржат враќањето на Фридрих на престолот во Пфалц[107]. На Бакингем не му било дозволено дипломатски пристап во Шпанија, па тој добил идеја: принцот и Бакингем влегле во Шпанскиот кралски двор со лажни бради и со прекарите „Томас и Џон Смит“. Чарлс се прекачувал преку ѕидот во градината за да ја види својата идна жена. Сето тоа пропаднало, затоа што Шпанците одбиле да го поддржат Фридрих, а и се чувствувале засрамени од целиот овој настан[108]. Иако преговорите завршиле неуспешно Бакингем и Чарлс кога се вратиле во Англија

---

[104] Hill, *The Century of Revolution*, 57.
[105] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 193.
[106] Исто, 195.
[107] Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume I, 510.
[108] Исто, 513.

биле многу популарни меѓу протестантите затоа што не успеале да го склучат бракот, а Бакингем станал многу близок со престолонаследникот. Џејмс починал во март 1625 година, оставајќи го престолот на својот син Чарлс I (1625–1649)[109].

Новиот крал имал 25 години кога стапил на престолот. Ги имал квалитетите на монарх со божествено право, меѓутоа ја немал интелигенцијата на неговиот татко, ниту пак енергијата и популарноста на неговиот брат Хенри. Имал кралско достоинство и етикет иако бил со релативно низок раст. Во однос на бракот живеел моногамен живот, во споредба со неговиот татко[110]. Чарлс бил многу образован и голем поддржувач на културата и на уметноста. За време на неговото владеење, во палатата Вајтхол била создадена најголемата збирка на уметнички дела што ја поседувал еден владетел во раните периоди на модерна Европа. На негово барање истакнатите уметници Рубенс и Ван Дајк дошле во Англија за да создаваат уметнички дела за Стјуартите, а овие портрети на кралското семејство од Ван Дајк се едни од најголеми постигнувања на западната уметност и претставуваат извонреден пример за кралска пропаганда, префинета елеганција и изразен авторитет на монархот[111]. Чарлс можеби изгледал како достоинствен и софистициран крал, но зад таа слика се криел еден тврдоглав и повлечен владетел. Бил срамежлив, пелтечел, ретко прифаќал совети, не комуницирал доволно и не успеал да се доближи до обичниот човек. Одлуките ги носел сам, не се консултирал со никого и го нагласувал своето божествено право. Барал апсолутна послушност. Несогласувањето го сметал за нелојалност, а компромисот за слабост. Ако дворот му бил поелегантен, бил и поизолиран од јавноста[112]. Сите овие квалитети се добри за апсолутен монарх, меѓутоа тие негови квалитети се судриле со парламентот и со неговите права и привилегии.

---

[109] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 230.
[110] Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume I, 537.
[111] McKay et al., *A History of Western Society: Volume B*, 544.
[112] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 232.



*Слика 2: Чарлс I, Ван Дајк 1635*[113]

## 4.1. Политички и економски конфликти со парламентот

Бакингам го гледал неуспехот од преговорите со Шпанија како навреда за честа на Англија, а дополнително сметал дека Шпанците ќе го задржат Пфалц и повикувал на војна. Овие проблеми биле поставени пред парламентот во 1624 година, додека стариот крал сеуште бил жив. Парламентот од друга страна се покажал особено расположен да го прифати предлогот откако Џејмс ветил дека ќе формира комисија која ќе води сметка за тоа како се трошат државните средства[114]. Со ова, парламентот започнал директно да се меша во тоа како кралот ги трошел парите кои му ги изгласал. Недовербата помеѓу кралот и парламентот станувала сè подлабока, а Бакингем не успеал да обезбеди ни половина од парите кои ги барал за војната[115]. Пацифизмот на Џејмс бил на место во тој момент, затоа што Чарлс не бил способен воен лидер, а Бакингем не бил воопшто способен како воен министер. Резултатот од сето тоа била уште една скапа авантура која не вродила со плод. Војниците и морнарите постојано се жалеле за лошите услови, лошиот квалитет на храна, застарените бродови и сл. Додека пак населението постојано се жалело за

[113] McKay et al., *A History of Western Society: Volume B*, 544.
[114] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 203.
[115] Hill, *The Century of Revolution*, 58.

високите даноци, воената состојба и сместувањето и хранењето на војниците. Во 1625 година војската го чинела кралот еден милион фунти годишно, а парламентот одобрил само една петтина од тие средства[116].

Вината за катастрофалните резултати паднала врз Бакингем. Во 1626 година парламентот побарал негов импичмент[117]. Чарлс застанал во заштита на неговиот пријател и ја презел вината за војната. Ова претставува уште еден проблем затоа што до овој момент кралевите „не грешеле“, а вината за неуспехот секогаш паѓала на министрите. Втората грешка на кралот била тоа што го распуштил парламентот и ги затворил сите тие кои побарале импичмент на Бакингем[118]. Таа одлука можеби го спречило падот на Бакингем, но исто така спречило и одобрување на какви било финансии за војската и за морнарицата.

Состојбата не се подобрила, туку напротив станала уште полоша. Во 1626 г. администрацијата на Бакингем започнала војна со Франција поради правата за пловење и трговија по море, лошиот третман на Хугенотите[119] и незадоволството поради слабата поддршка на Франција во војната против Шпанија. Со овој акт Англија сега била во војна со двете најмоќни европски држави. Резултатот од војната секако бил катастрофален, а завршил само со неуспешен напад врз францускиот остров Ре (Isle of Re)[120]. Парламентот кој се состанал во 1628 година стравувал дека доколку ги одобрат парите за кралот, тој ќе ги искористи војските против нив. За да се гарантираат нивните права и привилегии тие се согласиле дека нема да одобруваат парични средства сè додека кралот не се согласи на Петицијата на правото (Petition of Right)[121]. Петицијата содржела четири главни точки: Ниту еден човек отсега да не биде присилен да даде или одобри никаков подарок, заем, доброволен прилог, данок или сличен намет без заедничка согласност преку акт на парламентот, ниту пак некој слободен човек да биде задржан во затвор без прикажана причина, војници и морнари да не се сместуваат присилно по домовите

---

[116] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 232.
[117] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 217.
[118] Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume I, 552-553.
[119] Хугеноти – Француски протестанти кои биле прогонувани во XVI и во XVII век.
[120] Исто, 562-564.
[121] Hill, *The Century of Revolution*, 52.

на луѓето без нивна согласност и сите наредби за постапувањето според воена состојба да бидат укинати и никогаш повторно издадени[122].

Чарлс со цел да го спаси Бакингем и да ги обезбеди потребните средства се согласил на барањата на парламентот. Но, веднаш штом кралот се согласил, парламентот на дневен ред го поставил импичментот на Бакингем. Ова резултирало со повторно распуштање на Парламантот од страна на кралот. Сепак, имало крајна граница на заштитата која можел да ја пружи Чарлс за Бакингем. Имено, бил извршено атентат врз војводата истата година од страна на огорчен офицер по име Џон Фелтон[123]. Овој чин го оддалечил Чарлс од парламентот и неговите поданици и го создал впечатокот дека сега кралот за совет ќе се сврти кон неговата нова католичка жена, кралицата Хенриета Марија[124].

### 4.2. Религиозни тензии: Англиканизмот, католицизмот и пуританците

За време на владеењето на Џејмс била формирана група на свештеници кои биле под силно влијание на холандскиот теолог Јакоб Аминиј (1560–1609). Тој ја оспорил калвинистичката доктрина за предодреденост (predestination)[125]. Тврдел дека Божјиот суд може да биде под влијание на човечката слободна волја и дека спасението не зависи исклучиво од божја волја, туку може делумно да се постигне и преку верата и добрите дела. Ова ја нагласувало важноста на добрите дела, религиозните обреди и светоста на свештенството која била неопходна за нивно извршување[126], со други зборови, посилна улога на епископите. Тоа им било привлечно на конзервативните пуританци, меѓутоа на порадикалните им изгледало како католички верувања и обреди. Тука воопшто не помогнал фактот што Арминиј ја сметал црквата во Рим како мајката црква на сите христијански

[122] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 236-238.
[123] Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume I, 583.
[124] Hill, *The Century of Revolution*, 11.
[125] Предодреденост – Бог веќе одлучил кој ќе оди во рајот и кој е осуден да оди во пеколот уште пред човекот да се роди или да направи нешто добро или лошо. Ова претставува основната идеја на Калвинизмот, чиј основач е теологот Џон Калвин (1509–1564). (McKay et al., *A History of Western Society: Volume B*, 464.)
[126] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 237.

деноминации, која тргнала по грешниот пат. Членовите на Англиканската црква побарале тој да се цензурира и да се спречи во ширењето на идејата.

Кога Чарлс стапил на престолот, тој ги прифатил идеите на Арминиј бидејќи тоа што свештениците биле свети битија одело рака под рака со божественоста на монархот, а со тоа тој можел да ги брани посебните овластувања и божественоста на кралевите. Ова предизвикало кралот да поставува следбеници на оваа идеја на позиција на моќ, како што било со Вилијам Лод (1573–1645), кој станал архиепископ на Кентербери во 1633 година[127]. Ова го алармирало пуританското и калвинистичкото свештенство. Во 1629 година, членови на Долниот дом формирале комитет кој имал за цел да го осуди ширењето на арминијанското учење и влијание. Чарлс ги отфрлил барањата на комисијата и застанал зад Вилијам Лод[128]. Ова претставувало отстапување од политиката на компромис што ја применувал неговиот татко.

Лод наредил сите олтари да се преместат на источната страна на црквите, а со тоа се обновил католичкиот начин на ориентација на олтарот. Покрај тоа биле воведни и други мерки, како задолжителното носење на свештеничката облека, задолжително извршување на целосната литургија од книгата за заедничка молитва, било забрането проповедање од страна на нелиценцирани свештеници и др. Според Лод овие мерки претставувале враќање кон „убавината на светоста“ на црквата[129]. Ова предизвикало обнова на силниот антиклерикализам. Пуританците се почувствувале дека црквата се вртела против нив и реформацијата. Населението сè повеќе гледало на реформите од Лод како враќање на периодот на последниот католички владетел и арминијанството го гледале како католицизам, а тоа во комбинација со апсолтистичките тенденции на кралот, нагласувањето за потребата од повеќе пари и војска го убедило населението дека има обид за враќањето кон Рим. Најдобар пример за ова била католичката жена на кралот. Имено, во 1625 година, Чарлс се оженил со ќерката на Хенри VI, Хенриета Марија. Нешто што

---

[127] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 260.
[128] Lacey, *Great Tales from English History*, 81.
[129] Hill, *The Century of Revolution*, 82.

имало смисла во тој период затоа што Англија била во војна со Шпанија, меѓутоа веќе знаеме дека војводата од Бакингем успеал да го саботира тој сојуз со тоа што подоцна ѝ објавил војна на Франција. Населението воопшто не ја сакало новата кралица, сметало дека таа е тука за да воспостави папски заговор и да го „помати“ умот на кралот за да се оттргне од протестантизмот. А, згора на тоа, како француска принцеза и англиска кралица имала право да си избира католици како дворски слуги. Во брачниот договор било ставено дека кралицата смее да ја практикува религијата согласно својата вера, а ова значело дека треба да има католичка капела со католички клер во неа и сето тоа било во „срцето“ на Англија. Разбирливо се јавила загриженост за тоа во која вера ќе бидат воспитани децата на кралот. Имено, папата ја одобрил венчавката со Чарлс и Марија под услов кралицата да ги воспита своите деца како католици, за во иднина кралот и неговото кралство да се вратат на вистинската вера[130].

Според мислењето на историчарите Роберт Шулц и Њутон Ки за да го разбереме стравот на тогашното англиско протестантско население, најдобро е да го споредиме со стравот на Американците од комунизмот во XX век. На пример, за време на Студената војна, тоа е исто како првата дама на САД, Џеклин Кенеди, јавно да се изјасни дека е член на Комунистичката партија и дека поседува членска книшка[131]. Стравот кај англиското население бил уште поголем, кралицата многу влијаела врз кралот, во дворецот имало католици симпатизери и таа го подготвувала патот за католичко преземање на кралството, а најлошо било обвинението дека кралот можеби тајно е католик. Ова, се разбира, не би можело да е подалеку од вистина, кралот бил израснат како протестант и тој инсистирал неговите деца да бидат воспитани како протестанти, додека пак архиепископот на Кентербери ја одбил кардиналската капа од папата. Едноставно, кралот не ги сметал католиците за закана кон неговото владеење и затоа не почувствувал потреба да ги прогонува, а радикалните пуританци ги гледал како опасни и револуционерни. Проблемот бил што мислењето на кралот било изолирано само на

---

[130] Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume I, 540-541.
[131] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 238.

тајниот совет, па поголемиот дел од неговите поданици сѐ подлабоко се сомневале во католиците. Со тоа кризата околу религијата се продлабочила.

Кулминацијата настанала во парламентот во 1629 година, кога на кралот повторно му требале пари. Овојпат расправијата помеѓу кралот и парламентот била околу царините (impositions). Долниот дом изгласал за поддршка на трговците кои одбивале да ги платат царините и го осудиле Арменијското свештенство[132]. Во тој момент кралот одлучил дека е доста и побарал од спикерот да прогласи прекин на состанокот, што било интерпретирано од многумина како чекор до распуштање на парламентот. Во тој момент еден од повлијателните пратеници Џон Елиот станал и почнал да цитира резолуции. Спикерот на парламентот Џон Финч се обидел да го прекине, но бил спречен од други членови на парламентот. Настанал сеопшт хаос. За целиот тој период пратениците успеале да изгласаат три резолуции: секој што ги плаќа овие царини, секој што воведува иновации во верата и секој што го советува кралот да ги воведе овие мерки е непријател на кралството и на Комонвелтот[133]. Ова го означило почетокот на длабока политичка и религиозна криза чии последици се почувствувале и надвор од Лондон, низ цела Англија, Шкотска и Ирска. На 10 март 1629 кралот го распуштил парламентот. Во говорот пред парламентот тој вели:

„Господа, никогаш не сум дошол овде по понепријатна причина, а тоа е распуштањето на парламентот[134].“

### 4.3. Граѓанската војна: Причини, тек и исход

По драматичните настани во 1629 г. кралот Чарлс I не го повикал собранието во наредните 11 години[135]. Ова претставува периодот на личното владеење на кралот. Најголемиот проблем за него во овој период бил истиот со сите останати Стјуарти, немањето пари. За да го реши овој проблем, кралот морал да намали на трошоците и да си ги зголеми приходите. Започнал темелна реформа на судството

---

[132] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 252.
[133] Исто, 254.
[134] Исто, 256.
[135] Pollard, A.F. The History of England: A Study in Political Evolution. London: Williams and Norgate, 1912, 44.

и државната управа. Биле укинати бескорисните државни функции, а надоместоците биле заменети за фиксни плати. Тајниот совет воспоставил постојани комитети за Ирска, за локалната војска и за трговијата. Изведбите на дворски спектакли и набавката на уметнички дела биле значително ограничени[136]. Најважен при кратењето на трошоците бил постигнатиот мир со Шпанија и Франција со што му се овозможило да ја распушти војската, која била скапа за одржување[137].

Населението и елитата не биле среќни со овие одлуки. Во нивни очи тоа претставувало прекин на поддршката за реформацијата на континентот. Чарлс не застанал тука. Спротивно на одлуката на парламентот од 1629 година, тој ги зголемил давачките за увоз. Сè повеќе се чувствувал стравот дека кралот сака да ги отстрани правата и привилегиите на своите поданици. Потоа почнал да продава монополи и да издава владини услуги на секој што можел да понуди брзи пари. Неговата администрација почнала поредовно да ги собира казните за непочитување на црковните закони, им наредил на своите државни службеници да ги прочешлаат законите за да најдат некој стар закон кој сè уште бил во сила, но не бил применуван. На тој начин биле обновени казните за одбивање на повикот за станување витез, незаконското оградување на земјиштето, ловењето и градењето во кралските шуми како и наследството од вдовици и старателство[138]. Сите казни биле во паричен надомест за круната. Меѓутоа, ниту еден од даноците и казните не бил толку омразен како Законот за „данок на бродови“ (Ship money)[139]. Со овој данок кралот успеал да си ја финансира морнарицата од парите на некои крајбрежни градови и општини.

Сите овие даноци успеале да ја стабилизираат кралската каса, приходите на кралот постигнале речиси еден милион фунти и како резултат на тоа кралот можел да си ги стабилизира долговите. Многу благородници сметале дека кралот го прекршувал законот и дека нема право да го конфискува имотот на Англичанецот

---

[136] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 240.
[137] Leopold von Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume II. Oxford: Clarendon Press, 1875, 6-12.
[138] Hill, *The Century of Revolution*, 54.
[139] Исто, 54.

без негова дозвола. Во таква атмосфера бил и случајот со богатиот земјопоседник Џон Хамден од 1637 година[140]. Тој одбил да го плати данокот за царина на бродовите чија вредност била една фунта, затоа што било данок кој не бил одобрен од парламентот. На тоа кралот одговорил дека тој има право да го суспендира законот и да собира даноци кога е вонредна состојба во државата. Хамден одговорил со фактот дека веќе не е воена состојба и кралот нема право да го суспендира законот. Судиите кои биле рачно избрани од круната изгласале во интерес на кралот, пет од дванаесет судии гласале за Хамден[141]. Кога била прочитана пресудата, венецијанскиот амбасадор забележал дека „ова значело кралски апсолутизам и крај на парламентите[142]". Речиси сите сопственици на имот во земјата биле обединети против Законот за царини на бродовите.

Одбивањето да се платат даноците бил само еден од проблемите со кој се соочувал Чарлс. Стјуартите немале голем и ефикасен бирократски систем со кој би ја администрирале државата, туку целосно се потпирале на добрата волја и соработка на аристократијата која служела како нивни локални управители (lord lieutenant), локални судии (Justice of the peace) и шерифи. Но ова почнало да се распаѓа бидејќи сè повеќе земјопоседници давале отпор на тајниот совет на кралот. Тие одбивале да ги плаќаат даноците и воопшто да ги собираат од своите пријатели и од соседите. Веќе во 1640 година кралот бил во неизвесна положба. Иако успеал да ги стабилизира долговите на круната, сепак само една криза била потребна за повторно да мора да свика парламент за да бара пари. Во периодот на личното владеење на кралот проблемите со парите, нерешеното религиозно прашање и опасноста од војна кулминирале со кризата во Шкотска.

Џејмс откако стапил на престолот во Англија, ретко ја посетувал Шкотска, а исто така било и со Чарлс. По неуспехот на Актот на Унијата помеѓу Шкотска и Англија, Џејмс користејќи го своето долгогодишно влијание како крал на Шкотска, успеал да ги стави под контрола клановите и да го натера Шкотскиот кирк да го признае авторитетот на обновениот шкотски епископат. Неговата конечна цел била

[140] Исто 55.
[141] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 387-389.
[142] Исто, 377.

да ги неутрализира радикалните презвитеријанци и да го усогласи Шкотскиот кирк со Англиканската црква. Џејмс знаел дека тоа ќе се постигне само со пријателски преговори и убедувања, но тоа не било случај и со неговиот син. Чарлс очекувал послушност од своите шкотски поданици, дури и кога станувало збор за прашањата поврзани со религијата. Во 1636 година круната ги наметнала своите црковни церемонии кои веќе се применувале во Англија, а во 1637 г., кралот наредил англиска верзија на „Книгата за заедничка молитва“ да се користи низ територијата на Шкотска[143]. Сето ова било сторено без да се консултира со Шкотскиот таен совет, парламентот или со Презвитеријанскиот кирк. Чарлс сметал дека лесно може да ги спроведе овие мерки, затоа што Шкотска била посиромашна и традиционално поделена за разлика од Англија. Но, за негова несреќа, тоа успеало сите да ги обедини. Во февруари 1638 година, претставници на речиси сите важни институции во Шкотска го потпишале Народниот завет со цел да се спротивставаат на религиозната политика на кралот. Заветот воспоставил дека само Шкотскиот парламент и Презвитеријанското собрание можат да донесуваат религиозни одлуки во Шкотска[144]. Епископатот во Шкотска бил укинат.

Чарлс ова го гледал како знак на востание. Во 1639 година започнала првата Бискупска војна[145]. Кралот ја повикал армијата, но истото го направиле и Шкотите. Тој се надевал дека традиционалната омраза помеѓу Англичаните и Шкотите ќе му донесе победа, но во овој момент Англичаните биле повеќе против реформите на кралот отколку што биле против самите Шкоти[146]. Кралот ја загубил секоја причина за да се судри со шкотската војска, зашто резултатот би бил нерешителен или уште полошо, поразителен за него бидејќи голем дел од Англичаните воделе тајни преговори со Шкотите. Никој не сакал да убива протестанти, па Чарлс немал друг избор освен да се повлече и да склучи примирје со договорот од Бервик во јуни 1639 г[147].

---

143 Hill, *The Century of Revolution*, 11.
144 Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 342-344.
145 Исто, 345.
146 McKay et al., *A History of Western Society: Volume B*, 545.
147 Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume II, 135.

Круната веќе во 1640 г. била на раб на банкрот, а востанички војски дивееле во Северното Кралство. Чарлс го свикал парламентот[148]. По 11 години, тие секако воопшто немале намера да му дадат пари на кралот за да војува против Шкотите, а особено бидејќи стравувале дека истата таа армија подоцна ќе биде искористена и против нив. Чарлс кога увидел дека нема да го добие тоа што го сака, повторно го распуштил парламентот. Во историјата овој парламент се нарекува и Краткиот парламент (Short Parliament)[149]. Кон средината на 1640 г., редот во државата почнал да се распаѓа. Имало штрајкови во Лондон, а шкотската војска тргнала кон југ. Чарлс немајќи решение, побарал помош од Ирскиот парламент. Со тоа започнала втората Бискупска војна, но и таа траела кратко. Имено, кралската војска била поразена од Шкотите и кралот бил принуден да го потпише договорот од Рипон[150]. Со тој договор Чарлс морал да им плаќа на Шкотите 850 фунти дневно додека не се донесе трајно решение на проблемот[151]. Сега кралот морал, сакал или не, да го свика и да го послуша парламентот.

За првпат во историјата на Англија имало вистински натпревар во парламентарните избори. Главно се натпреварувале две струи. Едните кои не се согласувале со одлуките на кралот, но сè уште го гледале како божји претставник на земјата. Тие сметале дека е нивна работа како добри христијани да ги одобрат парите за војската и очекувале дека со добра волја кралот ќе биде разумен по војната и ќе ги послуша. Другите, исто така го признавале авторитетот на кралот, меѓутоа многу биле огорчени по неговото единаесетгодишно самостојно владеење. Тие воделе кампања врз платформата на заштита на уставното право на парламентот, имотот на Англичанецот и протестантизмот на Англиканската црква. Сите овие тензии произлегле во изборите од 1640 година. На крајот критичарите на кралот победиле на изборите и сите се согласиле дека проблемот во земјата била кралската политика. Овој парламент кој за првпат заседавал на 3 ноември 1640 г., во историјата е познат како Долгиот парламент[152].

---

148 Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 841
149 Hill, *The Century of Revolution*, 13.
150 Исто, 14.
151 Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 489-490.
152 Исто, 853.

Меѓу првите одлуки на новиот парламент било апсењето на еден од најмоќните советници на кралот и архитектот на политиката на апсолутизмот во периодот на личното владеење на кралот, Томас Бендворт, грофот од Страфорд. Тој бил погубен во мај 1641 година, преку актот за осуда без судска постапка (Act of Attainder)[153]. Долгорочната цел им била да ја ограничат моќта на кралот за да не се повтори неговото лично владеење без парламентот, па затоа бил донесен закон со кој не смеело парламентот да биде одложен или распуштен без негова согласност. Покрај овие закони бил донесен и „Тригодишниот закон" („Triennial Act") кој го обврзува кралот да свикува парламент на секои три години[154]. Била нападната целата фискална програма од периодот на лично владеење, биле укинати присилните царини, монополите, данокот на бродови, присилно доделување витешки титули (distraint of knighthood) и повторно воведување на шумскиот закон. Тие ја потврдиле и незаконитоста на оданочување без согласност од парламентот. Следно било прашањето околу реформите во црквата со кои биле укинати црковните судови и апаратусот за цензура, кој заедно со судовите под посебни овластувања овозможувале кралската или епископската волја длабоко да навлегува во приватниот живот на Англичаните. Парламентот исто така ги укинал и судовите кои функционирале со посебни кралски овластувања[155]. Биле укинати судовите на Ѕвездената комора (Star Chamber), Високата комисија (High commission), Судот за жалби (Requests) и Советот за Велс и Северна Англија (Concil of Wales and the North)[156]. Иако ова директно го напаѓало владеењето на кралот, тој морал да прифати затоа што ситуацијата станувала критична.

Во октомври 1641 г., во Ирска избило католичко востание против протестантската власт[157]. Ова востание започнало со масакар на околу четири илјади протестанти, но додека да дојде веста во Лондон, се рашириле гласини дека биле убиени над 200 000[158]. Ова ги алармирало сите. Парламентот не сакал командата на војската да ја даде на ројалист, кој понатаму можел да се сврти против

[153] Hill, *The Century of Revolution*, 109.
[154] McKay et al., *A History of Western Society: Volume B*, 545.
[155] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 853-860.
[156] Hill, *The Century of Revolution*, 110.
[157] McKay et al., *A History of Western Society: Volume B*, 546.
[158] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 248.

нив. Недовербата била многу силна, колку парламентот станувал порадикален со своите барања, толку неговите членови биле сѐ пораздинети. Во целата таа паника бил изгласан документот познат како „Големата ремонстрација" („Grand Remonstrance")[159]. Со 159 гласови за и 148 гласови против, таа претставувала листа од 204 обвиненија против кралот Чарлс I[160]. Гласовите кои биле против подоцна го формирале јадрото наројалистичкиот блок. Коалицијата на еден од највлијателните членови и критичари на кралот во парламентот Џон Пим почнала да се распаѓа. Кралот наредил војската да ги уапси Пим, Хампден и други влијателни пратеници во парламентот. Започнала масовна поддршка за тие пратеници, ситуацијата ескалирала, кралот изгубил контрола врз Лондон и го напуштил градот. Двете страни почнале да се вооружуваат. Конечно на 22 август 1642 година, Чарлс го кренал своето знаме во Нотингем, што претставувало сигнал за почетокот на Граѓанската војна[161].

Во 1640 г. речиси сите во парламентот биле обединети, но како што одлуките станувале сѐ порадикални така и парламентот станувал сѐ поподелен. Кога кралот го напуштил Лондон, со него заминале и 236 пратеници, а во градот останале само 302[162]. Сите се согласувале дека кралот претерал, но сега сметале и дека Пим отишол и подалеку од него. Главни поддржувачи на кралот биле делот од благородништвото и елитата кои стоеле зад традиционалните вредности, знаеле дека тие вредност се несовршени, но сепак сметале дека се во најголем интерес за нив и за народот. Овие луѓе станале познати какоројалистите или кавалиери (Cavaliers)[163]. На спротивната страна биле делот од благородништвото и елитата кои сметаат дека треба да се воспостави рамнотежа помеѓу кралската власт и парламентот. Малкумина вистински сакале да го отстранат кралот и да воспостават република, голем дел сметале дека сето ова било папски заговор и дека треба да го заштитат кралот од советниците кои би довеле до враќање на папизмот во земјата.

---

159 Исто 246.
160 Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 659-676.
161 Bucholz and Key, *Early Modern England*, 249.
162 Исто, 250.
163 Кавалиери (Cavaliers) – значело „витешки офицер" (Hill, *The Century of Revolution*, 121.)

Овие луѓе станале познати како парламентарци или Роундхедс (Roundheads)[164]. Но било потребно повеќе од 538 луѓе за да настане војна. Поголемиот дел од англиското население не ја гледало војната како своја и постојано ја менувало страната во зависност од тоа која војска била во регионот. Тие повеќе биле загрижени да не го загубат имотот, отколку за војната. Меѓутоа, како што течела војната, сакало или не, населението морало да бира страна[165]. Религијата била значаен фактор при бирањето на страната во конфликтот. Пуританците биле на страната на парламентот, а тие што ги следеле учењата на Лауд и ја поддржувале конзервативната литургија станувале ројалисти, католиците се труделе да стојат настрана од конфликтот[166]. На почетокот кралот ја имал предноста со тоа што имал добри офицери и војската имала повеќе искуство, но, долгорочно гледано, парламентот ја имал предноста. Тој го контролирал богатиот југоисточен дел од државата и градот Лондон кој, освен што бил економскиот центар на земјата, имал и значителна популација. Парламентот ги имал парите, бил способен постојано да создава нова војска и да ја плаќа. Во јули 1642 година големиот дел од морнарицата, платена и финансирана од даноците за бродови на Чарлс, застанала на страна на парламентот[167]. Тоа значело дека кралот не можел да се надева на помош однадвор. Меѓутоа, на почетокот исходот од војната сѐ уште бил неизвесен.

Во 1642 година, кралот сѐ уште ја имал предноста. Имено, на 23 октомври, предводникот на парламентарната војска, војводата Ферфекс, се судрил со кралската војска предводена од принцот Руперт, кај местото Еџхил, северно од Оксфорд[168]. Со ефикасно користење на коњаницата Руперт успеал да ги разбие парламентарците, но не успеал одлучувачки да ги порази, битката завршила нерешено. Но, крајниот резултат бил тоа што регионот Западен Мидландс (West Midlands) сега бил во рацете на ројалистите и патот до Лондон бил отворен.

[164] Роундхедс (Roundheads) – значело кратко потстрижен граѓанин и претставувало навредлив термин за време на Граѓанската војна затоа што парламентарците имале кратка коса во споредба со долгата и виткана коса на кавалиерите и тоа им ја правело главата да им изгледа заоблено. (Исто, 121.)
[165] Исто, 122-123.
[166] Peter Clark, ed., *The Cambridge Urban History of Britain: Volume II*. Cambridge: Cambridge University Press, 2008. 250-253.
[167] Austin Woolrych, *Britain in Revolution: 1625–1660*. New York: Oxford University Press, 2002. 225.
[168] Исто, 239.

Кралската војска тргнала кон градот каде што била пречекана од војската на парламентот и вооружените лондонски групи кои успеале да ги спречат ројалистите да го земат самиот град. Чарлс се повлекол во Оксфорд, кој станал центар за кралот во периодот на целата Граѓанска војна[169].

Исходот од битка кај Еџхил им ставил до знаење на сите дека оваа војна ќе трае долго, а плаќањето на војската и нејзино опремување чинело многу. Парламентот во однос на финансиите бил поефикасен, благодарение на раководството на Џон Пим. За да се снабдат со војска вовеле принудна регрутација на војници. Снабдувањето и опремувањето на тие војници било обезбедено со ред финансиски реформи, притоа парламентот одобрил секвестар на имотот на ројалистите, задолжителни неделни проценки по окрузите, продолжение на царините и воведување на нов данок на акциза (денес данок на промет) врз неопходни и популарни добра, како пиво, сол, тутун и друго[170]. Овие реформи краткорочно обезбедиле пари, но долгорочно ги удриле темелите на британскиот даночен систем за наредните 200 години[171]. Секако овие реформи на парламентот не биле пречекани со радост од страна на населението. Данокот на акциза бил особено омразен, голем дел од даноците биле сметани за нелегални и прекумерни, дури и споредени со периодот на самовластието на кралот. Од друга страна, кралот таму каде што имал слаба контрола се потпирал на традиционалните институции како финансиската управа (Exchequer) и локални проценки на имот. Но, како војната се влошувала за неговата страна, офицерите прибегнувале кон грабежи и наметнување за слободен престој во домовите на населението.

Без разлика на финансиската предност на парламентот, во 1643 година победата била на страна на кралот и на ројалистите, кои по серија победи успеале да го земат Бристол. Тоа претставувало клучно за кралот, затоа што сега можел да комуницира и да побара помош од Ирците. Тој тајно преговарал со католичките конфедерати од Килкени и им ветил религиска толеранција и дозвола католички

[169] Jenkins, *A Short History of England*, 142.
[170] Woolrych, *Britain in Revolution,* 276.
[171] Bucholz and Key, *Early Modern England,* 254.

бискупи да бидат дел од Ирскиот горен дом (house of lords)[172]. Ова ќе има сериозни импликации за кралот и ќе го дискредитира пред неговите протестантски поданици, откако во 1645 парламентот ќе дојде до тие документи[173]. Меѓутоа, и парламентот повторно благодарение на Пим, кој во средината од 1643 г. умрел од рак, успеал да го формира „Солемниот сојуз и завет“ („Solemn League and Covenant“) со Шкотите, чија војска била најискусна[174]. Во договорот стои дека Шкотите се обврзуваат дека ќе му помогнат на Англискиот парламент доколку тој се согласи дека ќе воспостави унифицирано презвитеријанско црковно уредување во трите кралства[175]. Дополнително, за одржување на Шкотската армија, биле плаќани околу 30 000 фунти месечно[176]. Договорот бил склучен.

Во 1644 г., Шкотската армија тргнала јужно и претставувала закана за кралот. Принцот Руперт заминал со војската да им помогне на ројалистите во Јорк и на 2 јули 1644 г. ја пресретнал обединетата Шкотска и парламентарна војска[177]. Следувала битката кај Марстон Мур, која била најкрвавата во целата војна. Победата била на страна на парламентот, благодарение на коњаничкиот напад на тогаш уште непознатиот офицер од Хантингдон, Оливер Кромвел. Загинале околу 4 000 кавалиери. Кромвел изјавил „Бог ги направи како слама пред нашите мечеви“[178].

Битката кај Марстон Мур била голема победа за парламентарците, но не била решавачка. Парламентот како да немал конечна цел во конфликтот. Поради тоа коалицијата на парламентарците почнала да има несогласувања околу воените цели. Кромвел го обвинувал Едвард Монтаху, војводата од Манчестер затоа што не бил енергичен во гонењето на кралската војска. Војводата од Манчестер му одговорил:

---

172 Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 598-599.
173 Woolrych, *Britain in Revolution,* 140.
174 Исто, 271.
175 Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 582-584.
176 Bucholz and Key, *Early Modern England*, 255.
177 Hill, *The Century of Revolution*, 111.
178 Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 523-524.

„Дури и да го победиме кралот 99 пати, тој сепак останува крал, и такви ќе бидат неговите потомци по него. Но, ако тој нè победи нас еднаш, сите ќе бидеме обесени, а нашите потомци ќе станат робови[179].“

Кромвел одговорил: „Ако е тоа така, зошто тогаш воопшто се кренавме на војна? Тоа значи дека отсега никогаш повеќе не треба да се бориме. Ако е така, тогаш ајде да склучиме мир, колку и да е понижувачки[180].“

Оваа размена е јасен пример како парламентарците сè повеќе станувале поделени на тие што се бореле за да го вратат кралот на преговарачката маса и тие кои сакаат да го поразат кралот и потоа да преговараат со него. Првата група ја сочинувале парламентарните презвитеријанци, составена од умерени пуританци кои сакале мирно решение и биле поблиски со Шкотите по верски поглед. Втората група биле независните, составена од радикалните пуританци кои не сакале компромис со кралот и посакувале поголема верска толеранција[181].

Шкотите привремено го решавале проблемот на парламентот, но биле скапи за одржување. Дополнително независните биле против англиска верзија од Шкотскиот кирк. Затоа парламентот ја донел „Одлуката за самооткажување“ („Self-Denying Ordinance“).[182] Со оваа одлука членовите на двата дома кои држеле команда во војската се отпуштени од таа функција. Исклучок бил направен за Оливер Кромвел, кој како најуспешен генерал си ја задржал командата. Исто така бил даден предлог да се формира „Нова модел-армија“ („New Model Army“)[183]. Тоа претставувало обединување на парламентарните војски во една централизирана армија, со централизирана команда и унапредување по заслуга, а не потекло или врски. По потекло војниците требало да бидат Англичани, во постојана служба на државата и да се добро платени. Иако не требало да бидат „побожни“ од нив се барало да бидат ентузијастички за битка, во практика тоа одела рака под рака. За команданти на војската биле поставени Томас Ферфакс (1612–1671) и Оливер

---

[179] Исто, 536-537.
[180] Woolrych, *Britain in Revolution,* 291.
[181] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 256.
[182] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 538.
[183] McKay et al., *A History of Western Society: Volume B*, 546.

Кромвел[184]. По формирањето на оваа армија, парламентот ја прекинал соработката со Шкотите.

Новата модел-армија се покажала способна во битката кај Насеби на 14 јуни 1645 година[185]. Решавачки ја победила ројалистичката војска. Под команда на Ферфакс и Кромвел, војската на принцот Руперт била растурена. Околу 4500 офицери се предале на парламентаристите[186]. По таа битка било само прашање на време пред Чарлс да се предаде. Една година подоцна дошло до крај на Првата граѓанска војна во Англија, иако војувањата и судирите продолжиле до 1651 година. Според една проценка, вкупниот број на загинати само во Англија и Велс помеѓу 1642 и 1651 година изнесувал 84 000, од кој 62 000 загинале во Првата граѓанска војна. Покрај тоа во XVII век, за време на војна честа појава биле болестите тифус и дизентерија и чумата по градовите. Овие болести предизвикале над 100 000 жртви, повеќе од самите битки[187].

---

[184] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 539-540.
[185] Michael Braddick, *God's Fury, England's Fire: A New History of the English Civil Wars*. London: Penguin Books, 2008. 367.
[186] Исто, 368.
[187] Woolrych, *Britain in Revolution,* 335-336.




*Слика 3: Граѓанската војна 1642–1646*[188]

[188] Martin Gilbert, *The Routledge Atlas of British History*, 4th ed. Milton Park, Abingdon, Oxon: Routledge, 2007. 56-57.

## 4.4. Егзекуцијата на Чарлс I

Граѓанската војна можеби завршила, меѓутоа поделеноста во парламентот уште постоела. Од една страна била презвитеријанската мировна партија, која стравувала од безредие и била подготвена да склучи договор со кралот по секоја цена, од друга страна била независната воена партија која се стремела кон понижувачки пораз на кралот со цел да ја спроведат својата верска реформа и да ги зачуваат уставните мерки воведени во 1641 година. Но, не бил тука само парламентот, во преговори со кралот биле вклучени и шкотските заветници, ирските конфедерати и европските сили кои ветувале помош на обете страни за време на конфликтот. Чарлс, без разлика на сѐ, не планирал доброволно да се откаже од својата позиција и привилегија. Тој гледал само да добие време и се надевал дека можеби ќе биде спасен од некоја Шкотска или Ирска војска. Во период од две години кралот преговарал со сите страни, понекогаш и истовремено. Главна цел му била да ја спаси монархијата за неговите наследници, како што му кажал на принцот Руперт пред да се предаде во 1646 година:

„Признавам дека, зборувајќи само како војник или државник, нема никаква веројатност освен мојата пропаст; но како христијанин, морам да ви кажам дека Бог нема да дозволи бунтовници и предавници да просперираат, ниту пак оваа кауза да биде поразена; и каква и да е личната казна што ќе му биде угодно нему да ја изврши врз мене, не смее да ме натера да жалам, а уште помалку да се откажам од оваа борба... Всушност, не се залажувам со очекувања за добар исход повеќе од ова: да ги завршам моите денови со чест и чиста совест[189].“

Преку овој извадок јасно ни се претставува решителноста на кралот, тој во потполност бил свесен дека може да го снајде најлошото. Во тајност Чарлс го напуштил Оксфорд и преминал во шкотскиот логор кој бил во близина на Њуарк, надевајќи се дека Шкотите ќе му го дадат најдобро решение. Меѓутоа, договор не бил постигнат поради прашањето за укинување на епископатот во Шкотска, Чарлс не отстапувал од тоа. Поради тоа Шкотите го продале кралот на парламентот во

[189] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 258.

јануари 1647 година за 400 000 фунти[190]. Во тој момент парламентот бил под контролата на презвитеријанците. Најголемиот проблем за нив во моментот била војската. Парламентот не знаел што да прави со неа, откако војната била завршена, згора на тоа таа уште не била исплатена. Дополнително војниците барале да се донесе закон за амнестија со чија помош сакале да бидат ослободени од одговорноста за делата сторени за време на војната[191]. Презвитеријанците во парламентот стравувале што би правеле војниците во мирна состојба, постоел и страв од револуција зашто голем дел од војниците биле и религиозни радикали, затоа парламентот одлучил да распушти од војската што е можно повеќе луѓе, а остатокот да бидат пратени во Ирска за да го сопрат востанието таму. Меѓутоа, војската не прифатила да гине во Ирска без да е платена и да добие амнестија. Војниците се почесто почнале да слушаат агитатори кои зборувале за независност на религијата, еднаквост во општеството па дури и демократија. Па, тие демократски избирале свои претставници агитатори и во јуни 1647 година армијата изјавила дека не е „платеничка војска", туку дека се бори за одбраната на своите права и слободи и на својот народ , армијата се поставила како таа да ги претставува интересите на народот, а не парламентот. Војската презела сè во своите раце, група офицери го зеле кралот и го пренеле во военот камп во Њумаркет[192]. Во август 1647 г. армијата влегла во Лондон, ги истерала презвитерјанците од парламентот и почнала да преговара со кралот врз база на документ познат како „Главните точки на предлозите" („The heads of the Proposals")[193]. Овој документ предлагал парламентот да се свикува секои две години, парламентот да има контрола врз војската и морнарицата и да ги номинира сите кралски министри и сите протестантски цркви да бидат толерирани во Англија под необврзувачки епископат[194]. Кралот целосно го одбил предлогот.

Единството во армијата се распаднало, високите офицери на армијата, наречени Гранди (Grandees), сакале да одржат воена дисциплина и контрола врз

---

[190] Braddick, *God's Fury, England's Fire,* 456.
[191] Woolrych, *Britain in Revolution,* 353-354.
[192] Christopher Hill, *The World Turned Upside Down: Radical Ideas During the English Revolution.* Great Britain: Elcograf S.p.A, 2019. 39.
[193] Woolrych, *Britain in Revolution,* 373.
[194] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 1095-1102.

локалната власт од страна на ситното благородништво, додека обичните војници и нивните агитатори заедно со една мала група политички активисти, познати како Левелери (Levellers), барале темелни промени во начинот на управување на Англија. Тие барале општо право на глас за сите мажи, одземање на правото на вето на кралот и Домот на лордовите (уставна монархија), избор на шерифи и мировни судии, правна реформа, безбедност на закупот за земја на копихолдери (copyholders), отворањето на заградени земјишта, укинување на десетокот, а со тоа и државната црква, укинување на присилната регрутација, акцизата и привилегиите на благородништвото, корпорациите и трговските компании[195]. Сите овие барања биле претставени пред Грандите во 1647 година во црквата во Патни, со предложениот устав познат како „Договор на народот" („The Agreement of the People")[196]. Одговорот на Грандите бил дека тие се бореле за обнова на античкиот устав, а не за негова целосна промена. Како одговор на тоа полковникот Томас Рејнсборо тврдел дека секој човек за време на дебата, без разлика на богатството или статусот, има право да учествува во владата под која живее, ова било радикална идеја за периодот затоа што ја оспорувал воспоставената хиерархиска структура. Наместо традиционалните закони или религијата сѐ да се базира врз природниот закон и разумот. Таа теза подоцна била продлабочена од страна на Џон Лок[197]. Важно е да истакнеме дека сите овие преговори биле водени без да го вклучат Чарлс.

По средбата во Патни, кралот избегал на островот Вајт. Војската морала да се обедини за да реагира на опасноста од обнова на Граѓанската војна. Во декември 1647 година, Чарлс го склучил „Обврзувачкиот договор" („Egagement Treaty") со дел од шкотските заветници. Во тој договор им ветил дека ќе го обнови презвитеријанството во Англија во период од три години[198]. Во јули 1648 г. Шкотската армија влегла во Англија и со тоа почнала Втората граѓанска војна. Меѓутоа, Кромвел лесно ги поразил во битката кај Престон, а заедно со Ферфакс ги

---

[195] Hill, *The Century of Revolution*, 127; Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 1324-1326; Woolrych, *Britain in Revolution,* 355-356; Hill, *The World Turned Upside Down,* 81-88.
[196] Hill, *The Century of Revolution*, 128.
[197] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 259.
[198] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 585-588.

поразилеројалистичките востанија во Велс[199]. Станувало сè појасно дека нема да има мир во Англија сè додека кралот е тука.

Презвитеријанците во парламентот имале друг план. Со вториот голем пораз на кралот сметале дека тој сега бил спремен за да преговара со нив и затоа изгласале да ги обноват преговорите со него[200]. Меѓутоа, по ова гласање армијата веќе немала трпение. На 6 декември 1648 година, полковникот Томас Прајд ја поставил својата војска пред Долниот дом и не им давал дозвола да влегуваат на тие пратеници кои гласале за преговарање со кралот, уапсиле 45 презвитеријански лидери и отстранил уште 186 други. Овој државен удар, познат како „Прајдовата чистка“ („Prides Purge“) оставил околу 200 пратеници во Долниот дом[201]. Судбината на круната и кралството била во рацете на околу седумдесет пратеници на таканаречениот Рамп-парламент (Rump Parliament), а членовите во Домот на лордовите одбивале да присуствуваат.

Во јануари 1649 година, Рамп-парламентот воспоставил висок суд на правдата за да го осуди кралот за велепредавство. Тоа обвинение било апсурдно затоа што во монархија лојалноста е кон кралот, а тој со ова би бил обвинет дека извршил предавство на самиот себеси. За да го избегнат тоа го обвиниле кралот дека го прекршил древниот устав и дека водел свирепа војна против англискиот народ. Ова претставувало револуционерна идеја за тој период, која повикува на одговорност на кралот пред својот народ и доколку не ја исполни таа одговорност, народот е должен да го тргне од неговата позиција. Чарлс секако не се согласил на тоа. Кога започнало судењето во холот на Вестминстер на 20 јануари 1649 г., тој веднаш ја нападнал јурисдикцијата на судот и одбил да даде исказ. Тој тргнувал од фактот дека во монархија судовите и законите му припаѓаат на кралот. Чарлс изјавил:

„Сакам да знам под чиј авторитет – мислам на законски авторитет – бидејќи има многу незаконски авторитети во светот – крадци и разбојници по патиштата – но сакам да знам под чиј авторитет сум доведен овде, префрлуван од место на место,

---

199 Hill, *The Century of Revolution*, 112.
200 Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 736.
201 Woolrych, *Britain in Revolution,* 428-429.

а не знам ни зошто. И кога ќе дознаам кој е тој законски авторитет, ќе одговорам. Запомнете, јас сум вашиот крал – вашиот законски крал[202]."

Парламентот дал одговор на тоа веќе на четврти јануари, во кој стои:

„Народот е, под Бог, изворот на сета правична власт; дека Долниот дом на Англија, собран во парламентот, избран од народот и претставувајќи го народот, има врховната власт во оваа нација; дека сè што ќе биде донесено или прогласено за закон од страна на Долниот дом... има сила на закон и сите луѓе во оваа држава се обврзани од тоа, дури и ако не е добиена согласноста или одобрувањето на кралот или на Домот на лордовите[203]."

Кралот упорно одбивал да го признае авторитетот на судот. Без да признае вина или да се брани, исходот на пресудата бил однапред предвидлив. Кралот Чарлс I бил прогласен за виновен за тешки злосторства и престапи против народот на Англија и на 27 јануари 1649 година бил осуден на смрт преку обезглавување[204]. Во тој момент кралот побарал да биде сослушан, но парламентот не му дозволил. Наместо тоа, 59 членови на судската комисија го потпишале налогот за егзекуција на кралот. Чарлс бил погубен на 30 јануари, 1649 година. Последните зборови на кралот, биле кон архиепископот на Кентербери, Вилијам Џуксон: „Одам од корумпирана круна кон некорумпирана круна, каде што нема никакви немири[205]."

---

[202] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 261; Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 1222-1224.
[203] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 749-750; Woolrych, *Britain in Revolution,* 431.
[204] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 1227.
[205] Исто, 1231.

## 5. Интеррегнум: Период на пуританско владеење (1649–1660)

За првпат во англиската историја, Англичаните го осудиле на смрт својот крал и јавно го погубиле. Со тоа го започнале растурањето на древната власт на монархијата и воспоставувањето на република. На 17 март 1649 г., парламентот ја укинал кралската позиција, два дена подоцна бил укинат и Домот на лордовите[206]. На 19 мај 1649 г., Англија била прогласена за:

„Комонвелт и слободна држава, управувана од претставниците на народот во парламентот, без крал и Дом на лордовите[207].“

### 5.1. Комонвелтот и Рамп-парламентот

Комонвелтот, односно Рамп-парламентот, траел од 1649 до 1653 година[208]. Истите проблеми кои ги имал Чарлс, сега ги имал парламентот, недостиг на финансии, особено пари за да ја платат армијата. Едно од решенијата било да ги кренат даноците, но доколку го направеле тоа ќе станеле уште поомразени од англиското население, кое било веќе изморено од Граѓанската војна и од високите даноци. Најдоброто решение би било да ја распуштат армијата, но за да ја распуштат требало да ѝ платат, а за да ѝ платат требало да ги кренат даноците. Затоа Рамп-парламентот бил парализиран и останал непопуларен, целосно под милоста на армијата.

По погубувањето на кралот, парламентот имал идеја за тоа како да се реши од армијата со тоа што ја пратил да се пресмета со ирските востаници. Имено, за време на англиската револуција, келтски и стари англиски конфедерати се обединиле под Ормунд и воспоставиле контрола врз цела Ирска. Во август 1649 година таму пристигнал Кромвел со својата нова модел-армија[209]. Тој полека започнал да го презема островот почнувајќи северно од Даблин. За речиси два месеца биле освоени ирските градови Дрохеда и Вексфорд. Тука Кромвел извршил масакар на околу 3 500 католици, како одмазда за масакрот од 1641 година[210].

---

[206] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 750-752.
[207] Woolrych, *Britain in Revolution,* 452.
[208] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 837.
[209] Woolrych, *Britain in Revolution,* 466.
[210] Hill, *The Century of Revolution*, 113.

Масакрот бил акт на терор, а целта била повеќе градови да се предадат без борба, но тоа бил само почетокот. Во 1650 г. војските на Кромвел ги користеле тактиките на „изгорена земја“ која вклучувала горење на жетва и иселување на домородното население. Тоа довело до смрт на бројка од 200 000 до 600 000 население чија популација во тој период била околу 2 милиона. Војната против востаниците траела три години, а голем дел од имотот на католиците бил конфискуван и продаван на војници протестанти[211].

Откако се пресметал со Ирците, вниманието на Кромвел било насочено кон ројалистичкото востание во Шкотска. Во 1650 година, Шкотите толку биле шокирани од убиството на кралот, што неговиот син го прогласиле за крал под името Чарлс II крал на Британија[212]. За возврат, Чарлс се одрекол од своето англиканско воспитување и се согласил на Шкотскиот завет. Ова претставувало закана за Комонвелтот. Поради несогласувања командата врз новата модел-армија паднала само врз Кромвел. На трети септември 1650 г., тој ја поразил шкотската војска во битката кај Данбар во Шкотска. Една година подоцна ја поразил обединетата ројалистичка и презвитеријанска војска која направила инвазија на Англија, во битката кај Вустер[213]. Овие победи го финализирале триумфот на парламентот во граѓанските војни. Младиот Чарлс морал да се крие во дабово дрво за да избегне да е фатен од Кромвел по битката кај Ворчестер. Од тој момент натаму многу пабови во Британија ќе го носат името „Кралскиот даб[214]“. Откако се спасил, заминал на континентот каде што ја поминал следната декада, одејќи по европските дворови.

Поразите на Ирска и на Шкотска го зголемиле престижот на парламентот. Ројалистите и Заветниците го прифатиле владеењето на Комонвелтот и се заколнале да бидат лојални на англиската власт без крал и горен дом. Шкотска требало да стане дел од заедничка држава заедно со Англија и Ирска во Комонвелтот[215]. Исто како во Ирска, бил поставен постојан гарнизон за да го

[211] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 268.
[212] Исто, 269.
[213] Hill, *The Century of Revolution*, 113.
[214] Woolrych, *Britain in Revolution,* 499.
[215] Исто, 500.

гарантира и да го одржува мирот. Парламентот, исто, се обидел да направи реформи во судството, во Законот за сиромашни, свештенството и во строгите закони против прељуба, сексуална неморалност, богохулие и пцуење. Меѓутоа, и покрај тие успеси, Рамп-парламентот останал крајно непопуларен. Актот за навигација иако бил корисен за англиската економија, довел до трговска војна со Холандија. Адвокатите и судиите ги кочеле реформите во Законот за сиромашните затоа што се закaнувале дека ќе ги загрозат нивните интереси, додека религиската реформа се покажала како непопуларна и неизводлива. Во пролетта 1653 г. парламентот одлучил да ги намали платите на Новата модел-армија и го одложувал своето распуштање и повикот за нови избори[216]. Армијата повторно презела сè во свои раце. На 20 април 1653 г., Оливер Кромвел влегол во домот на парламентот и го распуштил: „Им рече на членовите на парламентот дека седеле доволно долго... дека некои од нив се блудници... дека други се пијаници, а некои се корумпирани и неправедни луѓе, срам за верата во евангелието и дека не е соодветно тие повеќе да се заседаваат како парламент[217].“

### 5.2. Оливер Кромвел како лорд протектор

Со падот на Рамп-парламентот, на армијата ѝ останало да избере ново законодавно тело. Било формирано „Собрание на светците“, кое било попознато како „Парламентот на Бербоун“. Така било именувано по Прејс-Год Бербоун (Praise-God Barebone), кој бил кожар, проповедник и еден од членовите на парламентот[218]. Законодавното тело било главно составено од радикални религиозни секти. Самата работа на парламентот била катастрофална. На пример, членови на парламентот, кои биле „Луѓето на Петтата монархија“ („Fifth Monarchy Men“), сакале да го сменат општиот англиски закон со законите од Мојсеј[219]. Потоа донеле реформи со кои успеале да навредат одредени сегменти од земјата, сакале да ја укинат или барем реформираат канцеларијата за правна заштита, да воспостават покровителство над црковните должности и купување на десетокот и,

---

[216] Woolrych, *Britain in Revolution*, 515.
[217] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 904.
[218] Hill, *The Century of Revolution*, 113.
[219] Woolrych, *Britain in Revolution,* 538.

секако, собирањето на акцизи и месечни давачки. Со овие реформи успеале да ги налутат адвокатите, земјопоседниците и армиските офицери[220]. Покрај контроверзиите, тој парламент донел и позитивни реформи, како регистрација на родени, венчани и умрени, завештанија и др. Кромвел, кој веќе во тој период станал најмоќниот човек во државата, повеќе немал трпение. Тој на почетокот ги поддржувал светците и им верувал дека можат да изградат општество водено од морал и побожност, но со текот на времето сфатил дека тие не знаат како практично да управуваат со државата. Тој сè повеќе ја истакнува важноста на разумот, искуството и прагматичноста во политиката, многу луѓе го делеле овој сентимент со него. Во декември 1653 година поддржувачите на Кромвел во парламентот изгласале за негово распуштање[221].

На 12 декември 1653 година, армиска делегација го претставила пред Кромвел единствениот пишан устав кој бил спроведен во Англија, таканаречениот „Инструмент за владеење" („Insturment of Government"). Со овој устав и титулата на „лорд протектор" извршната власт сега се наоѓала во рацете на Оливер Кромвел[222]. Од човек кој бил релативно непознат до најмоќниот човек во државата, далечен роднина на министерот Томас Кромвел, кој служел на дворот на Хенри VIII, тој бил роден во 1599 година во Источна Англија. Своето образование го добил на „Сиднеј сасекс колеџот" во Кембриџ[223]. Тука бил еден од центрите на пуританската мисла. Доколку не се случела Граѓанската војна, најверојатно нема да сме ги виделе неговите водечки способности и тактики кои го издигнале и го направиле центарот на сите државни работи. Неговите постојани успеси, како на военото поле, така и во политичкиот живот ги сметал како божјо привидение. Тој бил побожен пуританец, кој сметал дека судбината и позицијата му биле дадени од Бога, тоа и била неговата најсилната страна, Кромвел бил убеден дека е инструмент на Бога. Во тоа, иронично, не бил ништо поразличен од Чарлс и неговото свето право на кралевите,

[220] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 270.
[221] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 905.
[222] Исто, 914-916.
[223] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 271.

единствената разлика била во тоа што Кромвел го имал инстинктот за да ја „зграпчи“ клучната шанса.

Бил формиран Државен совет во кој членувале генерали и поддржувачи на Протекторатот кои ја делеле контролата врз финансиите и врз армијата. Законите биле носени од парламент кој бил избиран на секои три години од тие кои имале вредност на имот над 200 фунти[224]. Ова претставувало враќање кон старите традиционални институции. Владејачката класа станувала сѐ поконзервативна. Кромвел имал парламент, таен совет и бил монарх по сѐ освен по име. Тој владеел со Англија, Велс, Шкотска и со Ирска како лорд протектор за период од речиси пет години. Неговото владење било рационално и ефикасно, со минимална корупција. Вовел реформи во правото и во образованието, практикувал религиска толеранција, а за да обезбеди локална контрола, ја поделил државата на 12 воени окрузи, предводени од генерал-мајор[225]. За сѐ што сметал дека е „расипничко“ и непуританско во очите на Бога било елиминирано, тука спаѓаат пијанството, богохулието, пцуењето, коцкањето и др. Биле потиснувани пивниците, неделниот спорт и божиќните прослави, ова „убиство на забавата“ било гледано како потиснување на англиските слободи и локалната автономија.

Кромвел бил практично крал без круна. Во 1657 година на Кромвел му била претставена петицијата под име „Скромната петиција и совет“ („The Humble Petition and Advice“)[226]. Неговите следбеници му ја понудиле кралската титула, правото да именува наследник и членови на Горниот дом. Кромвел ја одбил титулата, но ги прифатил овластувањата кои следувале со петицијата, заедно со златниот скиптар и пурпурната наметка. По долги години граѓанска војна и експерименти со власта, владејачката елита сѐ повеќе целела кон старите државни структури. Оливер Кромвел починал од пневмонија на трети септември 1658 година, и како престолонаследник на позицијата лорд протектор го наследил неговиот син Ричард Кромвел[227].

---

224 Woolrych, *Britain in Revolution,* 529.
225 Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 1128.
226 Исто, 819-826.
227 Woolrych, *Britain in Revolution,* 696.

## 5.3. Религиозни и социјални реформи

Во времето на интеррегнумот англиското население уживало релативна слобода на медиуми, за првпат почнало масовно печатење на весници, преку кои населението можело да си го искаже мислењето. Преку весниците населението, кое било дел од Армијата со чија помош бил симнат кралот, ја искажувало желбата за поголем удел во државните работи и порадикални реформи. Тука главната улога им припаѓала на Левелерите кои барале од власта да воведе верска толеранција, слобода на говор, правна реформа и индивидуални права. Со зборовите на еден од лидерите на движењето, Џон Лилбурн: „Суверенитетот на народот[228]“. Левелерите биле најсилни во урбаните градски средини и нивниот отпор бил краткотраен. Рамп-парламентот во 1649 година наредил да се уапсат агитаторите и лидерите на левелерското движење, а народот што ги поддржувал бил поткупен[229]. Иако движењето завршило неуспешно нивните идеи останале, додека пак нивната појава била резултат од отстранувањето на монархијата.

Тоа било уште поочигледно во однос на религијата. Укинувањето на цензурата од страна на парламентот овозможило населението на кое пред еден век му било дозволено да ја чита „Библијата“, сега да има и слободна интерпретација без страв од обвиненија и од прогон. Презвитеријанците во Собранието се обиделе да воспостават верска дисциплина налик на Шкотскиот кирк. Имало обид во 1645 година да се замени англиската книга на заедничка молитва со презвитеријанско упатство за јавна богослужба[230]. Меѓутоа, немале механизам како да го спроведат тоа, а сè поголем станувал отпорот на независните во Собранието. Тие, пак, барале религиска толеранција за сите протестантски верувања. Кромвел и останатите независни го прифатиле мислењето дека не било потребно сите да се согласат на спецификите на верската практика за да се добри христијани. Во 1650 г. независните во парламентот го отповикале Законот за задолжително присуство на црковна литургија во недела[231].

[228] Исто, 264.
[229] Hill, *The World Turned Upside Down,* 77.
[230] Hill, *The Century of Revolution*, 165.
[231] Woolrych, *Britain in Revolution,* 453.

Меѓутоа, таа слобода на мисла, говор и печат предизвикала ширење на слободни толкувања на „Библијата“ и различни форми на пуританизам. Многу од нив се обиделе да ги наметнат стариот библиски морал и закони врз општеството од тој период. Такви биле, на пример, баптистите (Baptists), кои ги влечеле своите корени од анабаптистите. Тие верувале во одложувањето на крштевањето на детето додека не стане возрасна личност, а откако ќе порасне детето само да одлучи за своите верувања и убедувања[232]. Иако ова звучи разумно, за современиците било скандалозно детето да не е крштевано од раѓањето. Сродни на баптистите биле сикерите (Seekers), додека порадикални од нив биле дигерите (Diggers). Тие биле против приватната сопственост и акумулацијата на богатство, затоа што немале библиска основа. Ова убедување го предизвикало гневот на земјопоседниците и комуните, воспоставени од страна на дигерите, брзо се распаднале[233]. Покрај нив биле и рантерите (Ranters), кои верувале дека ако Бог е присутен во сите нешта, а тој е безгрешен, тогаш гревот како појава не постои. Тие биле убедени во слободата на индивидуалната свест и совест во однос на одлучувањето на што е правилно и погрешно[234]. Со зборовите на еден од следбениците, Лоренц Кларксон: „Нема таков чин како пијанство, прељуба или кражба во Бога... гревот своето зачнување го има само во имагинацијата. Секој чин што ќе го направиш во светлина и љубов е светол и полн со љубов, дури и ако е чин што луѓето го нарекуваат прељуба[235].“ Ова религиозно движење ги запрепастило сите останати, биле преземени ригорозни мерки против Рантерите, во 1650 г. богохулието и прељубата биле казнувани со смртна казна.

Повеќе алармантно било „Друштвото на пријатели“ или Квекери (Quakers) како што било познато меѓу населението[236]. Квекерите верувале дека секој човек поседувал во себе светлина, светиот дух или духот на Исус. Според нив, внатрешната светлина била над државата, црквата и над Светото писмо и треба да биде слушана. Тие одбивале да признаат каква било световна власт. Постојано ја

---

[232] Hill, *The World Turned Upside Down,* 12.
[233] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 1316.
[234] Исто, 1436.
[235] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 266.
[236] Hill, *The World Turned Upside Down,* 182.

цитирале божјата одмазда врз големците на земјата, одбивале да плаќаат данок за десетокот, да даваат заклетва и да се поклонуваат пред нивните претпоставени[237]. За современиците од тој период Квекерите биле скандалозни со своето однесување. Внатрешната светлина ги терала да пеат, да викаат, да се тресат и да се движат во состојба на транс. Меѓутоа, најрадикално од движењата било религиозното движење на „Луѓето од Петтата монархија" („Fifth Monarchy Men")[238], кои верувале дека сета законодавна власт му припаѓала на Бога, сметале дека сите професии поврзани со правото треба да се укинат и сите закони да се библиски, базирани врз законите на Мојсеј[239]. Мислеле дека моралните прекршоци треба да се казнуваат, па затоа го поддржувале и каменувањето на прељубници, верувале дека Библијата предвидела пет големи монархии: Вавилон, Персија, Грција и Рим, додека пак петтата неизбежно би била таа на кралот Исус, чие доаѓање се очекувало по погубувањето на кралот Чарлс[240]. Оваа група имала силно политичко влијание.

Слободата на печатот и верската толеранција довела до верска разновидност или, според мислењето на современиците, до хаос. Религијата, која била изворот на правото и редот во државата, сега барала од своите следбеници непослушност и потреба од радикални промени. Овие радикални пуритански идеи, кои ја нагласувале индивидуалната свест и совест, почнале да ги плашат и умерените протестанти, па затоа имањето на една воспоставена црква сега им изгледало како нужност.

### 5.4. Колонијална експанзија и економски промени

Една од трајните мерки на Рамп-парламентот бил првиот Закон за навигација, овој закон им забранил на другите држави да тргуваат со англиските колонии и целата трговија да се прави преку англиски трговски бродови кои имаат екипаж од барем 75 проценти Англичани[241]. Таа мерка ги подобрила економијата и трговијата Англија, но нејзините резултати се покажале подоцна. Краткорочно, довеле до скапа трговска војна со Холандија. За време на владеењето на Кромвел,

---

[237] Исто, 183.
[238] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 1317.
[239] Woolrych, *Britain in Revolution*, 538.
[240] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 267.
[241] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 1247.

државата имала успешна економска и надворешна политика. Тој дозволил да се вратат Евреите кои биле избркани уште од 1290 година[242]. Извојувал победа против Холандија во 1654 година[243]. Потоа го започнал својот западен дизајн за ослободување на Карибите од шпанска контрола, планот се покажал делумно успешен. Англиската флота била поразена кај Санто Доминго, но при повлекувањето ја освоила Јамајка во 1655 година[244]. За да ја подобри надворешната положба на Англија, Кромвел склучил сојуз со Франција во 1657 година. Сојузниците извојувале серија копнени и поморски битки против Шпанците и по победата во битката на Дуните 1658 г. бил освоен Данкирк[245]. Морнарицата ја одржувала безбедноста на трговијата во Медитеранот против пирати и ројалисти. Надворешната политика на Кромвел била во целосна спротивност од прошпанската на раните Стјуарти. Тој се фокусирал на агресивна надворешна политика. За време на интеррегнумот кон Англија биле припоени: Јамајка, Св. Елена, Пуло Рун, Сиринам, Данкирк, Нова Шкотска и Нов Брошвик. Кромвел започнал и трговија со Кина[246]. Овие рани реформи во надворешната политика ќе доведат до тоа Англија подоцна да стане најмоќната држава во Европа. Одржувањето на Протекторатот на Кромвел чинело пари, просечното трошење на Кромвеловата администрација било околу два милиони фунти[247], со што ги надминал сите претходни монарси. За да се одржува армијата и морнарицата потребни биле високи даноци. Кромвел го продолжил и проширил данокот за акциза како и данокот за месечните имотни проценки, неговата влада исто правела секвестар на имотот на ројалистите или принуда на сопствениците да плаќаат високи суми за да си го откупат својот имот. Сите овие мерки го направеле режимот на Кромвел крајно непопуларен, сè поголема била желбата за враќање на старите институции и периодот пред граѓанските војни.

---

242 Woolrych, *Britain in Revolution,* 638.
243 Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 1254.
244 Исто, 1265.
245 Hill, *The Century of Revolution*, 114.
246 Исто, 156-157.
247 Bucholz and Key, *Early Modern England*, 273.



*Слика 4: Оливер Кромвел, лорд протектор*[248]

[248] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 271.

## 6. Реставрација на Стјуартите: Чарлс II и Џејмс II (1660–1688)

Ричард Кромвел официјално станал лорд протектор на 4 септември 1658 година[249]. Тој го наследил својот татко без никаков отпор, ова може да се гледа како тестамент за контролата којашто ја имал Кромвел во краткиот период од неговото владеење. Потпирајќи се на воената сила, тој успеал да ги постави Англија, Шкотска и Ирска под единствена централизирана власт, што било чекор поблиску до обединување на овие кралства, нешто што династијата на Стјуартите во период од половина век не успеале да го постигнат. Таму каде што Оливер бил успешен, Ричард не бил, меѓутоа тука треба да се земе предвид и што тој наследил. Државата иако биле стабилна, веќе била истрошена од децении војни и недостиг на финансии, притоа благородништвото било против режимот во кој гледале узурпација на нивното место како државни претставници и не сакале да ги плаќаат високите даноци на Протекторатот. Едноставно, владејачката елита го изгубила трпението за диви проповеди, независни секти, свети парламенти или репресивни армии.

Ричард Кромвел бил интелигентен, добродушен и пристоен човек, кој ја немал воената способност на Оливер и во краток временски период ја изгубил целосната контрола во државата. Пролетта 1659 година, парламентот се обидел да го воспостави својот авторитет врз Армијата[250]. Ова резултирало со распуштање на парламентот од страна на Армијата, прогонување на Ричард Кромвел и враќање на избрканите членови од Рамп-парламентот. Ричард на 29 мај 1659 г. во писмо до парламентот си ја потврдува својата оставка како лорд протектор[251]. Меѓутоа, новиот парламент исто така се обидел да воспостави контрола врз Армијата, но и овој обид завршил со негово распуштање од страна на Армијата во октомври 1659 г[252]. Генералот Чарлс Флитвуд застанал на чело на Комитетот за јавна безбедност и воспоставил власт на грандејците, но поголемиот дел од генералите не се појавиле. Бидејќи немал стабилна власт Флитвуд се откажал и ја предал контролата на

---

[249] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 829.
[250] Leopold von Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume III. Oxford: Clarendon Press, 1875. 231-233
[251] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 830.
[252] Woolrych, *Britain in Revolution,* 742.

државата, повторно, на Рамп-парламентот[253]. Како што може да се следи текот на настаните, очигледно е дека стабилната власт во државата била невозможна и настанал целосен хаос. Во тој момент, генералот Џорџ Монк, кој бил поставен во Шкотска, почнал да маршира кон Лондон со Армијата[254]. Во Лондон никој не знаел што да очекува, само се надевале дека ќе биде на нивна страна. Монк пристигнал во градот во февруари 1660 година[255]. Тој му наредил на Рамп-парламентот да повика на нови парламентари избори и да се самораспушти. Прогонетиот принц Чарлс сметал дека сега е неговиот момент за да влијае врз настаните во Англија, па поради тоа тој ја издал Декларацијата од Бреда[256]. Во декларацијата ветил амнестија за сите коишто учествувале во Граѓанската војна, освен тие кои ќе бидат изоставени од парламентот, гарантирал верска слобода со одобрение од парламентот и признавање на сите продажби на имот кои настанале од 1642 година. Целта на декларацијата била да се стави до знаење дека доколку настане реставрација на монархијата, нема да има одмазднички пресметки врз политичка, верска или економска основа. Овој обид на Чарлс бил успешен.

Новиот Конвентски[257] парламент во 1660 година бил составен од ројалисти и презвитеријанци кои го поддржувале враќањето на Стјуартите, тие сметале дека со нивно враќање ќе се врати и стабилноста во државата. Парламентот издал покана до принцот да се врати дома во кралството како монарх. Бил прогласен за крал на 8 мај[258]. За време на својот роденден на 29 мај 1660[259], сега како крал Чарлс II (1660–1885), пристигнал во Лондон[260]. Пречекот на кралот бил во сеопшта еуфорија, сите очекувале дека ќе се врати стариот поредок во државата и дека ќе се заборави непопуларниот период на Протекторатот и на граѓанските војни, меѓутоа колку тоа било реалност е друго прашање. Населението кое сега имало искуство со

[253] Исто, 750.
[254] Coward and Gaunt, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*, 1164-1165.
[255] Исто, 1074.
[256] Woolrych, *Britain in Revolution,* 775.
[257] Конвентски – се нарекувал така затоа што бил свикан без формална кралска наредба, во време кога Англија е без крал.
[258] Andrew Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714.* London: Eyre & Spottiswoode, 1966. 58-59.
[259] Владеењето на Чарлс II – кралот Чарлс II своето официјално стапување на престолот го датирал на 30 Јануари 1649 година. (Hill, *The Century of Revolution*, 193.)
[260] Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume III, 307.

погубување на својот крал, експериментирало со нов тип на државна власт, имало слобода на печат и верска толеранција. Дали тоа население може да се врати на стариот режим? Иако кралот бил пречекан со еуфорија и радости, старите проблеми сè уште не биле решени. Од сите овие настани досега, во периодот што следува се развиле две политички струења кои подоцна ќе станат и првите политички партии во Англија. Едните биле старите кавалиери кои сметале дека кралевите иако можат да грешат, тие сепак сè уште биле полусвети битија чиишто авторитет не треба да се доведува во прашање и дека убиството на кралот е грев. Покрај нив биле ројалистите кои сметале дека хаосот од граѓанските војни, револуцијата и интеррегнумот биле поразителни и барале одржување на стариот систем и традициите. Овие убедувања, заедно со вербата во Англиканската црква, ќе ја формираат во иднина партијата на ториевците[261]. Другите биле старите раундхедс односно парламентаристите. За нив парламентот бил вистинскиот чувар на англиските слободи, тој претставувал суштински дел од уставниот поредок. Некои од нив оделе и дотаму да тврдат дека изминатите дваесет и пет години покажале дека кралевите не се богови, туку луѓе. Со тоа знаење парламентот имал полно право да го смени кралот доколку смета дека тој лошо владее, суверенитетот му припаѓа на народот и на парламентот чии интереси тој ги застапува. Тие коишто го поддржувале ова мислење припаѓале на идната партија на виговците[262]. Според овие поделби, англиското население и во наредниот период продолжило да е поделено дали по политичка или по верска основа. Со овие проблеми се соочувал Конвентскиот парламент.

Реставрацијата не ги вратила сите привилегии на кралот, односот помеѓу парламентот и кралот бил врз база на компромис. Чарлс II ја имал извршната власт, тој повторно можел да ја води надворешната политика на државата, само кралот смеел да ја мобилизира Армијата, имал право да суспендира закон во поединечни случаи и за време на вонредна состојба. Во однос на парламентот, кралот повторно можел да го распушта, но морал да го свика барем еднаш на секои

[261] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 277.
[262] Исто 278.

три години[263]. Наместо парламентот да одобрува приходи за кралот врз основа на даноците, сега се согласил Чарлс II да добива фиксен кралски приход што се заснова на проценка на неговите трошоци, бил обновен и кралскиот имот. Парламентот му ги одобрил приходите од акцизи на кралот, кои биле еднакви на 100 000 фунти годишно, во замена за даноците од старателство и феудалните давачки[264]. Вредноста на приходите одобрени од парламентот за Чарлс II изнесувала 1 200 000 фунти годишно[265], што претставувала сума двапати поголема од таа што парламентот ја одобрил на неговиот татко. Меѓутоа, според тврдењата на историчарите Кристофер Хил и Роберт Бушолц овие бројки се претерани и кралските приходи биле пониски од 1 200 000 фунти. За таа цел парламентот изгласал дополнителен данок на огниште во 1662[266]. Но, и тие средства не биле доволни, трошоците на кралот биле поголеми од неговите приходи, повторно настанал истиот проблем како и кај раните Стјуарти, немањето на доволно пари и со тоа потребата почесто да се повикуваат парламенти. Од друга страна, иако голем дел од привилегиите на кралот биле обновени, парламентот не ги возобновил во целост. Еден милион фунти биле одобрени од парламентот за исплата на Новата модел-армија, а потоа била распуштена[267]. На кралот му останал само мал контингент на војници за да ги командува, а стравот дека кралот може да ја искористи војската против парламентот сè уште постоел.

Ограничувањето на моќта на кралот било уште поочигледно во однос на религијата. Кралот во својата декларација ветил верска слобода. Меѓутоа, иако бил повторно поставен за врховен гувернер на Англиската црква во 1660 година, тој можел да направи промени во црквата само со одобрение од парламентот[268]. Уште поголем проблем бил фактот што кралот многу години веќе не бил присутен на сцената во Англија, а тоа значело дека нецелосно ја разбирал верската состојба во својата земја. Кај англиското население, папизмот и пуританизмот биле изедначени, пуританизмот сега го асоцирал на убиство на кралот, високи даноци,

---

[263] Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume III, 311-314.
[264] Hill, *The Century of Revolution*, 193-194.
[265] Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume III, 334.
[266] Исто, 216. Bucholz and Key, *Early Modern England*, 280.
[267] Hill, *The Century of Revolution*, 193.
[268] Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 359.

верски секти, нестабилност и радикализам, затоа се појавило голема желба да се обнови авторитетот на Англиканската црква по 1660 година. Свештенството почнало да проповеда за потребата од лојалност, послушност и покорност кон монархот. Биле обновени старите црковни традиции и обреди, пуританскиот клер бил протеран, а покојниот крал Чарлс I бил прогласен за маченик и секоја година на 30 јануари службата за комеморација вклучувала проповед со порака дека бунтот и републиката се по природа гревови[269]. Стравот од радикализмот на пуританството бил дополнително поткрепен со серија на радикални востанија. Најпознато меѓу нив било востанието на петто-монархистите кои во јануари 1661 во Лондон прогласиле дека започнало владеењето на Исус Христос како крал[270]. Најдоброто што Чарлс II можел да го постигне е религиозна толеранција и разбирање, односно да го намали авторитетот на Англиканската црква доволно за умерените пуританци и презвитеријанци. Меѓутоа, новиот парламент, кој бил мнозинство англиканци и ројалисти, по што го добил и името Кавалиерски парламент, воопшто не бил расположен за толеранција и меѓусебно разбирање. Помеѓу 1661 г. и 1665 г. овој парламент донел серија на закони против пуританизмот, кои станале познати како „Законите на Кларендон“ („Clarendon Code“)[271]. Најпрво во 1661 г. бил донесен Законот за корпорации (Corporation Act), според кој општинските службеници требало да се откажат од презвитеријанскиот завет и да ја примат светата тајна според англиканските обреди[272]. Потоа во 1662 г. бил донесен Законот за униформност (Act of Uniformity), кој барал од сите црковни лица, професори и училишни директори да се заколнат против заветот и војувањето против кралот[273]. Дополнително овој закон наложил задолжително користење на Книгата за заедничка молитва во сите црковни служби во Англиканската црква, со што бил исклучен секој свештеник кој одбивал да ја прифати. Истата година бил донесен и Законот за лиценци (Licensing Act) со кој се обновила цензурата против книги и памфлети кои шират ерес, богохулие или се шизматички[274]. Сè

[269] Janet Clare, ed., *From Republic to Restoration*. Manchester: Manchester University Press, 2018. 23-24.
[270] Woolrych, *Britain in Revolution,* 789.
[271] Hill, *The Century of Revolution*, 194.
[272] Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 375.
[273] Исто, 377.
[274] Исто, 67.

поочигледно станувало дека верска толеранција била невозможна. По Јоркширската завера од 1663 година, предводена од радикални пуританци, во 1664 година бил донесен Законот за тајни верски собири (Conventicle Act)[275]. Овој закон забранувал верски собири кои биле надвор од одобрените служби на Англиканската црква. А во 1665 година бил донесен Законот за пет милји (Five Mile Act), со кој се ставило забрана за живеење и проповедање на сите свештеници кои не го прифаќале Законот за униформност во радиус од пет милји од градот или од населеното место во кое вршеле богослужба. По донесувањето на сите овие закони станувало веќе очигледно дека населението било поделено на посакувани и непосакувани. Во непосакуваните, секако, припаѓале сите радикални пуритански секти кои го загубиле своето влијание во државата поради нивното одбивање да ја следат службата и организацијата на Англиканската црква, и сè почесто биле нарекувани неконформисти (Nonconformists) или дисиденти (Dissenters)[276]. Тие биле прогонувани, затворани и им бил одземен нивниот имот. Со други зборови, биле сметани за второкласни граѓани, исто како и католиците. Со овие промени бил вратен приматот на монархот и Англиканската црвка, но моќта во државата била поделена. Парламентот ја спроведувал својата власт селективно и децентрализирано, потпирајќи се на лојалноста на локалните аристократи и судии.

## 6.1. Чарлс II: Политика на компромис и „Веселиот монарх“

Не можеме да зборуваме за реставрација без да зборуваме за личноста на кралот Чарлс II. Тој бил високо интелигентен, пријатен, лесно пристапен и енергичен, течно зборувал француски и по малку италијански. Имал голем интерес за наука, поседувал своја лабораторија и бил важен покровител на Кралското научно друштво (Royal Society)[277]. Меѓутоа, најважно од сè бил толерантен, флексибилен и прифаќал компромис. Тоа се покажало во Законот за амнестија и заборав (Act of Indemnity and Oblivion) од 1660 г., со кој кралот ги амнестирал мнозинството од учесниците во Граѓанската војна и во периодот на

[275] Woolrych, *Britain in Revolution,* 791.
[276] Hill, *The Century of Revolution*, 243-244.
[277] Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume III, 584.

републиканскиот режим[278]. Помалку од четириесетина од тие кои биле директно вклучени во погубувањето на Чарлс I биле осудени. Од нив пак само 11 биле погубени. Од овој закон не биле исклучени ни починатите, па така телата на Оливер Кромвел, Хенри Иретон и Џон Бредшоу биле откопани, обесени и нивните глави биле поставени на копја пред Вестминстер Хол[279]. Чарлс поштедил многумина од парламентарците кои учествувале во власта во периодот на Комонвелтот. За да може да се помири и да ги придобие на своја страна кралот им подарувал земја и титули. Тоа овозможило Чарлс да има способни луѓе во власта. Но, многумина од старите ројалисти останале осиромашени и огорчени затоа што кралот не ги наградил доволно. Овој однос кон своите поданици бил типичен за карактерот на кралот. Тој немал никаква лојалност кон одредена индивидуа, дури и да ја фаворизирал, бил дволичен и немал долгорочен план. Ова може да се гледа како логичен развој на неговиот карактер, сепак истите луѓе кои се бореле против неговиот татко, сега му се заколнувале на послушност и на лојалност. Тој самиот морал да се крие во дрво во 1651 година. Речиси две децении поминал во прогонство, постојано гонет од заговорници и искористуван од други европски монарси за дипломатски цели. Затоа, воопшто и не е чудно што кралот на никого не му верувал и немал некој долгорочен план. Поради тоа кралот своето време го поминувал како патрон на уметноста, музиката, литературата и театарот. Постојано се забавувал со коцкање, пиење и жени. Еден позитивен резултат од тие тенденции на кралот е тоа што кралскиот двор станал најголемиот центар на културно покровителство. Нему му се препишуваат заслугите за воведувањето на комедијата на заплет, првите актерки на театарската сцената, француските и италијанските стилови во црковната и световната музика, машкото триделно одело, периките, како и шампањот, чајот и сладоледот[280].

Чарлс бил оженет со португалската кралица Катерина од Браганса. Овој брак бил склучен за да може да се обезбедат трговски колонии за Англија. Катерина како мираз ги носела пристаништата во Танџир на северниот брег на Африка и Бомбај

[278] Woolrych, *Britain in Revolution,* 782.
[279] Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume III, 360.
[280] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 285.

на западниот брег на Индија. Меѓутоа, овој брак не ги дал посакувани резултати, Танџир бил напуштен и скап за одржување, додека пак Бомбај краткорочно не бил профитабилен[281]. Покрај тоа кралот имал сличен проблем како и Хенри VIII, а тоа било прашањето околу наследството. Од бракот со кралицата Катерина немал наследници, но надвор од бракот тој имал дури четиринаесет признати, но нелегитимни деца од различни љубовни врски. Чарлс бил толку познат по своето неверство што го добил надимакот „Стариот Роули“ („Old Rowley“), по еден од неговите најдобри коњи[282]. Сите негови нелегитимни деца добиле титули, земја и позиции во власта. Кралскиот двор бил скап за одржување, кралот раскошно трошел на своите дворјани и љубовници, а како последица, тоа ја ослабело финансиската состојба на монархијата и го нарушил нејзиниот углед кај народот. Дополнително, неговата неспособност да обезбеди легитимен наследник ја зголемила важноста на неговиот брат Џејмс, војводата од Јорк како очигледен наследник.

За време на прогонството, Чарлс II поминал значителен период на дворот на својот братучед, францускиот „Крал Сонце“ Луј XIV (1638–1715)[283]. Од него тој научил многу за апсолутизмот, дворската култура и за раскошниот живот. Франција во времето на Луј XIV станувала најмоќната и највлијателна држава во Европа, засенувајќи ја и Шпанија. Францускиот крал немал потреба од парламентарно одобрение за своите одлуки. Па, поради тоа се вратиле старите стравови од апсолутистичките тенденции на кралот и сите почнале да се сомневаат дека Чарлс II ќе се обиде да го емулира Луј XIV. Меѓутоа, во раниот период од владеењето на Чарлс, парламентот имал добар однос со кралот. Во 1664 година парламентот го отповикал Законот за задолжително свикување на парламентот на секои три години[284]. Сега кралот повторно можел да го свикува парламентот кога ќе посакал, секако ако можел да си го дозволи тоа финансиски, а во 1667 година му одобриле на кралот да ги распушти судиите со коишто не се согласувал[285]. Сепак, дури и

---

[281] Hill, *The Century of Revolution*, 194.
[282] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 286.
[283] McKay et al., *A History of Western Society: Volume B*, 547.
[284] Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 153.
[285] Исто, 85.

Кавалиерскиот парламент имал свои граници на толеранција и попуштање на кралот. Истиот проблем кои ги прогонувал сите Стјуарти претходно, прашањето околу парите. Дури и со високите приходи одобрени од страна на парламентот, кралот повторно бил во долгови. Падот на трговијата предизвикал пад на приходите од даноците за царини и акциза. Трговијата во градот Лондон стагнирала поради „Големата чума“ од 1665 г. и големиот пожар кој го разурнал градот во 1666 година[286]. Поради овие катастрофи круната повторно морала да ги намали своите трошоци или да ги зголеми приходите. Сите обиди за намалување на трошоците биле попречувани од страна на алчни дворјани, додека пак парламентот одбивал да одобри пари кои ќе бидат залудно потрошени на луксузот на дворјаните или пак полошо, кралот да финансира армија која би можел да ја сврти против самиот парламент.

Покрај финансискиот товар врз поданиците на кралот, тука бил и верскиот. Чарлс II за време на прогонството најголем дел од времето го поминал со својата мајка, која била католик. Кралските дворови на кои го поминал своето време главно биле католички и самиот Чарлс бил многу импресиониран од нивниот раскош. Дополнително, католиците во Англија за време на Граѓанската војна му помогнале на кралот да се спаси по битката кај Ворчестер во 1651 година. Од друга страна, англиканците, пуританците и презвитеријанците го погубиле неговиот татко. Не се знае колку биле силни чувствата на кралот кон католицизмот, самиот Чарлс II не бил особено побожен човек, а силното антикатоличко расположение меѓу неговите поданици не му дозволувало отворено да го изрази тоа бидејќи стравувал од реакцијата на населението. Меѓутоа, го возобновил презирот кон католицизмот меѓу населението откако зел католичка принцеза за жена. Катерина со себе си донела свои католички дворјани и литургијата си ја изведувала на католички начин, повторно папистите биле добредојдени во Англија. Населението не стравувало од католички наследник на престолот затоа што било очигледно дека кралот и кралицата не можеле да имаат деца, но тој сентимент се променил кога

[286] Hill, *The Century of Revolution*, 194.

Џејмс, војводата од Јорк и најверојатниот престолонаследник сè поотворено се вртел кон католицизмот.

Религијата и надворешната политика биле тесно поврзани во XVII век. На почетокот на владеењето на Чарлс II, најголема закана за Англија не биле католичките држави Франција и Шпанија, туку протестантска Холандија, како најголем трговски ривал на Англија која имала своја колонијална империја во Северна Америка и Индискиот Океан. Холанѓаните калвинисти биле многу теолошки слични со пуританците во Англија, кои по реставрацијата биле непопуларни меѓу предоминантното англиканско население. Во обид да ја ограничи холандската трговска моќ, парламентот го обновил Законот за навигација од 1651 г. и во 1663 г. го донел Законот за увозни производи (Staple Act)[287]. Со тој закон им било забрането на сите странски бродови да тргуваат со англиските колонии и сите увезени производи од истите тие колонии да се пренесуваат само преку англиски пристаништа. Овие закони, заедно со поддршката на Стјуартите за Вилијам Орански, довеле во 1664 г. до втората војна со Холандија[288]. Англичаните успеале да го освојат Нов Амстердам (New Amsterdam)[289], но по серија на катастрофални поморски битки војната завршила со пораз на Англија и склучување мир со Холандија во 1667 година[290].

Со поразот дошол и падот на тогашната власт која била заменета од „Кабал“, што претставувало група на пет дворјани кои станале главни советници на кралот и влијателни политичари во земјата. Името го добила од иницијалите на петте членови: Клифор (Clifford), Арлингтон (Arlington), Бакингем (Buckingham), Ешли Купер (Ashley Cooper) и Лаудердејл (Lauderdale)[291]. Кабалот се стремел кон верска толеранција и зголемување на моќта на кралот. Била формирана финансиска комисија со цел да се централизира контролата на финансиите во еден оддел, биле воведени реформи во собирањето на приходите и бил преземен детален преглед на

---

[287] Hill, *The Century of Revolution*, 209.
[288] Pollard, The History of England, 55.
[289] Нов Амстердам – претставува денешниот град Њујорк, кој го добил своето име по престолонаследникот, војводата на Јорк, Џејмс II и VII. (Исто, 55).
[290] Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume III, 443.
[291] McKay et al., *A History of Western Society: Volume B*, 547.

кралските трошоци. Целта била да се извади кралот од долгови и тој да не се потпира на парламентот за пари, еден начин за да се постигне тоа било да се побара финансиска помош од Луј XIV.

Кон крајот на шеесеттите години од XVII век, Франција за европските протестанти претставувала олицетворение на апсолутизмот и нетолерантниот католицизам во Европа. Тие сметале дека Луј XIV цели кон формирање на голема католичка империја преку неговата тенденција за да ја припои Шпанија кон Француската круна[292]. Во реалноста тој имал за цел Франција да ја направи најмоќната европска држава на сметка на Шпанија, која во тој момент била предводена од болниот Карлос II, кој бил со ментална попреченост и немал свој наследници. Овој сон на Луј XIV бил во директен судир со интересите на Холандија, која била протестантска држава. Во мај 1667 година тој започнал инвазија на шпанските територии во Холандија. Тоа ги алармирало Холанѓаните кои во 1668 г. ја формирале Големата алијанса, составена од Англија и Шведска[293]. Овие потези на францускиот крал го алармирале англиското население кое почнало да стравува од опасноста од формирањето на голема католичка држава и од потенцијални католички заговори во нивната држава. Нивните стравови не биле далеку од вистината, во 1670 година Луј XIV со цел да ја оддели Англија од сојузот со Холандија го склучил Договорот од Довер[294]. Според одредбите на договорот, Чарлс II ќе стапи во сојуз со Франција против Холандија во замена за пари во вредност од 225 000 фунти[295]. Сега кралот бил независен од парламентот и можел да финансира армија за да спроведе религиозни промени. Во тајните одредби од договорот, кои биле познати само за Чарлс, Арлингтон и Клифорд, кралот ветил дека јавно ќе се конвертира во католичката вера, во замена за тоа Луј му ветил дополнителни 150 000 фунти и француска војска доколку дојде до протестантско востание[296].

Која била целта на Чарлс во овој момент сè уште е предмет за дебата, можеби кралот се надевал дека ќе ги реши своите финансиски, уставни, верски и воени

---

[292] Исто, 531-532.
[293] Derek McKay and H.M. Scott, *The Rise of the Great Powers: 1648–1815*. 16-20.
[294] Hill, *The Century of Revolution*, 195.
[295] McKay and Scott, *The Rise of the Great Powers,* 26.
[296] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 291.

проблеми со еден потег. Но, според мислењето на најголемиот дел на историчарите, тоа било дел од политичката дволичност на кралот. Тој јавно никогаш не побарал помирување со папата, најверојатно целта на Чарлс била тој да се согласи само за да ги добие парите од Луј, но морал да ги задоволи барањата на Луј и затоа во 1672 година ја донел Декларацијата за верска толеранција (Declaration of Indulgence)[297]. Декларацијата ги укинала казните за богослужба на неконформистите и католиците, сметал дека дисидентите ќе бидат толку среќни за добивањето на слобода за богослужба што нема да се противат тоа да биде дозволено и за католиците. Погрешил. Дисидентите и англиканците сметале дека кралот заминал предалеку со таа реформа. Згора на тоа, кралот повторно немал пари. Имено, Англиско-Францускиот сојуз не ги дал очекуваните резултати во третата војна помеѓу Англија и Холандија. Кралската морнарица лошо се покажала во битките со холандската, целата војна го чинела кралот и неговиот кабал од министри повеќе одошто очекувале. Поради тоа во 1673 година тој морал да го свика парламентот[298].

Кавалиерскиот парламент се противел на Декларацијата за верска толеранција и во 1673 година го донел Законот за верска проверка (Test Act)[299]. Со тој закон се барало од сите носители на јавни функции да ја негираат трансупстанцијацијата (transubstantiation)[300] и да примат причест според англиканскиот обред, нешто што секој верен католик не би го негирал. Овој закон практично ги разоткрил сите католици кои држеле јавни функции, најголем шок за целата држава било разоткривањето дека престолонаследникот Џејмс бил таен папист. Тоа заедно со активната поддршка на Стјуартите во војната со протестантска Холандија ги потврдило стравовите на населението од католичкиот заговор и довело до пропаст на сојузот со Франција и со Кабалот. Чарлс II морал да ги распушти своите министри и да склучи мир со Холандија во 1674 година[301].

---

[297] Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 387-388.
[298] Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume III, 531.
[299] Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 389-391.
[300] Трансубстанцијација – учењето дека во светата тајна на причеста лебот и виното се претвораат во вистинското тело и крв на Христос. (Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume III, 539).
[301] McKay and Scott, *The Rise of the Great Powers,* 31.

Во седумдесеттите години од XVII век, главни непријатели на англискиот народ не биле дисидентите и Холандија, тоа место повторно било заменето од папството и Франција. Кралот и кралското семејство го изгубиле својот углед бидејќи се покажале воено и финансиски неспособни, а и како поддржувачи на католицизмот и католичка Франција. За да го поправи својот углед кралот за прв министер го назначил грофот од Данби, а тој поставил лојални англиканци и ројалисти на јавни функции. Строго ги применувал кавалиерските закони, ги прогонувал католиците и дисидентите. За да го смири стравот од католицизмот и да обезбеди протестант престолонаследник, се погрижил образованието на двете ќерки на Џејмс да е во протестантскиот дух и да бидат во брак со протестанти. Мери во 1677 година била омажена за Вилијам Орански од Холандија, а шест години подоцна Ана била омажена за Џорџ од Данска (1653–1708)[302]. Холандскиот брак бил клучен во формирањето на нов сојуз против Франција, следната задача за Данби била да ја подобри финансиската положба на кралот. Тој ги намалил даноците и ги зголемил приходите на круната, ги продолжил реформите на финансиската комисија во даноците за царини, акцизи и данокот на оџаци. Дополнително, додека Франција и Холандија сè уште војувале, Англија била во позиција истовремено да тргува и со двете држави, а како резултат на тоа приходите од трговијата се зголемиле. Но, овие реформи не биле доволни за да се покријат долговите на кралот. Па, затоа Данби се обидувал да го убеди кавалиерскиот парламент да му изгласаат повеќе даноци. Тој се надевал дека ќе ги придобие преку мерките кои досега ги спровел, но отишол и дотаму да им нуди титули и да ги поткупува за да го поддржат во гласањето на нови даноци[303]. Меѓутоа, во парламентот имало такви кои никако не можел да ги придобие. Таа група, предводена од грофот Шафтсбери[304], се спротивставиле на владата на Денби, критикувајќи го дворското расипништво, поткупот, барањата на кралот за постојана војска и неговите симпатии кон Франција и католицизмот. Сметале дека кралската моќ под администрацијата на Данби претставувала закана за политичкиот и верски устав на Англија. Групата на Шафтсбери била малцинство во

[302] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 293.
[303] Hill, *The Century of Revolution*, 195.
[304] Clare, ed., *From Republic to Restoration*, 309.

политичките кругови главно затоа што го застапувала републиканскиот дух од времето на Граѓанските војни. Поради тоа за да настане некоја длабока промена требало да настане поголема криза, таква шанса се појавила во август 1678 година со папскиот заговор (The popish plot)[305].

Имено, отфрлен свештеник по име Тит Оутс (1649–1705) тврдел дека имало католички заговор за да се убие Чарлс II и замени со неговиот брат Џејмс, дека ќе се кренат англиските и ирските католици против протестантите и Француска војска ќе дојде да го обнови римокатолицизмот[306]. На почетокот никој не го сфаќал сериозно, но по убиството на мировниот судија кој сведочел на тврдењата на Оутс во октомври 1678 година, настанала општа паника[307]. Започнале гласини за папски заговори, католички шпиони и пристигнување на француски армии. За најголемиот дел од населението и за државните претставници ова претставувало реализација на нивните најголеми стравови, тие гледале како папското влијание расте врз кралскиот двор, а напредокот на католичка Франција на континентот против протестантите ги потврдило сите стравови. Веднаш биле преземени мерки против католиците, многу од нив биле осудувани за велепредавство, некои дури и погубени, а кралицата била обвинета дека сакала да го отруе кралот. Чарлс, секако, тоа не го сфатил сериозно. Меѓутоа, посериозен проблем настанал со откривањето на коресподенцијата помеѓу Луј XIV и првиот министер на кралот, грофот Данби, во која грофот бара пари од францускиот крал за Чарлс да не мора го свикува парламентот[308]. Кралот за да го спречи импичментот на Данби, во јануари 1679 година го распуштил парламентот[309]. Тоа се покажало како погрешна одлука. Сега опозицијата предводена од Шафтсбери ја добила кризата што ја барала. Нивната платформа на изборите била против папството, француското влијание и против корупцијата во власта. А конечната цел им била да го исклучат Џејмс, војводата од Јорк, од наследството на престолот и на негово место да го донесат нелегитимниот

---

305 Woolrych, *Britain in Revolution,* 785.
306 Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 109-112.
307 Leopold von Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume IV. Oxford: Clarendon Press, 1875. 62.
308 Исто, 69.
309 Jenkins, *A Short History of England*, 155

син на Чарлс II, Џејмс Скот војводата од Монмаут[310]. Периодот што следувал бил познат како кризата на исклучувањето, за време на тој период се составиле три парламенти чиј главен предмет на дебата било дали да се исклучи од наследството или да се ограничи моќта на престолонаследникот кој очигледно бил католик. Тие расправии довеле до издигнување на две групи парламентарци, кои во зависност од лојалноста и ставовите се поделени на виговци и на ториевци[311].

Изборите завршиле со масовна победа на виговците. Првиот парламент траел од март до јули 1679 година[312]. Тие веднаш го обновиле импичментот против грофот Данби. Иако кралот се обидел да го помилува грофот, парламентот помилувањето го прогласил за нелегално и Данби бил затворен во кулата во Лондон. Шафтсбери станал претседател на Тајниот совет во реконструираната влада. Овој парламент успеал да го донесе Законот за измени на хабеас корпус и започнал со работа на Законот за исклучување од наследството на Џејмс, грофот од Јорк[313]. Чарлс првично го одложувал заседанието на парламентот, надевајќи се на поддршка од ројалистите, но откако не ја добил бил принуден да го распушти парламентот. Следните избори повторно завршиле со масовна победа на виговците. Парламентот започнал со работа во октомври 1679 година, меѓутоа кралот продолжил со неговото одложување до октомври 1680 година[314]. Било формирано ново министерство составено од дворјаните Сандерленд, Годолфин и Лоренс Хајд. Кога повторно се заседнал парламентот го донел вториот закон за исклучување кој потоа бил одбиен од Домот на лордовите, главно поради напорите на маркизот од Халифакс. Во јануари 1681 година, Долниот дом донел одлука дека нема да биде

---

310 Hill, *The Century of Revolution*, 196.
311 Виговци и ториевци – овие два термини се однесувале на двете политички струења во Парламентот. На виговците (Whigs) името им било дадено од нивните противници и значело Шкотски презвитеријански востаник. Во изворите првично биле познати под името „Петиционери“ (Petitioners), затоа што поднесувале петиции до кралот Чарлс за свикување на Парламентот и донесување на Законот за исклучување. Ториевците (Tories) исто така своето име го добиле од нивните противници. Нивното име значело Ирски крадец на добиток. Во изворите првично тие се познати како „Одвратувачи“ (Abhorrers), затоа што им било згрозено од барањата на петиционерите. (Hill, *The Century of Revolution*, 196., Bucholz and Key, *Early Modern England*, 296-297, Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume IV, 122.)
312 Hill, *The Century of Revolution*, 196.
313 Исто, 227.
314 Исто, 196.

одобрено ново финансирање сѐ додека не се донесе Законот за исклучување[315]. Многу од пратениците започнале да зборуваат за заговори и изгледало неизбежно дека ќе дојде до нова граѓанска војна. Чарлс веднаш го распуштил парламентот.

Во март 1681 година во Оксфорд, кој бил далеку од центрите со масовна поддршка за виговците, Чарлс го свикал неговиот последен парламент[316]. Но, и тој бил доминиран од страна на виговците по што кралот го распуштил по само една недела. Овие негови одложувања не биле залудни, тие покажале резултати, имено, станувало сѐ појасно дека нема никакви католички заговори против кралот или за поставувањето на Џејмс на престолот. Со тоа поддршката за виговците почнала да опаѓа помеѓу населението, додека пак за ториевците да се зголемува.

Чарлс II одлучил дека ќе владее без парламент, односно дека нема да свика парламент сѐ додека мнозинството биле виговци. За таа цел тој започнал со решавање на проблемот со локалната самоуправа со отстранувањето на виговците од јавните функции на чие место биле поставувани ториевци. Со повелбата од 1683 г. која била наметната врз Лондон, ниту еден градоначалник или шериф не можел да биде назначен без одобрение на кралот[317]. Шафтсбери бил обвинет за велепредавство и бил уапсен. Лондонската порота го прогласила за невин и по судењето тој побегнал во Холандија каде што починал во 1683 година[318]. Во 1684 г. Тит Оутс бил уапсен, а грофот Денби бил ослободен[319]. Во меѓувреме, Чарлс II морал да најде начин како да обезбеди парични средства без да мора да го свикува парламентот. За да си ги зголеми приходите тој тајно прифатил парична помош во вредност од 125 000 фунти од Луј XIV[320]. Вовел построга контрола врз собирањето на парични средства од царините, акцизите и други даноци. Приходите од царините биле особено значителни затоа што во овој период започнала економска револуција која предизвикала економски бум за англиската трговија со Индија, нејзините колонии во Америка и остатокот од Европа. Тоа ги зголемило приходите

---

[315] Matthew Neufeld, *The Civil Wars After 1660: Public Remembering in Late Stuart England.* Woodbridge: The Boydell Press, 2013. 113.
[316] Clare, ed., *From Republic to Restoration*, 432.
[317] Hill, *The Century of Revolution*, 197.
[318] Pollard, The History of England, 48.
[319] Hill, *The Century of Revolution*, 197.
[320] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 299.

на круната на 1 400 000 фунти годишно[321]. Со тие средства сега кралот можел да си финансира постојана војска во Англија, Шкотска и Ирска, а трошоците за одржување на кралскиот двор успеал да ги стави под контрола. Поддршката од страна на ториевците, кралот ја наградил со тоа што продолжил да назначува ториевци на јавни функции. Во 1683 година бил разоткриен „Рај хаус заговорот“, кој завршил со апсење на голем број истакнати виговци[322]. Кралот не презел никакви чекори во однос на католицизмот сѐ до своето конвертирање во католичката вера пред смртта. Чарлс II починал од мозочен удар на шести февруари, 1685 година и бил наследен од својот брат Џејмс[323].



*Слика 5: Чарлс II во кралскиот двор, сликар Анри Гаскар (1635–1701)*[324]

[321] Исто 300.
[322] Neufeld, *The Civil Wars After 1660,* 223.
[323] McKay and Scott, *The Rise of the Great Powers,* 39.
[324] Clare, ed., *From Republic to Restoration*, 348.

## 6.2. Џејмс II: Католичкиот крал и зголемениот антагонизам

Џејмс II и VII (1685–1688) го наследил својот брат на престолот на Англија, Шкотска и Ирска. Новиот крал бил католик[325]. Престолот немал видено католик монарх уште од времето на Мери Тјудор, а и Џејмс ќе биде последниот. Престолот кој го наследил од неговиот брат бил со силна ројалистичка поддршка, за која направил сè за да ја задржи. Тој се заколнал дека ќе го почитува уставот, Англиканската црква и имотот на неговите поданици. По долг период без парламент под Чарлс II, новиот крал го свикал парламентот. Новиот парламент бил составен од мнозинство на ториевци. Тие на Џејмс му ги изгласале истите средства како што важеле и за Чарлс II. Меѓутоа, со зголемените приходи од трговијата, парламентот му одобрил сума од 2 милиони фунти годишен приход, далеку поголема од таа на неговиот брат[326]. Во тие средства биле вклучени приходите од даноците на царини и акцизи и 400 000 фунти за кралот да може да спречи било какво востание во државата. Џејмс за време на своето владеење имал приходи од над 2 милиони фунти годишно[327].

Причината зошто тие средства биле одобрени била затоа што во земјата веќе имало востание предводено од нелегитимниот син на Чарлс II војводата од Монмаут кој се кренал против католичката монархија. Но, Џејмс со средствата кои ги имал сега можел лесно да се справи со востаниците. Првиот проблем кој настанал во овој период било поставувањето на католички офицери, што кралот успеал да го направи благодарение на неговото право да го суспендира законот за време на вонредна состојба[328]. Армијата која била предводена од Џон Черчил им нанела решавачки пораз на востаниците во битката кај Сеџмор[329]. Проблемот се продлабочил откако кралот не сакал да ја распушти војската и ладнокрвно се пресметал со востаниците. Џејмс Скот, грофот од Монмаут, бил погубен. Повеќе од 300 востаници биле погубени во одмаздднички судења, а повеќе од 800 биле

---

[325] McKay et al., *A History of Western Society: Volume B*, 548.
[326] Hill, *The Century of Revolution*, 219.
[327] Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 335-338
[328] Pollard, The History of England, 48.
[329] Hill, *The Century of Revolution*, 197.

однесени во колониите во Америка[330]. Врховниот судија на кралот, Џорџ Џефрис (George Jeffreys), станал познат како „Судијата Џефрис Обесувачот“ (Hanging Judge Jeffreys) поради масовниот број на сурови пресуди со бесење, влечење и распарчување. Овие сурови судења станале познати под името „Крвавите асизи“ („The Bloody Assizes“)[331]. Овој начин на пресметување со поразениот непријател и сурово осудување на сиромашни мажи и жени требало да биде алармантно за англиското население, меѓутоа во тој период, кралот имал цврста власт, востаниците биле поразени, ториевците доминирале во парламентот и го поддржувале кралот и касата била полна.

Како што било во почетокот на владеењето на Чарлс II, така било и за време на Џејмс II, „медениот месец“ евентуално завршувал, било само прашање на време пред парламентот да се почувствува загрозен и да ги брани своите права и привилегии, а кралот да се обидува да си ја зголеми својата моќ и да се обиде да го промени воспоставениот поредок. Во случајот со Џејмс сите промени биле длабоко поврзани со неговата личност. Новиот крал не бил ниту паметен ниту учтив како неговиот брат. Штом станал крал, Џејмс почнал отворено и претерано да го истакнува својот католицизам, побарал градење на нова католичка капела во Вајтхол. За разлика од својот брат Џејмс, воопшто не сакал забави и дворско расипништво, поради тоа наредил да се избркаат од кралскиот двор сите жени кои се занимавале со проституција, вклучувајќи ја и неговата љубовница[332]. Со тоа кралот успеал да го врати достоинството на кралскиот двор и да заштеди пари, што претставувало позитивна промена во контраст на дворот исполнет со скандали во времето на среќниот монарх Чарлс II. Администрирањето се покажало како негова силна страна ,но кралот бил лош политичар, Џејмс II бил апсолутист, тој барал ред, хиерархија и послушност. По карактер бил сличен со неговиот татко Чарлс I. Секое несогласување со одлуките на кралот го сметал како знак за предавство, бил убеден дека како римокатолички крал, неговата должност била да го врати својот народ назад кон католицизмот и помирување со Рим, без разлика на нивните

[330] Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume IV, 262-263.
[331] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 301.
[332] Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 901-902.

индивидуални убедувања, но наместо да се пресметува со своите протестантски поданици, тој одлучил, спротивно на својот карактер, да применува верска толеранција.

Во 1685 година во парламентот, Џејмс изјавил дека нема намера да ја распушти војската и дека ќе ги задржи офицерите кои биле католици[333]. Парламентот, очекувано, не го прифатил тоа и барал нивно распуштање. Кралот ја прекинал седницата. Неговата долгорочна цел била да ги замени протестантите во власта со католици затоа започнал да поставува луѓе во судството кои ќе ги поддржуваат неговите реформи. За време на верската проверка во случајот „Годен против Хејлс“ (Godden versus Hales) судството го потврдило правото на кралот да го суспендира Законот за верска проверка во поединечни случаи[334]. Оваа промена во законот му овозможила на кралот да поставува католици во армијата и државната администрација во Англија, Ирска и во Шкотска. Потоа Џејмс користејќи ги своите кралски овластувања го суспендирал Кавалиерскиот кодекс. Во април 1687 г. тој донел нова Декларација за верска толеранција (Declaration of Indulgence), со која им дал верска слобода на дисидентите и католиците[335]. Исто како Чарлс II пред него, кралот мислел дека доделувањето на верска слобода ќе ги обедини тие две групи против Англиканската црква. Меѓутоа, крајниот резултат бил ист, дисидентите колку и да биле среќни за верската толеранција, не по цена за истите права да бидат доделени и на католиците.

Џејмс не застанувал тука, туку целел кон трајно и целосно укинување на сите закони против дисидентите и католиците, а за тоа да му успее тој морал да го смени составот на парламентот. Кралот започнал да ги отстранува ториевците од јавните функции, локалната самоуправа и судството по окрузите. Непромисленото во таа одлука било тоа што тие биле најголемите поддржувачи на кралската власт. Во 1687 година овие чистки, кои биле во голем обем, отстраниле илјадници лојални ториевци од позициите на судии и локални претставници на власта[336]. На нивно

---

333 Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume IV, 265.
334 Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 83.
335 Исто, 395.
336 Hill, *The Century of Revolution*, 234.

место кралот поставувал католици, а доколку немал кој поставувал дисиденти и виговци. Значи, за да ги спроведе своите реформи, кралот го поткопувал јадрото на својата поддршка, тој им го свртел грбот на сите ројалисти англиканци кои ја поддржувале круната, на старите фамилии на земјопоседници кои со векови ја имале политичката моќ и не ја гледале само како привилегија, туку и како нивно наследно право, и сега ја загубиле.

Во однос на раководството на Англиканската црква, Џејмс II барал целосна лојалност и поддршка за неговите реформи. Тој формирал црковна комисија за вршење на контрола врз англиканското свештенство. Потоа им наредил на бискупите да прекинат со своите проповеди против католицизмот. Во мај 1688 година тој му наредил на свештенството да ја чита Декларацијата за верска толеранција за време на верските обреди[337]. Меѓутоа, свештениците, очекувано, одбивале да го прават тоа. Седум бискупи, предводени од архиепископот Бенкрофт, поднеле петиција до кралот со барање да ја повлече наредбата затоа што сметале дека кралот немал право да ги суспендира законите што ја негираат толеранцијата кон дисидентите и католиците[338]. Џејмс одговорил со тоа што ги обвинил за бунтовничко клеветење и ги затворил во кулата во Лондон.

Англиската владејачка класа до овој момент го толерирала однесувањето на кралот главно затоа што никој од нив не сакал да се повтори периодот на граѓанските војни, па затоа се согласиле дека нема да се креваат на востание против кралот. Дополнително, најголемиот дел од нив сметале дека Џејмс II бил стар и немало долго да остане на престолот, така што по неговата смрт круната ќе паднела во рацете на една од неговите протестантски ќерки. Тоа мислење траело сè до јуни 1688 г., кога кралицата родила син, Џејмс Едвард (1688–1766)[339]. Кралот, сега, го имал својот католички наследник. Многумина од владејачката класа биле алармирани, ова била последната сламка, седум аристократи, од различни политички заднини започнале тајни преговори околу наследството. Грофот од Данби бил пратеник од страна на ториевците, грофот Девоншир, Едвард Расел,

---

[337] Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 83.
[338] Исто, 84.
[339] Hill, *The Century of Revolution*, 199.

Хенри Сидни и грофот од Шрусбери биле виговци, лорд Ламли бил шкотски пратеник и англиканскиот бискуп Комптон[340]. Тоа ни дава до знаење дека Џејмс II успеал да ги сврти против себе речиси сите важни политички и верски групи во земјата. Оваа група аристократи во период од една година водела тајни преговори со холандскиот принц Вилијам III Орански. На седми јуни 1688 година тие побарале од него да направи инвазија на Англија[341].

---

340 Bucholz and Key, *Early Modern England*, 306.
341 Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 120.




*Слика 6: Џејмс II и VII, сликано од сер Годфри Кнелер и сер Питер Лели*[342]

[342] Archer, Thomas. *Pictures and Royal Portraits Illustrative of English and Scottish History from the Introduction of Christianity to the Present Time*. Vol. II. London: Blackie & Son, 1878. 37.

## 7. Славната револуција (1688)

Вилијам Орански веќе подолг период размислувал за потенцијална инвазија на Англија. Со поканата тој сега имал можност да ги придобие богатството и воената моќ на Британските Острови со цел да им помогне на Холанѓаните во борбата против Луј XIV. Покрај тоа тој бил мотивиран од потребата да го спречи ширењето на католицизмот во Англија и потенцијалот таа да стане сојузник на францускиот крал. Дополнително, Вилијам сакал да го заштити правото на престолот на неговата жена Мери Стјуарт, ќерката на Џејмс II. Најзначајна била неговата решителност, па така тој започнал со собирањето на потребните финансии за армијата. Во ноември 1688 година, периодот кога тој ја започнал инвазијата, Вилијам имал подготвено флота која била составена од околу 300 транспортни бродови и 149 воени, покрај флотата била и армијата составена од 21 000 пешадија и 5 000 коњаница[343]. Против таа армија Џејмс имал околу 40 000 војници, што претставувало повеќе од доволно да се спротивстави на холандскиот принц[344]. Меѓутоа, проблемот бил тоа што таа армија била раштркана низ трите кралства и било потребно време за да се организира.

Џејмс на почетокот не сакал да верува дека неговиот зет ќе се крене за да војува против него. Како резултат на тоа тој ја одбил понудата за помош од францускиот крал, додека пак Луј XIV, верувајќи му на Џејмс, во септември 1688 започнал инвазија на Пфалц[345]. Се ова се постигнале две работи: прво француската армија била заглавена до наредната пролет 1689 г., па така не можела да го искористи отсуството на Вилијам за да направи притисок со напад врз Холандија. Второ, Вилијам имал многу среќа и добар тајминг за инвазија, тој на петти ноември 1688 година, речиси непречено се истоварил на југозападниот дел на Англија[346]. Откако, инвазијата станала реалност, Џејмс сфатил дека се наоѓа во лоша позиција и започнал со отповикување на своите одлуки со цел да добие поддршка. Тој ја укинал црковната комисија, ги обновил градските повелби, ги вратил ториевците

---

343 Bucholz and Key, *Early Modern England*, 307.
344 David Hume, *The History of England: From the Invasion of Julius Caesar to the Revolution of 1688*, Vol. VI. London: A. Millar, 1762. 424.
345 McKay and Scott, *The Rise of the Great Powers*, 42.
346 Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume IV, 439.

на нивните стари позиции и ветил дека ќе свика независен парламент. Но, веќе било касно за овие измени, тој не наишол на поддршка кај ториевците и виговците. Кралот почнало да го фаќа паника (имал силно крварење од носот), на располагање имал војска од 25 000 војници, но во споредба со војската на Вилијам, составена од воени ветерани од војните со Франција, таа не била доволно обучена и искусна[347]. Дополнително, армијата била верски поделена, а Џејмс се сомневал во нејзината лојалност кон него, бил во право. Најголемиот дел од аристократите чекале да видат што ќе се случи, меѓутоа кога се покажало дека Џејмс не бил решителен, масовно започнале да преминуваат на страната на Вилијам. Грофот од Данби ја презел контролата врз Јоркшир, лорд Деламир се кренал против кралот во Чешир, а грофот од Девоншир, во Нотингемшир, дури и ќерката на кралот, Ана Стјуарт, заедно со нејзиниот миленик, лорд Черчил, преминала на страната на Вилијам[348]. Во рок од неколку дена кралот целосно ја загубил поддршката. Кога разбрал за принцезата Ана, тој извикал: „Боже, помогни ми, сопствените деца ме напуштија[349]". Веќе во декември 1688 година Џејмс II се откажал од борбата и ја напуштил својата војска тргнувајќи кон Лондон. Кралицата Мери заедно со неговиот син Едвард ги испратил во Франција. Тој самиот се обидел да избега со брод, меѓутоа бил откриен од кентски рибари и вратен во Лондон. Бидејќи немал намера да остане, побарал дозвола да оди до Рочестер, ова му било дозволено и никој не се противел. Попатно тој успешно избегал во Франција[350].

Во Лондон имало хаос, протестанти напаѓале католици. Во декември 1688 година, собрание од 60 благородници го повикале принцот Орански привремено да ја преземе администрација на државата[351]. Во февруари 1689 г. тој, заедно со поранешни пратеници и дел од благородништвото, формирал нов Конвенциски парламент (Convention parliament) со цел да одлучат кому ќе му „падне" престолот[352]. Виговците кои биле дел од овој парламент верувале дека власта е основана врз договор, дека имаат право да се кренат против лошиот владетел и,

---

347 Bucholz and Key, *Early Modern England*, 307.
348 Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume IV, 449-450.
349 Hume, *The History of England,* Vol. VI, 426.
350 McKay et al., *A History of Western Society: Volume B*, 548
351 Hume, *The History of England,* Vol. VI, 427.
352 Hill, *The Century of Revolution*, 255.

секако, верувале во врховната моќ на парламентот. Поткрепени со овие убедувања, тие сметале дека Џејмс го прекршил својот договор кон англискиот народ и затоа бил соборен од престолот. Додека, пак, ториевците биле шокирани, тие не сакале да одат дотаму да го отстранат кралот бидејќи сè уште верувале во наследната монархија и божественото право на кралевите. Нивниот предлог бил Џејмс II да останел крал, а Вилијам да станел негов регент. По одбивањето на овој предлог, ториевците предложиле круната да ѝ биде доделена на Мери, за да е во рацете на династијата Стјуарт[353]. На вториот предлог се противел самиот Вилијам Орански, тој им се заканил дека ќе си ја земе војската и ќе си замине оставајќи ги сами на себе. Во февруари 1689 година парламентот одлучил дека Џејмс II абдицирал и го оставил престолот празен. Круната им била понудена на Вилијам III (1689–1702) и Мери (1689–1694), но административната контрола на државата му припаѓала на Вилијам III[354]. За првпат во историјата на Англија, парламентот ги избрал кралот и кралицата. Покрај тоа им бил понуден документ познат како „Декларацијата за правата“ („Declaration of rights“). Таа декларација го осудила суспендирањето и укинувањето на законите, кралската манипулација со судството, оданочувањето без одобрение од парламентот и одржувањето на постојана војска[355].

Во врска со верското прашање, кралот Вилијам III бил холандски калвинист, во контекст на тој период, припаѓал во групата на дисидентите. Поради тоа во 1689 година, парламентот го донел Законот за толеранција, кој овозможил верска толеранција за протестантските дисидентски цркви во државата[356]. Најголемиот дел од казните во Кавалиерскиот кодекс биле укинати, но проблемот кој останал бил Законот за верска проверка. За да го заобиколат овој закон, дисидентите морале само да извршат верски обред на англикански начин при преземањето на јавната функција и потоа да го повторат на годишно ниво. Католиците не смееле да го практикуваат ова, за нив казните останале во сила.

---

353 Bucholz and Key, *Early Modern England*, 309.
354 Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume IV, 518.
355 Hill, *The Century of Revolution*, 275.
356 Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 400.




*Слика 7: Востанието на Џејмс Скот, грофот од Монмаут од 1685 г. горе и Славната револуција на Вилијам III Орански од 1688 г. долу*[357].

[357] Gilbert, *The Routledge Atlas of British History*, 62-63.

## 7.1. Владеењето на Вилијам III и Мери II

Славната револуција завршила, парламентот успеал да си ги зачува своите права и протестантизмот бил сигурен во Англија. Но, англиското население сега стоело пред нов предизвик, војна со Франција, која во историјата е позната и како Деветгодишната војна. Имено, една од целите на Вилијам била да го искористи економскиот и воен потенцијал на Англија против католичка Франција, со што индиректно би ја осигурил безбедноста на Холандија. Пресметката со Џејмс можеби засега била решена, меѓутоа Стјуартите сѐ уште имале силна ројалистичка поддршка во Англија, Шкотска и во Ирска. Овие ројалисти подоцна станале познати како јакобити (Jacobites)[358]. Џејмс сѐ уште бил жив и ја имал целосната поддршка на Луј XIV за негово враќање на престолот. Вилијам III сега морал да ги убеди англиските благородници и англискиот народ дека неговата борба против Франција е и нивна борба и доколку не го поддржат ќе ги загубат своите права и сѐ што постигнале досега. Најголемиот дел од поданиците на Вилијам го признавале за крал, меѓутоа тој не бил легитимниот наследник на престолот и затоа не бил гледан во истото светло како што биле Хенри VIII или Џејмс I. Поради тоа Вилијам никогаш не се почувствувал како да е дома кога бил помеѓу своите англиски поданици, ниту пак можел да се потпре на нивната лојалност, затоа се потпирал врз легитимитетот на Мери Стјуарт. Ториевците кои не се согласувале со Вилијам, ја поддржувале неа, тие оделе дотаму што кога тој отсуствувал од дворецот, тие ја убедувале кралицата да земе поактивната улога во власта. Меѓутоа, Мери одбивала да оди против нејзиниот маж и воопшто не била заинтересирана за политика. Она што ја поврзувало со населението било нејзиното англиско потекло и посветеноста кон Англиканската црква. Мери била побожна, дарежлива и поддржувач на уметноста, убава и отворена[359]. Нејзината побожност ја обновила поддршката за Англиканската црква помеѓу англиското население, нејзината дарежливост ја направила популарна, како патрон на уметноста таа го финансирала реновирањето на палатите во Кенсингтон и Хамтон од страна на архитектот Кристофер Врен[360].

---

[358] Јакобити – поддржувачи на поранешниот крал Џејмс II и VII (James). Името го добиле од библиското име Јакоб (Jacob), додека во англискиот јазик се транскрибира во Џејмс.
[359] Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 906-907
[360] Bucholz and Key, *Early Modern England*, 316.

Нејзината отвореност водела кон често приредување на приеми во кралскиот дворец, што претставувале доста привлечни за владејачката елита. Самиот крал изјавил:

„Иако не можам да најдам вистински начин како да им угодам на Англичаните, уверен сум дека таа ќе успее[361].“

Таква била ситуацијата сѐ до декември 1694 година, кога кралицата Мери Стјуарт, умрела од сипаници[362]. Сега Вилијам бил оставен сам со своите поданици. Тој бил особено интелигентен и тоа го покажал во водењето на администрацијата и дипломатијата. Бил посветен и трудољубив, со конечната цел да ја спречи Франција, оваа негова цел била водена од неговата желба да ги сочува Холандската Република, протестантската вера и политичката слобода на Европа. За да го постигне тоа тој сметал дека треба да се формира Голема алијанса на европски држави за да се одржи рамнотежата на силите на Континентот. Меѓутоа, англиското население не можело да го разбере својот крал. Тие воопшто не се гледале себеси како голема и влијателна сила, а секоја војна водела до високи даноци, пад на трговијата, големи загуби и лоши резултати. Вилијам, од друга страна, не можел да го трпи дворскиот живот, тој бил молчалив и ладен човек, најголемиот дел од времето го поминувал со војската. Најблиските пријатели му биле Холанѓани, тој им подарувал земја, титули и ги поставувал на клучни позиции во власта. Иако бил поддржувач и љубител на француската уметност, сепак имал груби манири и секогаш се претставувал себеси како војник[363]. Сите овие квалитети го одвоиле од неговите поданици, едноставно, тој постојано се држел на одредено растојание од нив. Во однос на парламентот, Вилијам повеќе ги поддржувал ториевците, иако неговите најголеми поддржувачи биле виговците. Тој немал доверба во нив затоа што стравувал дека тоа што му се случило на Џејмс II, може да му се случи и нему. Виговците ги асоцирал со радикализам и република. Но, ториевците, од друга страна, сѐ уште биле ревносни поддржувачи на божественото право на кралевите и затоа голем дел од нив испаднале да се поддржувачи на Џејмс II.

---

[361] Исто, 317.
[362] Jenkins, *A Short History of England*, 163.
[363] Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 905-906.



*Слика 8: Слика од таванот во кралската болница во Гринвич. Иако биле ревносни протестанти, Вилијам и Мери тука се претставени во раскошот на династијата Стјуарт, тука покажуваат дека ја разбирале моќта на монархиските симболи*[364].

[364] Jenkins, *A Short History of England*, 177.

## 7.2. Вилијам III Орански и пресметката со јакобитите

Вилијам III повеќе се поврзувал со ториевците во Англија, но тие како ревносни поддржувачи на божественото право на кралевите биле јакобити. Тоа ја предизвикало и првата криза на владеењето на Вилијам која настанала во Ирска и во Шкотска. Да се потсетиме дека најголемиот дел од Шкотите биле христијани презвитеријанци и со значително католичко население во северните шкотски висорамнини (Highlands). По реставрацијата, во 1662 година, во Шкотска била воспоставена Епископална шкотска црква по англискиот модел, додека пак Генералното собрание на Киркот и традиционалните презвитеријански служби биле укинати[365]. Презвитеријанското свештенство морало да ги напушти своите богослужби и во тајност да започне со таканаречени „собири во поле“ (field conventicals)[366]. Во 1677 година, Шкотската влада, по наредба на војводата од Лодердејл, им ги одзела граѓанските права на презвитеријанците, таквата политика кон презвитеријанското население водела кон граѓанска непослушност, па дури и кон отворени востанија[367]. Во 1679 година, протеран за време на кризата на исклучувањето, Џејмс како војводата на Јорк лично ја презел власта во Единбург[368]. Тука тој соработувал со локалните шкотски епископи и епископалните благородници за да ја зајакне кралската власт и да ги потисне презвитеријанците. Откако станал крал, Џејмс отишол и подалеку со тоа што ја проширил верската толеранција кон шкотските католици, додека пак презвитеријанската вера била казнива со смрт. Поради сите овие мерки, воопшто не е изненадувачки фактот што кралот не ја добил поддршката од презвитеријанците со Декларацијата за верска толеранција во 1688 година[369]. За време на Славната револуција во Шкотска следувал период на насилство против католиците, епископите и кралската власт.

Шкотскиот конвентски парламент во 1689 година бил доминиран од виговците и презвитеријанците. Тие веднаш изгласале дека Џејмс ја изгубил својата законска власт и ги поканил Вилијам и Мери да владеат. Потоа изгласале за

---

[365] Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 608-609.
[366] Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume IV, 90.
[367] Bucholz and Key, *Early Modern England 319.*
[368] Hill, *The Century of Revolution*, 196.
[369] Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 399.

распад на Шкотската црква и обновување на Презвитеријанскиот кирк[370]. Тие мерки, како и протерувањето на епископите, предизвикале обединување на епископите од рамничарскиот дел на Шкотска со католиците од височрамнините, при што се создало движењето на шкотските јакобити[371]. Вилијам брзо и успешно се пресметал со поддржувачите на Џејмс II во Шкотска, но посериозен проблем за него претставувала Ирска.

Во Ирска, Луј XIV имал план да го врати неговиот братучед Џејмс II повторно на престолот, а отпосле да се започне со кампањата за освојување на Англија. Ирска претставувала совршена за таа цел, покрај долговековниот отпор на владеењето на Англија, мнозинството Ирци биле католици. По доаѓањето на Џејмс II на власт, католиците во Ирска повторно се издигнале, повеќе од половина од ирската војска била составена од католици. Потоа биле конфискувани сите градски повелби и заменети сите протестантски шерифи, судии и мировните судии[372]. Тие мерки вродиле со „плод“ бидејќи од трите кралства на Џејмс II, само Ирска му останала лојална во 1688 година. Џејмс го направил првиот чекор, со француска поддршка тој се укотвил во Кинсејл[373]. Тука тој веднаш свикал Ирски парламент кој главно бил составен од католици. Неговата цел била да воспостави еманципација на католиците, тој му дозволил на Јакобинскиот парламент да ги конфискува земјиштата на протестантите[374], тука треба да се потенцира дека Џејмс II не дошол за да ја ослободи Ирска од контролата на Англија, туку само да ја искористи за да си го врати сопствениот престол затоа му била потребна нивната поддршка. Ирците набрзина формирале селанска армија која не била соодветно опремена, ниту пак имала некое искуство, меѓутоа успеала да ги натера протестантските земјопоседници да се повлечат во Улстер, северниот претежно протестантски дел на Ирска, со ова Џејмс постигнал целосна контрола врз јужниот и западниот дел на Ирска. Првиот обид на Вилијам да интервенира во Ирска завршил катастрофално, војската на војводата Шумберг, која била пратена да им помогне на протестантите,

---

[370] Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume IV, 525.
[371] Исто, 543-544.
[372] Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 702-703.
[373] Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume IV, 536
[374] Hill, *The Century of Revolution*, 256.

подлегнала на тифус[375]. Дополнително, Француската флота во 1690 година ја поразила обединетата Англо-холандска флота во битката кај Бичи Хед со што била воспоставена контрола врз морето и го отворила патот за инвазија на Англија[376].

Вилијам III откако ги средил внатрешните проблеми со власта, директно ја презел командата врз војската во Ирска. Во 1690 година, кралот застанал на чело на 35 000 Англо-холандска војска која била далеку поискусна од таа на Џејмс II[377]. Вилијам III го ослободил Улстер и ги натерал католиците да се повлечат на реката Бојн, северно од Даблин, и тука во јули, 1690 година, се судриле силите на Вилијам III и Џејмс II[378]. Битката завршила со победа на Вилијам III, а Џејмс II побегнал во Франција. Ирците кои го поддржувале продолжиле да војуваат до летото 1691 година. По нивниот пораз кралот не сакал реваншизам и со договорот од Лимерик во 1691 година тој ветувал религиска толеранција[379]. Тоа овозможило околу 11 000 ирски јакобити непречено да заминат во Франција, каде што се ставиле во служба на Француската круна. Толеранцијата на Вилијам III не се протегала и врз неговите протестантски поданици во Ирска коишто сакале одмазда за стореното, меѓутоа му била потребна протестантската поддршка и затоа тој ги прифатил нивните барања. Со тоа протестантските земјопоседници имале одврзани раце да донесуваат закони кои колективно биле познати како казнени закони (Penal Laws), кои имале за цел да го потиснуваат католичкото население. Со нивното донесување, на католиците им било забрането да гласаат, да вршат јавна функција, да се занимаваат со право, да држат настава, да студираат на универзитетите, да носат мечеви и да купуваат земја или коњ чија вредност надминувала 5 фунти[380]. Дополнително, им било забрането да наследуваат земја од протестанти и да ја подаруваат на најстарите синови, наместо тоа тие морале да ја разделат земјата помеѓу сите синови со цел да нема крупен земјопоседник помеѓу католиците во Ирска. Овие промени имале трајни последици за Ирска и за ирското население, коешто по донесувањето на неколку трговски закони кои им забранувале на Ирците да тргуваат со други

---

[375] Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 755.
[376] McKay and Scott, *The Rise of the Great Powers,* 48.
[377] Bucholz and Key, *Early Modern England 321.*
[378] McKay and Scott, *The Rise of the Great Powers,* 48.
[379] Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 765.
[380] Исто, 772-773.

бродови освен англиските, станало целосно зависно од Лондон и од Англија. Додека пак за Вилијам III војната во Ирска и Шкотска претставувала триумф и трајна победа на протестантизмот во Англија.

Војната со Џејмс II можеби била завршена, но не и таа со Франција. Вилијам III се соочувал со нов проблем, анимозноста на ториевците кои се покажале како корумпирани, неспособни и одбивале да соработуваат со кралот во водењето на војната против Луј XIV. Ториевците сакале да водат политика која само ќе ги штити поморските интереси на Британските Острови во Медитеранот и Карибите, а ќе избегнува отворени судири со Француската флота. Тие воопшто не сакале да се впуштаат во долга и скапа војна на континентот, а Вилијам III ова го гледал како кукавично и поразително[381]. Ситуацијата се влошила откако дознал дека реномирани ториевци, како и неговиот најспособен командант Џон Черчил, војводата на Марлборо, воделе коресподенција со стариот крал Џејмс II во чии писма тие се извинуваат за нивната улога во револуцијата од 1688 година[382]. Тие писма најверојатно биле напишани со цел да си ги обезбедат животите во случај исходот од револуцијата да бил спротивен, меѓутоа тоа не го спречило кралот да се сомнева во потенцијален заговор и затоа тој наредил сите кои биле учесници во пишувањето на писмата да бидат затворени во Лондонската кула.

Кралот, кој на почетокот од своето владеење сметал дека повеќе може да се потпре на ториевците за да си го осигура својот престол, сега започнал да именува виговци на позициите од ториевците. Во периодот на Деветгодишната војна политиката на виговците била еднаква со таа на кралот, тие ја прифаќале политиката на толеранција, стравувале од политиката на Луј и католичка Франција и целосно ја поддржувале улогата на Британските Острови во Големата алијанса. Дополнително на тоа, виговците главно биле трговци и финансиери кои немале проблем со зголемените воени трошоци. Со ова настанал пресврт во политиката, ториевците кои биле некогашната партија на круната, сега станале опозиција. Од друга страна, виговците го поддржувале Вилијам III од прагматични причини, водени од лојалност кон парламентот и кон протестантската вера. Тие не го гледале

---

[381] Hill, *The Century of Revolution*, 279.
[382] Bucholz and Key, *Early Modern England 323*.

кралот како божествен владетел или како татко на нацијата, туку како извршен управител. Иако му служеле на кралот, често ја користеле својата позиција за да изнудат политичка корист од него, често му се заканувале дека ќе му ги укинат финансиите доколку не се согласи со парламентарните барања, како на пример, Триеналниот акт од 1694 г. со кој го обврзале кралот да свикува парламент барем еднаш на три години[383]. Поради загриженоста со војната со Франција, Вилијам III најчесто и ги прифаќал овие барања од виговците. Со овие политички промени и постојаните концесии во период на војна, круната сè повеќе станувала зависна од парламентот.




*Слика 9: Карта од Ирска (1649–1651) во периодот на освојувањето на Оливер Кромвел и Ирска (1689–1691) за време на Востанието на јакобитите против Вилијам III*[384]

---

[383] Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 159.
[384] Gilbert, *The Routledge Atlas of British History*, 64-65.

### 7.3. Кралството во периодот на Деветгодишната војна (1688–1697)

Со поддршката којашто ја добивал од страна на виговците, Вилијам III сега го добил тоа што го посакувал, односно парламент и власт којашто ја поддржува неговата војна против Луј XIV. Овој период во историјата на Англија бил одбележан со владеење на „Хунта“ (Junto), составена од пет члена кои се покажале како мошне ефикасни. Најистакнат член на Хунтата бил Томас Вортон, кој бил влијателен говорник и голем земјопоседник со значително влијание врз парламентот, покрај него тука бил и сер Џон Сомерс, кој бил експерт за уставноправни работи, истакнат правник и имал значителен придонес врз англискиот уставен поредок, вклучувајќи ја и Повелбата за правата (Bill of Rights) од 1689 година. Третиот највлијателен член бил Чарлс Спенсер, кој имал значителна поддршка во Долниот дом, како и големо искуство во водењето на надворешната политика[385]. Британската морнарица била водена од адмиралот Едвард Расел, кој извојувал решавачка победа над Француската флота во 1692 година и со тоа ја отстранил опасноста од француска инвазија и воспоставил англиска поморска доминација[386]. Дополнително, тој направил реформи во Кралската морнарица преку изградбата на нови бродови и модернизација на пристаништата. Со победата над француската морнарица Вилијам сега можел да се префрли на копнени пресметки со францускиот крал. Меѓутоа, за да се преземе таков чекор требало трошење на огромни средства за одржување на постојаната војска, како и зголемени трошоци за морнарицата. Периодот на Деветгодишната војна ја чинел Англиската круна повеќе од 5 милиони фунти годишно[387], што претставувало трипати поголеми трошоци за Англиската круна споредено со времиња на мир. За да се снабди со тие средства Вилијам III повторно се свртел кон Англискиот парламент. Во 1692 година за да ги финансира кампањите на Вилијам III, парламентот изгласал нов данок на земјиште каде што сопствениците на земја за секоја фунта вредност на земјиштето и должеле на круната 4 шилинзи[388]. Тоа значело дека сите земјопоседници треба да ѝ плаќаат на круната една петтина од својот годишен приход од земјата што ја поседуваат.

---

385 Bucholz and Key, *Early Modern England 324*.
386 Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 836.
387 Hill, *The Century of Revolution*, 268.
388 Исто, 268-269.

Меѓутоа, во практика данокот се покажал неефикасен, затоа што круната не успеала да ги собере предвидените средства.

За да најде решение на проблемот кралот во 1692 година го назначил за господар на ризницата и во 1694 година за канцелар на државната каса, еден од членовите на Хунтата, Чарлс Монтагу, подоцнежниот лорд Халифакс[389]. Тој се покажал како финансиски гениј. Монтагу сфатил дека финансирањето на војната не можело да дојде само од данокот на земјиште и дека на кралот му требаат постојани средства на располагање, затоа одлучил да се „сврти“ кон богатството кое државата го стекнала преку трговија, како на нов постојан извор. Во последната деценија од XVII век, круната го зголемила данокот на царини за 25 проценти, додека пак данокот за акцизи бил зголемен и проширен и сега ги вклучувал производите од кожа, јагленот, слад, сол, зачини, чај, кафе и вино[390]. Меѓутоа, Монтагу не сакал да оди предалеку со овој данок затоа што можел да има и контра ефект, затоа предложил големите и средни трговци доброволно да ѝ позајмат пари на круната. Ова се покажало како ризично затоа што круната не била „највернииот“ должник.

Поради тоа, виговците и Монтагу понудиле ново решение. Во 1693 година, Парламентот ѝ дозволил на Владата да побара заем од еден милион фунти, обезбедени со фонд кој се полнел со данокот на земјиште, со акцизите и со други слични приходи[391]. Со оваа реформа започнало создавањето на финансиран државен долг (funded national debt). За првпат каматата на долгот била гарантирана да се исплаќа од конкретен фонд, што ги направило заемите да бидат значително попривлечни. По предлог на Монтагу, круната не требала да се обврзува на отплата на главнината од заемот, туку само на редовно плаќање на каматата. Круната ветила доживотна исплата на каматна стапка од 8 до 16 проценти[392] врз заемот кој го

---

389 Bucholz and Key, *Early Modern England 325.*
390 Исто, 325.
391 Leopold von Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume V. Oxford: Clarendon Press, 1875. 74.
392 Според Роберт Бушолц, Њутон Киј и Џорџ Кларк каматната стапка врз заемот изнесувала 14 проценти (Bucholz and Key, *Early Modern England 326;* Clark, George. *The Later Stuarts 1660-1714*. 2nd ed. Oxford: Clarendon Press, 1955. 176), додека пак според Леополд фон Ранке таа варирала од 8 до 16 проценти (Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume V, 76).

добила од заемодавачите. Тоа значело дека доколку кралот ја добие војната, сите коишто позајмиле пари на круната, ќе имаат повеќекратен поврат на своите средства. Овие услови биле толку привлечни што круната успеала да најде заинтересирани инвеститори дури и со спуштање на каматата на 5 проценти во 1714 година[393].

Реформите не застанале тука, подоцна круната нудела и самоисплатливи ануитети, врзани за одреден број на животи или за период од 99 години, како и продажба на билети за лотарија[394]. Дополнително, круната ја обврзала Источната индиска компанија и слични државни тела како неа на високи суми на средства во замена за привилегијата да постојат[395]. Најголем зафат на реформите на Монтагу претставувала повелбата за Банката на Англија основана во 1694 година[396]. Во замена за заем од 1,2 милион фунти, банката добила право да издава сопствени акции, да прима депозити, да одобрува заеми, па дури и да печати банкноти обезбедени со заемот што ѝ го дала на Владата[397]. Во наредните години, Банката на Англија станала најголемото богатство на англиската круна.

Промените во економијата на Англија и целиот нејзин даночен систем често се нарекувани и финансиска револуција од страна на други историчари, како П. Г. М. Диксон[398]. Нивното влијание било далекосежно, краткорочно му овозможиле на Вилијам да ги финансира своите воени кампањи на Континентот како и морнарицата низ Атлантскиот Океан. Единствено нешто што немало во Хунтата, а и во Англија во тој период било добар воен командант. Таа улога паднала во рацете на самиот крал, кој не се покажал како најдобар. Првите години од војната се покажале катастрофални за Големата алијанса, тие постојано губеле во копнените судири со војските на Луј XIV. Ова водело до сè поголем притисок од ториевците за враќање на сини води стратегијата и напуштање на војната на Континентот. Меѓутоа, финансиските реформи, истрајноста на Вилијам III и единството на

---

393 Hill, *The Century of Revolution*, 269.
394 Bucholz and Key, *Early Modern England 326.*
395 Hill, *The Century of Revolution*, 261.
396 Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume V, 79.
397 Clark, *The Later Stuarts*, 1955, 177.
398 Bucholz and Key, *Early Modern England 326.*

Светата алијанса долгорочно довеле до победа во војната против францускиот крал. Имено, Луј XIV не можел да го издржи финансискиот притисок кој бил предизвикан од долготрајното војување и неговото влијание започнало да се намалува. Бидејќи немал парични средства за да ја продолжи војната, францускиот крал побарал мир и во 1697 година[399] двете страни склучиле договор.

Со потпишувањето на договорот од Рисвик на 20 септември 1697 година[400], Луј XIV го признал Вилијам III Орански за крал на Англија, Шкотска и Ирска, ја повлекол својата поддршка за кралот Џејмс II и се согласил на враќање на териториите коишто биле заземени од 1678 година. Дополнително, двата крала се согласиле на договор за поделба на шпанското наследство, за во моментот кога кралот на Шпанија Карлос II умрел, ниту една европска сила да не ја добие целата Шпанска Империја[401]. Со овој договор сонот на Луј XIV за обединета Француско-Шпанска Империја бил одложен, додека пак Холандската Република и европскиот протестантизам биле сочувани и револуцијата во Англија била загарантирана.

Долгорочно, финансиската револуција на Англија (наскоро Велика Британија) ѝ обезбедила сѐ поголема воена доминација во Европа во XVIII век, а и светска доминација во XIX век. Втор долгорочен ефект било создавањето на државниот долг на Велика Британија, државата сега трајно се обврзала да го исплаќа долгот, што значело постојано зголемување на даноците и ново задолжување. Иако за време на мир тој долг се намалувал, не можел целосно да се елиминира. За да обезбеди поддршка и да ги постигне зацртаните политички цели, кралот морал редовно да го свикува парламентот и да прифати серија на ограничувања на својата моќ, како што бил „Тригодишниот акт“ (Triennial Act) од 1694 г.[402], намалувањето на холандската гарда и прифаќање на одредбите од Законот за наследство (Act of Settlement) од 1701 година[403]. Со тоа можам да заклучам дека финансиските реформи имале голема улога во обликување на англискиот уставен систем и зајакнување на положбата на парламентот во

---

399 McKay and Scott, *The Rise of the Great Powers,* 51.
400 Исто, 52.
401 Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 881-883.
402 Clark, *The Later Stuarts*, 1955, 149.
403 Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 129.

државата. Со тоа гледаме дека моќта на монархот станувала сè поограничена, меѓутоа моќта на круната како државна власт станувала сè поголема. Власта сега имала на располагање голема армија, морнарица и зголемена бирократија. Армијата на кралот Вилијам III броела над 90 000 во 1694 година[404], централната администрација од 4 000 во 1688 година, се зголемила на 12 000 во првите децении од XVIII век[405].

Овој период донел професионализација на државната служба со појавата на бирократи кариеристи кои останувале на функција независно од политичките промени. На социоекономски план, финансиските реформи создале нови форми на богатство и брзо збогатување на инвеститори, а особено тие кои припаѓале на виговците. Сето ова довело до создавање на нова класа на граѓани коишто современиците ги нарекувале „парични луѓе“ (moneyed men)[406]. Тие луѓе своето богатство го стекнувале преку експлоатацијата на кредити, тие имале големо влијание и значајна улога во англиското општество затоа што често биле вклучени во решавање на проблемите со државните финансии како дел од владините комисии и постојано биле поставувани како советници на државните функционери. „Паричните луѓе“ стекнувале големо влијание врз англиската внатрешна и надворешна политика, имале влијание и врз средноимотните граѓани во државата, па така оние луѓе коишто имале малку слободен капитал почнувале да го вложуваат во државните ануитети. Во 1709 г. околу 10 000 лица инвестирале во националниот долг, а во 1719 г. тој број се искачил на околу 30 000[407]. Тука можеме да воочиме дека реформите во државните финансии создавале шпекулативен пазар на ануитети и акции кои привлекувале широки слоеви од населението со надеж за брзо збогатување.

Промените настанати од Славната револуција во 1688 година довеле до темелна промена на финансиите на власта, а со тоа и постепено изумирање на стариот систем на земјопоседници. Сè поголемата државна бирократија, која

---

[404] Clark, *The Later Stuarts*, 1955, 168.
[405] Bucholz and Key, *Early Modern England 327.*
[406] Trevelyan, G. M. *England Under the Stuarts*. London: Methuen, 1904. 458.
[407] Bucholz and Key, *Early Modern England 328.*

станувала неопходна за водењето на војната, растечкиот државен долг, новиот сложен финансиски систем, тешките даноци врз земјиштето со кои се вршела исплата на истиот тој долг како и сè поголемото богатство на безимотното население силно ги потресле современиците, а особено ториевците земјопоседници, кои сметале дека војните, финансиската револуција и државната бирократија кои биле создадени за нивно водење ја загрозувале традиционалната општествена хиерархија која се засновала врз потекло и земјопосед. Според нив, земјопоседниците сè повеќе осиромашувале додека пак воените лица и државните службеници, станувале сè побогати, со други зборови сега традиционалната хиерархија всушност не постоела и секој можел да се издигне во англиското општество, без разлика на неговата заднина. Меѓутоа, промената во економијата имала, можеби, и поголемо влијание врз обичното население во Англија, коешто недоволно го разбирало финансискиот систем. Според Џонатан Свифт[408]:

„Преку досетливоста и лукавството на берзанските шпекуланти, беше воведена таква сложеност на измами и измамнички практики, таква тајна и беззаконие и таков неразбирлив жаргон на поими, какви што никогаш не биле познати во ниту една друга епоха или земја.“

Свифт исто така ја увидел проблематиката и со свесното натрупување на државниот долг, чијашто исплата била одложена на недефиниран рок. Сите овие проблеми заедно предизвикале за возобнова на популарноста на ториевците во периодот по мирот од Рисвик.

---

[408] Trevelyan, *England Under the Stuarts*, 1904, 458.

## 7.4. Влијанието на Славната револуција врз англиската политика и општество

За да го објасниме влијанието на револуцијата врз англиското општество, прво треба да се запрашаме зошто таа револуција е наречена славна? Прво да тргнеме од самиот судир помеѓу Џејмс II и Вилијам III Орански. Тој судир не предизвикал голем број на жртви помеѓу населението, настрана од животите загубени за време на таканаречените „Ирски ноќи“[409] во Лондон и крвавењето од носот на Џејмс II, револуцијата се смета за речиси бескрвен настан, особено кога се споредува со претходните револуции во англиската историја. Дополнително, преземањето на власта со мал број на жртви се гледало како да е предодредено од Бога, настанот се случил во 1688 г., сто години по победата над Шпанската армада во 1588 година, што претставува симбол за истрајноста на англискиот народ, каде што протестантскиот бран ја спасува државата од пропаст и точно еден век подоцна се случува истото. Уште еден датум се поклопувал со пристигнувањето на Вилијам III, а тоа е 5 ноември, односно денот на барутниот заговор на католиците од 1605 г. Додека пак католичката власт на Џејмс II постепено, но сигурно се распаѓала и не предизвикала слични реакции како револуциите од средината на XVII век. Владејачката класа опстојувала, а со цел да се одржи системот настанала само промената на монархот. Сите овие настани во очите на современиците ја правеле револуцијата да изгледа славна.

Од друга страна, додека за современиците револуцијата била славна, таа не била гледана на ист начин од подоцнежните генерации. Револуцијата настанала од страв и нетолеранција на католиците, а нејзиниот резултат бил зајакнување на системот на хиерархија и зацврстување на политичката и општествена моќ на владејачката класа, додека пак не направила ништо за пошироката маса на Англичани. Сè повеќе историчари го истакнуваат фактот дека најголемиот дел од тие коишто учествувале во револуцијата од 1688-9 г. биле конзервативци, неподготвени револуционери па дури и контрареволуционери. Мислењето на историчарите Роберт Бушолц и Њутон Киј е дека без разлика на тоа кои биле

[409] Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume IV, 479.

мотивите на револуционерите пред револуцијата, ретко се исполнувале според нивните барања, впрочем, и самата револуција можела да добие различен тек[410]. Јас се согласувам со ова мислење, затоа што имаме многубројни примери каде што првичните цели на тие коишто ја поттикнувале револуцијата често не завршувале на ист начин како што биле планирани, тука можеме да го земеме примерот со англиската елита од четириесеттите години од XVII век, револуционерите биле неподготвени, но крајниот резултат што успеале да го постигнат било укинување на монархијата и воспоставување на република. Со тоа може да заклучам дека и револуцијата од 1688-9 г. заминала подалеку од очекувањата на самиот Вилијам III и англиската елита којашто го поддржала новиот крал. Славната револуција претставувала конечен премин на Англија од своето средновековно минато и нејзиното неповратно преминување во раномодерна Англија, решавајќи ги проблемите коишто Тјудорите ги оставиле на Стјуартите да ги решат.

Првиот проблем кој бил решен, бил тој поврзан со суверенитетот. Од моментот на Славната револуција највисока суверена моќ во Англија припаѓала на Англискиот парламент. Најдобар пример за тоа е Конвенцискиот парламент од 1689 г. кој се свикал самиот, дебатирал за наследството на престолот, му ја одзел круната на Џејмс II, го исклучил од наследството неговиот син принцот Џејмс и ја понудил круната на Вилијам и Мери[411]. Парламентот имал целосна контрола и за самото наследство на Ана, којашто би го наследила престолот доколку Вилијам III нема свои деца наследници.

По смртта на Мери, Вилијам III не се оженил повторно и не оставил наследник на престолот, а Ана не успеала да роди наследник за на престолот, што довело до повторно мешање на парламентот во наследството. Главната цел била исклучувањето од престолот на кој било католички наследник, поради стравот од повторување на настаните од блиското минато. Со наследниот акт од 1701 година, доколку Вилијам и Ана не успеат да произведат наследник на престолот, престолот ќе припадне на нивните најблиски роднини од протестантска вероисповед. Така круната паднала во рацете на династијата Брауншвајг од изборното кнежество на

[410] Bucholz and Key, *Early Modern England 311.*
[411] Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 158-159.

Ханове[412]. Така што тука можеме да заклучиме дека парламентот е тој којшто од овој момент во англиската историја одлучувал за наследството, нешто што претходно било гледано како божја волја и нешто што било претходно предодредено од Бога. Деновите кога англискиот монарх го распуштил парламентот за да спречи донесување на одреден закон, доколку не му се допаѓале одредени одлуки или едноставно да владее без него, веќе биле завршени. Тој сега заседавал секоја година и престанал да биде парламентот на монархот, туку станал посебна и трајна институција. Крајниот резултат од тоа е формирањето на модерната Британска монархија со ограничена моќ.

Со помош на револуцијата бил решен уште еден долготраен проблем, а тоа се однесува на религијата во Англија. Новата власт воспоставила делумна верска толеранција, за првпат по граѓанските војни Англискиот парламент ја напуштил политиката на воспоставување на државна црква која наметнува верска усогласеност во Англија. Биле донесени нови закони кои овозможиле верска толеранција врз сите протестанти во земјата, со мислата дека сите можат да ја практикуваат верата на свој начин, да бидат добри поданици и да живеат во мир. Секако, овие закони не важеле и за католиците во државата, тие и понатаму останале маргинализирани и потиснати[413]. Англија зачекорила кон формирање на модерното општество со фактот што власта прифатила дека не било потребно сите поданици во државата да бидат од иста вероисповед за да бидат добри Англичани.

Револуцијата исто така дала одговор и на прашањата поврзани со војна, надворешна политика и проблемите со пари, нешто што ги гони раните Стјуарти речиси цел еден век. Да се потсетиме дека Вилијам III Орански не се согласил на инвазијата на Англија затоа што имал желба да ги реши внатрешните политички проблеми со кои се соочувала државата, туку да ги искористи богатствата на Англија, Шкотска и на Ирска за војна со Франција. На тој начин, Вилијам ја одделил англиската круна од сојузништво со Луј XIV и ја обезбедил независноста на Холандија. Од друга страна, на францускиот крал тоа воопшто не му одговарало затоа што тој сакал Англија да остане неутрална додека Холандија да биде

[412] Clark, *The Later Stuarts*, 1955, 190-191.
[413] Исто, 154-155.

изолирана. Дополнително, не смее да се заборави фактот дека Џејмс II и Луј XIV се братучеди и Луј XIV како апсолутистички католички монарх не можел да дозволи неговиот братучед да го загуби престолот[414]. Поради овие причини војна помеѓу Франција и Англија и нејзините сојузници била неизбежна во 1688 г., меѓутоа таа војна била само почеток на серија масовни судири помеѓу Франција и Англија во XVIII и XIX век. Периодот што следувал бил вистински тест за истрајност и флексибилност на англиската економија да одговори на воените потреби со кои се соочувала во војните со Франција и нејзините сојузници. Двете држави биле колонијални империи, па така судирот помеѓу нив доживеал светски размери и го дефинирал местото на Британија во Европа и во светот.

Клучна улога во овој период одиграл Англискиот парламент. Сите тие војни биле скапи за финансирање, поради тоа кралот Вилијам III морал да се потпре на финансиите одобрени од страна на парламентот, со ова станало нужност неговото постојано свикување, резултатот бил зацврстување на позицијата на парламентот во државата како доминантно политичко тело, а за возврат кралот сега имал целосна поддршка од парламентот. За да се стекнат потребните средства морале да бидат зголемени даноците, а се појавила и потреба од создавање на нови начини за зголемување на државната каса. Сето ова го направило нужно создавањето на сè поголем бирократски административен систем кој ќе ја одржува зголемената потреба на власта. Во 1698 година, парламентот го донел првиот „Закон за цивилната листа“ (Civil List Act) и со тоа ги одделил личните финансии на кралот од средствата коишто биле користени за финансирање на армијата и морнарицата[415]. Тие промени ја направиле англиската круна богата и моќна. Британија XVIII век била способна да одржува голема армија и морнарица која била финансирана од голема и ефикасна бирократија поткрепена од идната најголема економија во светот.

414 Clark, *The Later Stuarts*, 1955, 20.
415 Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 298-299

Според историчарите Роберт Бушолц и Њутон Ки, можеби најопшт, но и најзначаен дел од Славната револуција од 1688-89 г. е тоа што таа била длабоко модерен настан. Тврдењето дека луѓето можат да ги симнуваат своите кралеви, самите да ги изберат своите владетели и својата религија значи прифаќање на рационалноста, модерноста и вербата во способноста на човекот да ги решава своите проблеми без божја интервенција. Иако за време на самата револуција голем дел од нејзините поддржувачи зборувале за божјото привидение и за протестантскиот бран што ја спасил Англија, на крајот факт е дека луѓето на Англија го соборија божјиот претставник на земјата олицетворен во кралот. Сега луѓето се тие коишто ги избирале новиот крал и кралица, а и имале слобода при изборот на сопствените верски убедувања[416]. Со тоа може да заклучам дека убедувањето во божјата предодредена хиерархија во црквата, државата и општеството, коешто не смеело до тој момент да биде оспорувано или променето, сега било осудено на пропаст.




*Слика 10: Карта од Британската Империја во 1763 година*[417]

---

[416] Bucholz and Key, *Early Modern England 314.*
[417] Gilbert, *The Routledge Atlas of British History*, 71.

## 8. Кралицата Ана и формирањето на Велика Британија (1702–1714)

Крајот на војната и склучувањето на мирот од Рисвик, иако претставувале голем успех, не биле пречекани со исто расположение помеѓу англиското население. Тие сметале дека договорот не ги отсликувал пожртвуваноста и средствата потрошени во војната, дополнително одлуката на кралот да одржува постојана војска како противтежа на Луј XIV, наишла на големо незадоволство. Тоа било искористено од страна на ториевците за повторно да се вратат на политичката сцена. Предводник на ториевците во овој период бил Роберт Харли (1661–1724)[418]. Тој првично бил поддржувач на виговците, но во последната деценија од XVII век преминал на страна на ториевците. Под водството на Харли, ториевците се оформиле како народна партија, која постојано имала сомнеж кон големата бирократска држава, реформите во финансиите, влијанието во земјата што доаѓало однадвор, одржувањето на постојана војска и постојаното војување[419]. Накратко кажано, се поставиле себеси како застапници на јавното мислење. Од друга страна, виговците почнале меѓусебно да се расправаат, а тоа било највеќе видливо кај лидерите на Хунтата, кои веќе долго време биле на власт и се стекнале со преголема самодоверба поради што започнале да го губат своето единство. Како директна последица, доаѓало до сè поголемо преминување на истакнати членови на парламентот од редовите на виговците во ториевскиот табор. Самиот крал Вилијам III ја губел довербата во способноста на Хунтата да ја води државата, па така се почесто започнал да именува ториевци на министерските позиции во власта, со овие промени во парламентот биле донесени нови закони, данокот за земјиште бил преполовен, постојаната војска била смалена на 7 000 во Англија и 12 000 во Ирска, холандските војници на кралот биле пратени назад во Холандија, биле одземени грантовите кои кралот ги давал на своите миленици во Ирска и како круна на промените бил импичментот на поранешните виговски министри поради лошо склучениот мир[420].

[418] Hill, *The Century of Revolution*, 280.
[419] Clark, *The Later Stuarts*, 1955, 188.
[420] Исто, 188-189.

Ториевскиот парламент имал клучна улога и во донесувањето на „Наследниот акт од 170“ (Act of Settlement of 1701). Донесувањето на овој акт станало нужност по смртта на 11-годишниот војвода на Глочестер, Вилијам, кој бил единствениот син на кралицата Ана и единствениот протестантски внук на поранешниот крал Џејмс II[421]. Ова претставувало голем проблем за парламентот затоа што без протестантски наследник на престолот, тие морале да го препуштат тоа право на католички крал, што јасно покажува колку стравот од католицизмот влијаел врз англиската политика. Поради тоа новиот закон вели дека престолот ќе биде наследен од најблиските роднини протестанти на кралското семејство доколку кралот Вилијам III и идната кралица Ана немаат деца. Со тоа круната паднала во рацете на наследниците на најмладата ќерка од сестрата на кралот Чарлс I, Елизабета, а тоа била Софија, курфирст на Ховер и нејзиниот син Георг Лудвиг[422]. Ториевскиот парламент се согласил на одлуката околу наследството, но со истиот закон била ограничена и кралската моќ. Па така, кралот сега не смеел да води војни или да ја напушта земјата без одобрение на парламентот, странците биле исклучени од државните функции и од добивање на награди во земјиштен имот. Во овој наследен акт повторно ја гледаме растечката моќ и влијание на парламентот во англиското општество.

Ториевците се покажале успешни во водењето на парламентот за време на мир, меѓутоа во периодот што следува европските монархии биле потресени од низа на смртни случаи во дел од кралските семејства, што водело до нова криза и војна помеѓу монархиите. Секако, мислам на периодот на шпанското и англиското наследство од 1700 до 1702 година. Според Договорот од Рисвик, Луј XIV и Вилијам III потпишале дека по смртта на Карлос II, кралот на Шпанија, кој немал свој наследник на престолот, тие ќе ја поделат империјата за да се спречи нејзиното паѓање во рацете на францускиот крал[423]. Меѓутоа се појавил нов проблем, никој не го прашал Карлос II, што мисли за наследството. Шпанскиот крал колку и да бил на прагот на смртта и едвај способен, сепак не дозволил други да одлучуваат за

[421] Venning, Timothy. *Kings and Queens of Scotland*. Stroud: Amberley Publishing, 2013, 293.
[422] Venning, *Kings and Queens of Scotland*, 2013, 293.
[423] McKay and Scott, *The Rise of the Great Powers,* 54-55.

неговата империја, а и немало да дозволи таа да биде поделена, затоа одлучил тој да го именува својот наследник. Според Карлос II, целата империја по неговата смрт ќе биде наследена од внукот на Луј XIV, Филип Анжујски (1683–1746), но под услов да се откаже од францускиот престол. Доколку Филип Анжујски одбие, престолот би му припаднал на Карло, надвојводата на Австрија, вториот син на светиот римски император, кој исто така морал да се откаже од татковото наследство[424].

Доколку се остварила оваа последна желба на Карлос II, тоа би значело прекршување на договорот и нова војна помеѓу Вилијам III и Луј XIV. Меѓутоа, за францускиот крал ова претставувало божјо привидение, сè што тој посакувал било пред него, односно обединување на Француската и Шпанската круна под еден монарх. Да, постоел проблемот со откажување од престолот, меѓутоа Луј XIV сметал дека може да се најде решение и за тој проблем и свесно одлучил да го реализира својот сон и по цена на нова војна. На 6 ноември 1700 година, Луј заедно со Филип Анжујски во Версај го прогласиле неговото стапување на шпанскиот престол[425]:

„Господа, овде го гледате кралот на Шпанија…Таква беше волјата на небото; јас ја исполнив со радост.“

При самото прогласување на „Неговото Најкатоличко Величество, Фелипе V, крал на Шпанија и нејзината империја“ се вели дека шпанскиот амбасадор во Версај паднал на колена, извикувајќи во врска со планинскиот венец кој ги разделува Франција и Шпанија: „Пиринеите се срамнети!“[426]

Кога веста за овој настан стасала до англиската круна, Вилијам III веднаш барал од парламентот да се прогласи воена состојба со Франција. Меѓутоа, како што и образложив погоре, Ториевскиот парламент воопшто не би прифатил таков чекор. Ториевците сметале дека овој настан нема никакво влијание врз Британските Острови и затоа нема потреба да се интервенира, сепак Филип Анжујски бил обврзан да се откаже од францускиот престол. За среќа на Вилијам III, негов најдобар сојузник во овој момент се покажал да е францускиот крал.

---

[424] McKay and Scott, *The Rise of the Great Powers,* 56.
[425] Bucholz and Key, *Early Modern England, 330.*
[426] Исто, 330.

Првично Луј XIV го убедил францускиот двор да изгласа дека тестаментот на Карлос II не може да влијае врз француското наследство и поради тоа Филип Анжујски не се откажал од францускиот престол. Второ, тој наредил француската армија да заземе клучни утврдувања во шпанските територии во Холандија. Трето и со преголема самодоверба тој наредува ембарго врз англиската трговија со Франција и Шпанија[427]. Луј XIV се однесувал како сè веќе да било свршен чин и тој е победникот. Вилијам го добил тоа што го посакувал од својот парламент, ториевците изгласале висока сума на парични средства за војна и поддршка на било кои сојузништва кои би настанале во иднина против Франција. Меѓутоа, самата декларација за војна сè уште не пристигнала. Луј XIV помогнал и во тој апсект. Имено, во септември 1701 година, починал стариот крал Џејмс II. Како последна желба до Луј XIV тој посакувал од францускиот крал да го признае неговиот син за вистинскиот крал на Англија, Ирска и Шкотска[428]. Францускиот крал по консултација со своите министри, а и како услуга на својот стар пријател, се согласил. Па така, синот на Џејмс II бил прогласен за Џејмс III крал на Англија и Ирска и Џејмс VIII крал на Шкотска[429]. Секако, тоа неизбежно довело до војна. Вилијам започнал со подготовките за идниот судир со Франција, со тоа што по дипломатски пат започнал да ја обновува Големата алијанса против Франција. Меѓутоа, наскоро настанала неочекувана трагедија, а сигурно поздравена од страна на Луј XIV, Вилијам III паднал од својот коњ и ја скршил клучната коска за време на лов во паркот Ричмонд, брзо потоа раната се инфицирала и Вилијам III Орански починал во март 1702 година[430].

[427] McKay and Scott, *The Rise of the Great Powers 57.*
[428] Trevelyan, *England Under the Stuarts*, 1904, 448.
[429] Venning, *Kings and Queens of Scotland*, 2013, 292.
[430] Jenkins, *A Short History of England*, 164.

### 8.1. Последната од Стјуартите, кралицата Ана (1702–1714)

Наследникот на Вилијам III била кралицата Ана, најмладата протестантска ќерка на Џејмс II, притоа таа ќе биде последна од династијата на Стјуартите што ќе застане на британскиот престол. Во март 1702 таа застанала на престолот на 37-годишна возраст[431]. Во својот живот кралицата имала 17 неуспешни бремености[432]. Не се хранела здраво и изгледала постаро за својата возраст, во 1702 година таа веќе била со прекумерна тежина, боледувала од гихт и општо била со лошо здравје. Ана со сигурност не била еднаква на Елизабета I, меѓутоа имала квалитети коишто не биле присутни кај претходните Стјуарти. Кралицата имала здрав разум, била посветена на својата должност како кралица, имала голема почит кон англискиот државен поредок по револуцијата, била силно поврзана кон Англиската црква и покажувала голема љубов и чувство на одговорност кон својот народ, оваа љубов ѝ била возвратена од нејзините поданици[433].

За време на нејзиното владеење, финансиските измени во државата, Големиот сојуз и воената подготовка кои биле започнати од страна на Вилијам III вродиле со плод во низа спектакуларни победи против француската држава во војната за шпанското наследство. Со нејзината смрт Британија веќе била на пат да стане најбогатата и најмоќната држава во Европа, а подоцна и во светот.

Кога се дискутирало владеењето на кралицата Ана, најголемиот дел од историчарите во минатото сметале дека победите во времето на кралицата биле постигнати без нејзино влијание, тука се повикувале на фактот дека кралицата била лесно манипулирана и контролирана од нејзините пријатели. Навистина додека била млада принцеза таа најчесто се потпирала врз нејзината блиска пријателка Сара Черчил, грофицата од Марлборо, како кралица таа дури и ѝ доделила на Сара три од најмоќните дворски функции со што ѝ овозможила постојан пристап и влијание врз политичкиот живот, поради тоа современиците од тој период биле убедени дека Сара била вистинската сила зад престолот. По смртта на Ана, Сара Черчил во своите мемоари ја претставувала кралицата како слаба и лесно

431 Venning, *Kings and Queens of Scotland*, 2013, 293.
432 Jenkins, *A Short History of England. 164.*
433 Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 907-909.

манипулирана, меѓутоа современите историчари гледаат поинаку. Ана се покажала доволно способна да избира советници според способноста, а не само поради блискоста и пријателството со кралицата. Војводата од Марлборо се покажал како воен и дипломатски гениј, Годолфин како исклучителен финансиски и административен ум, а подоцна го вклучила и Роберт Харли кој бил исклучително вешт политичар. Сите нејзини одлуки, заедно со популарноста којашто ја уживала меѓу населението, ја прават кралицата Ана една од најуспешните владетели на династијата Стјуарт.

На почетокот на XVIII век политичките партии во државата се оформиле во ефикасни и добро организирани политички структури, речиси сите членови на парламентот биле приврзаници на партиите на виговците или ториевците, ова било особено воочливо кога се гласало во парламентот, станало реткост кој било од пратениците да гласа за спротивната партија. Таа поделеност се проширила и надвор од парламентот. Започнало со печатење на одделни виговски и ториевски весници, постоеле посебни партиски клубови и кафулиња, се одело дотаму што постоеле и одделни партиски наздравувања, а жените на виговците и ториевците носеле различни шминки за да се разликувале едни од други. Со други зборови, судирите помеѓу политичките партии го отсликувале секој аспект од приватниот и од професионалниот живот во државата.




*Слика 11: Кралицата Ана, портрет од гравура на Питер ван Гунст, изработен по оригиналната слика на сер Годфри Книлер*[434]

[434] Oliphant, Mrs. M. O. W. *Historical Characters in the Reign of* Queen Anne. New York: The Century Co., 1894. 58.

## 8.2. Актот на Унијата и формирањето на Велика Британија

Војната за шпанското наследство можеби претставувала борба за шпанскиот престол, меѓутоа крајниот исход од таа војна бил решавачки за рамнотежата на силите во Европа за наредниот век. Покрај тоа, исходот имал значителни последици и за англискиот престол, имено сè уште постоела сериозна закана од поддржувачите на јакобитите кои заедно со француската круна имале за цел да го постават претендентот на престолот Џејмс Стјуарт (синот на кралот Џејмс II). Фактот што тој бил католик, значело дека исходот од војната би имал сериозни последици и за уставната и верска структура на Британските Острови, во однос на економските последици, војната и тоа како имала голема улога затоа што нејзиниот исход бил клучен во тоа кој ќе доминирал со трговијата во Средоземното Море и во Атлантскиот Океан. Поради овие причини војната не се водела само на Европскиот континент, туку ги зафатила и сите делови од светот каде што завојуваните страни и нивните сојузници имале интерес. Французите за свои сојузници ги имале само Баварците на својата страна, против нив стоела старата Голема алијанса којашто ја оформил Вилијам III, а била составена од Британија, Холандската Република, Данска и најголемиот дел од Светата Римска Империја (Австрија, Прусија[435] и Ханобер), подоцна во 1703 година им се приклучиле Савоја и Португалија[436].

На почетокот од војната на власт во Англија сè уште биле ториевците. Знаејќи ја нивната политика, тие практикувале да се држат до заштита на нивните трговски линии со морнарицата. Најголемиот дел од сојузниците во Големата алијанса се уште верувале во надмоќта на француската армија на копно. Единствениот успех бил постигнат од страна на војводата Марлборо во 1702 година, со заземањето на клучни тврдини по течението на реките Меза и Рајна[437]. Првите години од војната не биле решавачки, меѓутоа веќе кон крајот на 1703 година, Французите започнале

[435] Единствената причина зошто Бранденбург-Прусија учествувала во војната е поради „Договорот на Круната“ (Krontraktat) потпишан на 16 ноември 1700 г. Фридрих III од Бранденбург се согласил да обезбеди воена поддршка за Хабсбурзите во војната за Шпанското наследство со цел да добие дозвола од Императорот да се нарекува себеси крал во Прусија. Според правилата на Светата Римска Империја, внатре во нејзините граници никој не може да ја носи титулата крал бидејќи највисоката титула му припаѓа на светиот римски император. (Christopher Clark, Iron Kingdom the Rise and Downfall of Prussia 1600-1947, Penguin books printed by Clays ltd, St Ives plc England 2007, 71).

[436] McKay and Scott, *The Rise of the Great Powers 58-59.*

[437] Clark, *The Later Stuarts*, 1955, 203.

со нова офанзива која имала за цел да ја отстрани Светата Римска Империја од војната. Имено, Луј XIV и курфирстот на Баварија скроиле план за директен напад на Виена, но за разлика од деветгодишната војна, овојпат сојузниците имале доста способни и вешти команданти. Марлборо заедно со Принцот Евгениј Савојски (1663–1763) направиле свој план за напад[438]. Во летото 1704 година, против интересите на други сојузнички команданти Марлборо тргнал со својата војска јужно од Фландрија, навлегувајќи длабоко во непријателската територија. Во јуни истата година се сретнал со силите на Евгениј, кој доаѓал од југ[439]. Овој зафат ја поделил француско-баварската војска на два дела. Изведувањето на овој марш претставувало значително воено достигнување, затоа што 40 000 војска успеала да марширa 400 километри за помалку од шест недели. Војводата Марлборо со финансиска и логистичка поддршка од страна на Годолфин го испланирале секој можен детаљ на маршот. Конечно, на 13 август 1704 година, сојузничките сили кои броеле 52 000 ја пресретнале заедничката француско-баварска армија од 56 000 под команда на маршал Камил де Талар во близина на селото Блиндхајм на бреговите на реката Дунав[440].

Во битката, Марлборо се покажал како одличен командант. Главнината од неговата војска ја држел во резерва и направил лажен напад за заземање на најблиското село. Со овој чекор го поделил француско-баварскиот центар. Подоцна, истиот ден, им наредил на главнината од својата пешадија и коњаници, кои до тој момент биле во резерва, да ја нападнат веќе изморената непријателска војска. Силата од ударот предизвикала распаѓање на дисциплината на француските војски. По еден ден жестока борба Талар бил заробен и молел за услови, меѓутоа Марлборо прифаќал само целосна капитулација. Притиснати кон реката, речиси целиот француски центар и десно крило биле разбиени. Француско-баварската

[438] McKay and Scott, *The Rise of the Great Powers 60.*
[439] Clark, *The Later Stuarts*, 1955, 208.
[440] Grant, R. G. *Commanders: History's Greatest Military Leaders.* London: Dorling Kindersley, 2010. 168.

војска претрпела загуба од над 30 000 војници[441]. По победата, Марлборо во писмо до својата жена со датум 13 август 1704 година изјавил[442]:

„Немам време да кажам повеќе освен да те замолам да ми ја пренесеш должноста кон кралицата и да ја известиш дека нејзината армија оствари славна победа.“

Битката од Блиндхајм претставувала една од клучните и решавачки битки во историјата, таа ја спасила Австрија од францускиот напад и го загарантирала излегувањето на Баварија од војната. Луј XIV практично останал без сојузници, од овој момент па натаму францускиот крал не можел да организира нова офанзива затоа што главнината на француската војска била загубена во битката и потребни биле многу години за да се возобнови истата таа армија којашто му ја дала доминацијата на Луј XIV во Европа за изминатите педесет години. Сè што постигнал тој било благодарение на силата и влијанието на француската армија. За Англичаните победата била пречекана со еуфорија затоа што англиска армија, предводена од англиски генерал, не извојувала толку голема победа на континентот уште од времето на стогодишната војна. Кралицата Ана како награда на Марлборо му го доделила кралскиот дворец Вудсток, а парламентот одобрил средства за градење на палата на истото место која го добила името „Блиндхајм“, во чест на победата[443]. Славата за Марлборо не застанала тука, тој бил награден и со титулата принц на Светата Римска Империја.

Со победата, целата британска владејачка класа стоела зад војната против Франција, а со тоа дошло и до промена во самиот парламент. На изборите во 1705 г. и 1708 година дошло до победа за виговците.[444] Ториевците станале очајни и презеле одредени чекори коишто довеле до нивниот пад од позицијата на моќ во парламентот. Во 1705 година ја навредиле кралицата со тоа што тврделе дека Црквата била во опасност под нејзината власт, а потоа предложиле член од Хановерската династија да дојде и да живее во Англија до смртта на кралицата Ана.

---

[441] Grant, R. G. *Commanders: History's Greatest Military Leaders*. London: Dorling Kindersley, 2010, 168-169.
[442] Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 819.
[443] Grant, *Commanders*, 2010, 166.
[444] Clark, *The Later Stuarts*, 1955, 227.

Со овие предлози, кои очигледно имале за цел да ѝ наштетат и да ја посрамотат кралицата, ториевците не постигнале ништо освен што ја убедиле Ана дека се неодговорни, недоверливи и треба да ги замени со виговци, нешто што почнала да го прави уште пред победата на Марлборо. На тој начин во овој период имаме повторно враќање на Хунтата од времето на Вилијам во позиција на моќ и тие целосно го презеле водењето на војната.

Парламентот сега под водството на виговците одобрил значителни финансиски средства за војната. Тоа во комбинација со фантастичното војсководство на Марлборо резултирале со серија на воени победи против Франција во Војната за шпанското наследство. Во 1706 г. била извојувана победа во битката кај Рамили, во 1708 г. победа во битката кај Ауденарде, во 1709 г. победата кај Малплаке и во 1711 г. победата во Бушен[445]. Победите не биле ограничени само на британските војски, туку и сојузниците од Големата алијанса ѝ нанеле тешки порази на Франција. Во 1706 г. принцот Евгениј ги протерал Французите од Италија. Во 1703 г. бил отворен нов фронт во Шпанија каде што бил заземен Гибралтар, 1704 г. Француската флота била поразена кај Малага, а потоа во 1705 била освоена Барселона и во 1706 бил заземен Мадрид[446]. Но, и покрај победите на сојузниците во Шпанија, Луј XIV сепак излегол како победник. Најголемиот дел од шпанското население го поддржувале бурбонскиот престолонаследник Филип V и со тоа биле против хабсбуршкиот кандидат Карло. Како и да е, таа била единствена голема победа за „Кралот Сонце“ во војната. На секое друго поле победата била на страната на Големата алијанса. Со текот на времето, долготрајноста на војната и огромната финансиска супериорност на англиската круна ќе го победи Луј XIV.

Победите на военото поле и стабилноста на Виговскиот парламент овозможиле донесување на мошне значајни закони, како законот кој го заштитувал наследството од страна на протестантските престолонаследници од Хановер. Во 1706 година, под притисок на ториевците бил донесен „Законот за регентство“ (Regency Act).[447] Наместо кралицата Ана да биде изложена на непријатноста од

---

[445] McKay and Scott, *The Rise of the Great Powers 60-61;* Hill, *The Century of Revolution*, 258.
[446] McKay and Scott, *The Rise of the Great Powers 62-63.*
[447] Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 138-142

присуството на хановерскиот престолонаследник, да биде формиран Регентски совет кој бил составен од силни поддржувачи на Хановерската династија. Нивната работа била да обезбедат непречен премин на престолот по нејзината смрт. Била донесена и дополнителна заштитна мерка со која парламентот би останал да заседава шест месеци по евентуалната смрт на кралицата додека се одвива тој процес.

Виговскиот парламент во 1707 година го донел можеби и најзначајниот закон во тој период, а тоа бил „Законот за Унија со Шкотска“ (Act of Union with Scotland)[448]. Уште во првите децении од XVII век, кралот Џејмс I долго и макотрпно се обидувал да воспостави обединување на двете кралства, самиот се стилизирал себеси како „Крал на Велика Британија“, меѓутоа сите негови обиди завршиле неуспешно, проблемот бил во минатото меѓу двата народи исполнето со меѓусебни војни и конфликти. Дополнителен проблем било тоа што двете кралства имале различен правен систем. За време на своето владеењето Кромвел во периодот од 1654 г. до 1660 година успеал да постигне привремено обединување на двете кралства, користејќи го својот авторитет и силата на оружјето, меѓутоа со неговата смрт се распаднала таа унија. Реставрацијата не постигнала ништо во однос на обединувањето, додека пак револуцијата од 1688-9 година ја влошила ситуацијата, затоа што војната на кралот Вилијам III предизвикала пад на шкотската трговија со Франција. Шкотите биле третирани како второкласни граѓани. Според Англискиот навигациски закон, Шкотите не смееле да тргуваат самостојно, туку морале да користат англиски бродови, преку англиски пристаништа и да тргуваат само со англиски колонии. Со стапувањето на кралицата Ана на престолот, односите помеѓу двете кралства продолжиле да се влошуваат. Во 1703 година, Шкотскиот парламент донел закони кои биле против интересот на Англичаните како „Законот во врска со мир и војна“ (Act Annent Peace and War)[449], во кој пишува дека по смртта на кралицата Ана, сите одлуки донесени од страна на Лондон, кои се однесувале на надворешната политика, прво требало да бидат одобрени од Шкотскиот парламент. Дополнително бил донесен Законот за вино, со кои што Шкотите слободно тргувале

[448] Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 680.
[449] Исто, 677.

со Франција и за време на војна. Меѓутоа, најопасниот закон кој бил донесен бил „Законот за безбедност“ (Security Act)[450], во кој стоело дека во случај на смрт на кралицата Ана, правото на одредување на нејзиниот наследник на шкотскиот престол му припаѓало на Шкотскиот парламент, тоа значело дека голема била веројатноста на престолот да дојде претендентот Џејмс, синот на кралот Џејмс II. Сериозна била заканата Шкотска да добие друг монарх, кој би бил католик и би ја возобновил старата алијанса со Франција, што би претставувало закана за англискиот престол и сè што било постигнато од славната револуција би било доведено под знак прашалник.

Поради тоа Виговскиот парламент го презел единствениот логичен чекор за унија со Шкотска, но за тоа да се постигне требало да се надминат гревови кои биле стари повеќе векови. Во решавање на проблемот Англија применила финансиска дипломатија како средство за политичко влијание. Виговците првично им понудиле економски предности како дел од Англискиот трговски систем. Во иднина, Шкотите и Англичаните заедно ја воделе трговијата како дел од една Британска држава. Тоа било убедливо за сите Шкоти коишто зависеле од трговијата со Англија, меѓутоа не ги убедило сите во Шкотскиот парламент затоа Англичаните преминале на подиректен начин на преговарање со пари, односно поткуп. Шкотска добила еднократен паричен надомест во вредност од 398.085 фунти[451], а индивидуални членови на Шкотскиот парламент добивале поткуп со цел да гласаат за Унијата со Англија. На тој начин видни претставници од Шкотскиот парламент гласале за евентуален крај на независноста на нивното кралство и парламент. Ова не значи дека не успеале да добијат значителни концесии. Во новоформираниот Британски парламент во Лондон, Шкотите добиле 16 места во Горниот дом, додека пак 45 места во Долниот дом[452]. Шкотските земјопоседници плаќале понизок данок на имот споредено со англиските земјопоседници, притоа Шкотска ги задржала своите закони, а авторитетот на Шкотскиот кирк врз шкотскиот народ останал[453]. Со тоа во летото 1707 година бил донесен Законот за Унија на двете кралства

[450] Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 677-680.
[451] Исто, 685.
[452] Исто, 687.
[453] Исто, 689-690.

Англија и Шкотска, а истата година започнала работата на првиот Британски парламент.

### 8.3. Политички и економски ефекти од обединувањето

Кралицата Ана заедно со Виговскиот парламент постигнала обединување на Англија и Шкотска и формирање на Британија, нешто што нејзините претходници се обидувале да го постигнат цел еден век. Но, и покрај сите концесии и поткупи, Шкотите не биле задоволни од Унијата. Како што поминувало времето, Лондон станал доминантниот центар на културата, политиката и општеството во новоформираната Британија, а Англичаните продолжиле да се однесуваат кон нив како кон второкласни граѓани. Сепак, можеме да заклучиме дека формирањето на Унијата долгорочно било од огромен бенефит за двете кралства. Колку што Англија уживала во економскиот раст и развој на трговијата, толку од тоа имала бенефит и Шкотска. Овој просперитет со време довел и до културен развој на големите шкотски градови, како што биле Единбург и Глазгов. Ако ја споредиме алтернативата, доколку Шкотите одбиле да прифатат унија со Англија, тоа би водело до независна Шкотска под водството на католички монарх од династијата Стјуарт. Меѓутоа, таа држава најверојатно би била економски изолирана, под контрола на католичката црква со голема веројатност да навлезе во граѓанска војна или пак во војна со Англија како сојузник на Франција. За Англичаните, успехот во формирањето на Унијата сега го гарантирал хановерското наследство на престолот.

Обединувањето било големо постигнување за Хунтата и за виговците, надминувајќи го успехот што го постигнале во времето на Вилијам III, но тие ја повториле истата грешка. Успехот повторно резултирал со преголема самодоверба и амбиција, додека политичката состојба во државата започнала да се менува и тоа неизбежно водело до нов судир помеѓу партиите. Победите на Марлборо биле славени од страна на населението, но војната сè уште не го доживеала својот крај. По долги години војување и многубројни битки со голем број жртви, населението започнало да го поставува прашањето зошто војната против Франција сè уште траела? Одговорот на тоа прашање не се постигнал со решавачка победа на воено поле, туку преку понуда за мир која пристигнала од кралот Сонце, Луј XIV.

Долгогодишното војување претставувало голем финансиски товар за кралот Сонце, додека лошата жетва во 1708 година сериозно го ослабела францускoто селанство, главниот извор на кралските приходи[454]. Во март 1709 година, започнал преговори за мир. За време на преговорите за мир, кои се одвивале во Холандија, француските дипломати биле спремни на значителни територијални и политички отстапки. Францускиот крал бил спремен да го признае протестантскиот наследник на Британскиот престол, да ги предаде клучните тврдини на границата со Холандија, да се откаже од неговите претензии врз Шпанија и Италија и да отстапи територии во прекуокеанските поседи[455]. Меѓутоа, виговците не биле задоволни само со тоа, тие сметале дека доколку Филип Анжујски одбие да се откаже од Шпанскиот престол, должност на Луј била да го отстрани својот внук од Мадрид, па доколку било потребно и со сила[456]. Францускиот крал изјавил дека, ако мора да избира, би водел војна против Британија, а не против сопственото потомство, со тоа преговорите за мир биле прекинати.

Во Британија овој исход бил пречекан со разочарување. Виговците во својата преголема самодоверба ја изгубиле можноста за триумф над Франција, а како резултат на тоа ја загубиле и довербата кај своето население, сѐ поголем број на Англичани верувале дека виговците се обидувале да ги одолговлекуваат преговорите за да ја продолжат војната за да останат на власт и да се збогатуваат. Народното незадоволство било искористено од страна на ториевците за повторно да се наметнат. Одново се појавиле истите стари проблеми околу одржувањето на постојана војска, превисоките даноци и издигнувањето на новата административна елита. Нерасположението помеѓу населението станало јасно кога Виговскиот парламент се обидел да го гони англиканскиот свештеник Хенри Сачеверел[457] за поттикнување на бунт против власта. Во време на политичка нестабилност, со англиско население коешто е предоминантно англиканско и гледа со недоверба кон дисидентите, тој чекор бил голема грешка. Сачеверел бил висок црковен свештеник и поддржувач на ториевците. На 5 ноември 1709 година за време на годишнината

---

[454] Trevelyan, *England Under the Stuarts*, 1904, 479.
[455] Bucholz and Key, *Early Modern England, 344;* McKay and Scott, *The Rise of the Great Powers 62-63.*
[456] Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 883.
[457] Hill, *The Century of Revolution*, 258.

од барутниот заговор и пристигнувањето на Вилијам во Англија тој проповедал пасивна послушност и покорност кон власта[458]. Со тоа тој индиректно ја нападнал Славната револуција од 1688-89 г. и сите политички промени коишто настанале во периодот по револуцијата. Во своите говори Сачеверел ги напаѓал виговците, умерените англиканци и дисидентите ги нарекувал предавници, атеисти и уништувачи на државата. За да се справи со овој проблем Виговскиот парламент решил јавно да го гони. Во март 1710 година, парламентот започнал процес за судење на Сачеверел, меѓутоа тоа имало спротивен ефект[459]. Англиското население застанало во поддршка на високиот свештеник. Додека виговците сметале дека ги штитат принципите на револуцијата, ториевците на судењето гледале како судење на еден сирот англикански свештеник. Во март 1710 година, жителите на Лондон, незадоволни од обвинението за Сачеверел, започнале со бунт и со напади врз собирните места на дисидентите[460]. По овој настан, виговците го загубиле својот авторитет. Кралицата уште пред овие настани немала доверба кај нив, со намера да одржи рамнотежа во власта таа постојано поставувала ториевци. Затоа Ана одлучила дека било време за промена и го назначила Роберт Харли, најголемиот противник на виговците од овој период. Во 1708 година, откако станало јасно дека кралицата планира да формира нова влада, виговците побарале оставка од Харли, заканувајќи се дека во спротивно тие ќе си дадат оставка. Кралицата била приморана да прифати. Кон крајот на 1709 година речиси сите министри во власта биле виговци. Меѓутоа, кралицата во последните години од својот живот се покажала како мошне способен и мудар владетел кој знае како да ги води политичките интриги на дворот, истакнувајќи ги квалитетите на Стјуартската династија, на истиот начин како што тоа го правеле Чарлс II и Џејмс I.

[458] Bucholz and Key, *Early Modern England, 344.*
[459] Trevelyan, *England Under the Stuarts*, 1904, 483.
[460] Clark, *The Later Stuarts*, 1955, 226.




*Слика 12: Војната за шпанското наследство 1702–1713*[461]

[461] Gilbert, *The Routledge Atlas of British History*, 68

## 8.4. Крајот на Стјуартите и издигнувањето на Британија

По сите овие настани изгледало дека виговската доминација била загарантирана, меѓутоа кралицата веќе немала трпение. Таа започнала да води тајни преговори со Роберт Харли преку нејзината дворска придружничка и приврзаник на ториевците Абигаил Машам[462]. Поради лошото здравје на кралицата, Машам била постојано покрај неа, а со тоа Ана се оддалечила од нејзините омилени виговци, фамилијата Черчил. Односот со Сара бил нарушен, затоа што грофицата постојано ја притискала кралицата да ги поддржи виговските гледишта. Додека пак односот со Марлборо бил нарушен откако кралицата одбила да го именува за доживотен врховен командант (captain-general)[463]. Вината за овие промени кај Ана била насочена кон Абигаил, поради тоа виговците побарале нејзино отстранување од кралскиот двор. Барањето за отстранување било крајно навредливо за кралицата, со тоа ја изгубила можноста за да ги именува своите најблиски дворски придружнички, за да ја спречи таа одлука, Ана вршела притисок врз членовите од двата дома без разлика на нивното политичко убедување. За време на судскиот процес таа застанала на страната на свештеникот Сачеверел, потенцирајќи дека се согласувала со вината на свештеникот, меѓутоа не сакала да биде казнет со ригорозни мерки. За среќа на кралицата, круната сѐ уште имала доволно влијание па членови и од двата дома гласале во нејзин интерес. Барањето за отстранувањето на Абигаил не поминало на дневен ред, додека пак на Сачеверел му било забрането да проповеда во период од три години и копиите од неговата проповед биле изгорени[464]. Овој бил моментот на пресврт за кралицата. Во април 1710 година таа започнала со отпуштање на видни виговци и членови на Хунтата, Сандерленд бил отстранет од позицијата државен секретар, додека пак Годолфин бил заменет од нова комисија на трезорот предводена од Роберт Харли. Од тој момент Харли станал главен министер на кралицата, а подоцна бил именуван и за господар на ризницата и гроф на Оксфорд[465]. Харли во своето политичко убедување припаѓал на ториевците, но за да го исполни ветувањето кон кралицата тој се

[462] Trevelyan, *England Under the Stuarts*, 1904, 479.
[463] Ranke, *A History of England in the Seventeenth Century*, Volume V, 333.
[464] Hill, *The Century of Revolution*, 258.
[465] Clark, *The Later Stuarts*, 1955, 227.

стремел да формира мешана власт составена од двете политички групации преку отстранување на радикалните виговци и на нивно место поставување на поумерени. Меѓутоа, по сè изгледало дека не постоела можност за соработка помеѓу двете страни и евентуално кралицата морала да го распушти парламентот и повторно да се оди на нови избори. За време на изборите во 1710 година резултатот бил целосна победа за ториевците. Тие ветувале крај на војната, намалување на даноците и застанале во одбрана на Англиканската црква. Со тоа бил ставен крај на виговската доминација под водство на кралицата Ана.

Најбитното ветување на новиот ториевски парламент бил мирот со Франција. Виговците во парламентот се противеле на склучување на мир во кој Филип Анжујски останувал на шпанскиот престол. Според нив, тоа би претставувало предавство за нивните сојузници и залудно загубени животи и пари, поради тоа преговорите се одолговлекувале две и пол години. Ана за да ја обезбеди победата почнала да доделува титули, со помош на кои создала дванаесет нови членови во Горниот дом кои биле лојални на неа и ториевците[466]. Многу современици овој потег го гледале како злоупотреба на кралската власт. Во 1711 година таа го отпуштила Марлборо бидејќи неговата воена агресија ги загрозувала мировните преговори, а на неговиот наследник Ормонд му било наредено да не врши напади врз Франција[467]. Со овие потези, сојузниците почувствувале дека Британија сакала да се реши од војната по секоја цена. Во таква атмосфера, во април 1713 година бил склучен „Договорот од Утрехт“[468]. Според одредбите од договорот, Британија се согласува со стапувањето на Филип Анжујски на шпанскиот престол како Фелипе V, под услов шпанската и француската круна да немаат право да се обединат во еден владетел. Сојузниците од Големата алијанса добиле територии, на Холандија ѝ биле доделени погранични тврдини со цел да се заштитат од Франција, додека пак со Раштадскиот договор од 1714[469], Светата Римска Империја ги добила холандските територии кои претходно ѝ припаѓале на Шпанија. Со тоа Холанѓаните добиле

[466] Англискиот монарх имал право да доделува титули (лорд, гроф, виконт итн.), со што автоматски создавал нови членови на Горниот дом (House of Lords) кои добивале право на глас.
[467] Trevelyan, *England Under the Stuarts*, 1904, 488.
[468] Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 885-889.
[469] McKay and Scott, *The Rise of the Great Powers 66.*

одредена сигурност од идни напади на Франција. Сицилија била доделена на Савоја, додека пак Британија ги добила териториите, Гибралтар и Минорка во Средоземното Море, Нова Шкотска, Њуфаундленд и Хадсоновиот Залив во Канада и Сент Китс во Карибите. Истата 1713 година бил склучен договорот познат како Асиенто (Asiento)[470], со помош на кој Британија имала ексклузивно право на трговија со робови со Шпанската Империја во период од 30 години, како и други бенефиции во трговијата со Шпанија. За крај, Франција ветила дека ќе го признае хановерското наследство на британскиот престол. Виговците не го сметале овој договор за успешен и доволен, меѓутоа тој претставувал огромен успех за британската дипломатија, чии бенефиции ќе се оправдаат во наредните децении. Ториевците, под водството на Роберт Харли, докажале дека подобро ја разбираат политичката ситуација во Европа во дадениот момент. Шпанското население сакало на престолот да застане Фелипе V. Додека пак, неговиот ривал за престолот Карло, станал императорот на Светата Римска Империја во 1711 година[471]. Следејќи ја логиката на виговците во дадениот момент, тие би прифатиле формирање на моќна Хабсбуршка империја само за да спречат формирање на моќна Бурбонска империја. Затоа ториевците согледале дека на крајот воопшто не било битно кој седи на престолот во Шпанија, Франција веќе премногу била економски и воено ослабена од две децении војна што воопшто би немала бенефит од обединувањето на круните, со други зборови доминацијата на Франција на континетот била уништена и нејзиното место го зазела Велика Британија.

Како поминувало времето, бенефициите од договорот вродиле со плод и Британија станувала сè помоќна и побогата држава. Контролата врз клучните точки, како што бил Гибралтар, овозможувале контрола врз трговијата помеѓу Атлантскиот Океан и Средоземното Море, контролата врз Нова Шкотска и Њуфаундленд го отвориле патот за колонизација на Канада, додека пак освојувањето на островот Сент Китс ѝ овозможил подоцна на Британија голема контрола врз шеќерот, кој станал најскапоценото трговско добро на XVIII век. Покрај тоа трговијата со робови, која до тој момент била под целосна доминација

---

[470] Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 883.
[471] McKay and Scott, *The Rise of the Great Powers 64.*

на Португалија и Шпанија, сега ги богатела и Британците. Договорот од Утрехт ја загарантирал британската доминација во трговијата, таа го зазела местото како најголемата европска трговска сила за време на XVIII век, далеку побогата и посилна од која било друга држава.

Ако се навратиме на Славната револуција и финансиските реформи, воочливо е дека тие биле клучни во збогатувањето на битен дел од британското општество и овозможиле Британија да ја сопре Франција во 1697 година и да ја порази повторно во 1713 година. Со тие победи Британија се здобила со многу нови колонии кои имале значителен придонес во зголемувањето на трговија. Трговската доминација им овозможила на Британците да вложуваат големи суми пари во кој било конфликт со Франција и со други држави кои претставувале закана за нивната трговска империја. Тие биле успешни во речиси сите идни конфликти, како што била Војната за австриското наследство (1742–1748), Седумгодишната Војна (1756–1763), Американска војна за независност (1775–1783), Француските револуционерни војни (1793–1801) и Наполеоновите војни (1803–1815). Дури и по поразот за време на Американската војна за независност, Британија успеала да се врати на врвот. Со победата во Битката кај Ватерло во 1815 година таа доминирала во Европа и изградила една светска империја.

Последните години од своето владеење кралицата Ана ги поминала во соработка со Роберт Харли, грофот на Оксфорд, со чија помош ја поразила виговската хунта. Меѓутоа, таа од Харли очекувала тој да формира влада којашто ќе биде составена и од двете партии, нешто што се покажало како тешко изводливо, особено во период кога парламентарните избори во овој период завршувале со масовна победа за ториевците, додека пак малиот број на виговци кои биле поставени во владата воопшто не сакале да соработуваат. Харли сакал да го исполни ветувањето дадено на кралицата и истовремено да ги задоволи барањата на ториевците кои го доминирале парламентот. Имено, тие барале зајакнување на Англиканската црква, обновување на моќта на епископите и црковните судови, основање на нови англикански парохии по градовите и ограничување на верската толеранција. Овие барања претставувале голем проблем, Харли, иако бил ториевец, по верско убедување бил дисидент. Кралицата Ана пак, сметала дека барањата на

ториевците воделе кон нов раздор помеѓу населението и го нарушувале единството во државата, меѓутоа со оглед дека Мировниот договор од Утрехт бил во својата завршна фаза, тие морале делумно да попуштат. Во април 1711 година, се согласиле да се донесе Закон за изградба на педесет цркви во Лондон[472]. Во 1714 година парламентот го донел „Законот за раскол“ (Schism Act)[473], кој им овозможил на англиканците да ги затворат сите училишта и академии во земјата коишто се грижеле за образованието на дисидентите. Сите коишто не биле конформисти на Англиканската црква своите деца можеле да ги учат само во сопствените домови. Целта на овие закони била да се намали и ограничи моќта на виговците, чиешто мнозинство биле дисидентите. Кралицата сега станала заробеник на ториевците. Харли се покажал немоќен да го одржи ветувањето за мешана влада, но она што довело до негово губење на нејзината доверба и пад на неговата власт било прашањето околу наследството. Здравјето на кралицата драстично се влошило во периодот 1713–1714 година, па поради тоа наследството на престолот станало приоритет. Според веќе донесениот наследен закон, самото наследно прашање требало да биде решено и на престолот да дојде Георг од Хановер кој, по смртта на својата мајка Софија во 1714 година, станал наследник на британскиот престол[474]. Проблемот бил што ториевците во Долниот дом од парламентот биле поделени, дел биле поддржувачи на хановерското наследство, дел тврдокорни јакобити кои потајно сакале претендентот Џејмс да застане на престолот како Џејмс III. Грешката на Харли била тоа што се обидел да балансира помеѓу двете страни, давајќи им спротивставени ветувања додека преговарал и со двајцата кандидати на престолот, сè со цел да си ја обезбеди својата позиција. Кога Ана ја открила неговата двојна игра во август 1714 година, таа му ја одзела неговата позиција господар на ризницата и со тоа практично тој ја изгубил својата моќ[475]. Сега Ана била соочена со дилемата дали да ја предаде власта на Марлборо и на виговците или на кандидат од ториевците, но на 30 јули 1714 година таа доживеала срцев удар[476]. Во палатата Кенсингтон се собрале сите политички струи, бидејќи во прашање било

---

[472] Bucholz and Key, *Early Modern England 351*.
[473] Browning, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*, 409-410.
[474] Clark, *The Later Stuarts*, 1955, 246.
[475] Hill, *The Century of Revolution*, 259.
[476] Bucholz and Key, *Early Modern England 352*.

наследството, па и самиот уставен поредок и иднина на Британија. По меѓусебни консултации, нејзините најблиски советници ѝ предложиле на кралицата да го именува Чарлс Талбот, војводата на Шрузбери[477], за господар на ризницата. Тој бил умерен Виговец за кого било јасно дека ќе го обезбеди доаѓањето на Георг од Хановер на престолот. Со овој последен чин, Ана го загарантирала хановерското наследство на престолот и со тоа ги сочувала сите државни промени коишто ги доживеала Британија од периодот на Големата револуција. На 1 август 1714 година, кралицата Ана, последниот претставник на династијата на Стјуартите на престолот, починала[478]. По нејзината смрт започнала нова епоха во историјата на Велика Британија.




*Слика 13: Мирот од Утрехт 1713*[479]

---

[477] Clark, *The Later Stuarts*, 1955, 248.
[478] Bucholz and Key, *Early Modern England 352.*
[479] Gilbert, *The Routledge Atlas of British History*, 69.

## 9. Заклучок

Ова истражување имаше за цел да понуди сеопфатна анализа на политичките, религиозните и економските процеси кои ја обликувале Англија во текот на XVII век, со посебен осврт на начинот на кој овие фактори меѓусебно делуваат и се условуваат. Периодот од 1603 година до 1714 година не може да се сфати како линеарен напредок од една состојба во друга, ниту како серија на неповрзани кризи. Тоа бил период на длабока трансформација во кој политичките, религиозните и економските фактори постојано се преплетувале и меѓусебно се условувале, со што ја трансформирале Англија од средновековна монархија во модерна држава. Стјуартите претставувале династија којашто дошла на престолот на легитимен начин и со разумни амбиции, а завршила со погубување на еден крал, протерување на друг и го дочекала својот крај со смртта на кралицата Ана. Меѓутоа, токму овој век на турбуленција, насилство и политички експеримент ја трансформирал Англија во модерна држава.

Централното прашање кое го дефинира целиот период бил односот помеѓу кралската власт и парламентот. Суштината на конфликтот не била само резултат на лични грешки или случајни несогласувања, туку фундаментална неспоредливост помеѓу две концепции на власт. Стјуартите го донеле со себе убедувањето во божественото право на кралевите, според кое кралската власт потекнувала директно од Бога и не подлежи на световни ограничувања. Од друга страна, англиската политичка традиција инсистирала дека кралската власт е ограничена со закон, обичаи и парламентарна согласност. За разлика од Тјудорите, кои успеале да балансираат моќ и согласност преку лична харизма, Стјуартите се обиделе да наметнат теоретски принцип, кој во практика бил неприменлив во англиското општество.

Обидите на Џејмс I и по него Чарлс I да владеат според божественото право директно довеле до Граѓанската војна и радикалниот чин на погубувањето на Чарлс I во 1649 година. Периодот на интеррегнумот што следувал претставувал најрадикален политички експеримент во англиската историја до тој момент, но покажал дека англиското општество сè уште не било подготвено за толку радикална

промена. Владеењето на Оливер Кромвел покажало дека Англија и без крал барала силна извршна власт. Меѓутоа, таа власт кога не била ограничена со традиционалниот легитимитет станувала зависна од воената сила и личната харизма. Тоа се покажало долгорочно неодржливо. Реставрацијата под Чарлс II претставувала обид за воспоставување на нова рамнотежа, но неговиот наследник Џејмс II повторно се обидел да го воспостави божественото право и да го наметне католицизмот. Ова во општество, кое било длабоко настроено против католицизмот, не можело да се толерира.

Славната револуција од 1688 година и доаѓањето на Вилијам и на Мери на престолот претставувало пресвртна точка затоа што парламентот сега го избрал новиот монарх. Покрај тоа, самата револуција била бескрвна, што претставува доказ дека политичката промена може да се постигне и без насилство кога постои консензус помеѓу елитите. Парламентот воспоставил јасни ограничувања на кралската власт преку Билот на правата од 1689. Тоа што го прави периодот по 1688 година различен од претходните била тивката институционална револуција. Билот на правата, Актот на толеранција, редовното заседавање на парламентот, создавањето на Банката на Англија и воспоставувањето на системот за јавен долг претставувале фундаментална промена во функционирањето на државата. Монархот останал централна фигура, но сега функционирал во рамките кои биле утврдени со закон и со парламентарна согласност.

Религиозните конфликти не можат да се гледаат изолирано од политичките промени, затоа што претставувале неразделен дел од политичките борби низ целиот период. На почетокот од XVII век религиозната униформност се сметала за неопходна за политичка стабилност. Напорите на Џејмс I да постигне верска толеранција биле ограничени, додека неговата поддршка на црковните реформи директно придонеле за пад на неговиот авторитет затоа што биле гледани како приближување кон католицизмот. Граѓанската војна, иако имала јасни политички и економски причини, исто така била и верска војна за тоа како треба да биде вистинската реформирана црква. Интеррегнумот донел пуританска доминација и обид за наметнување на строга морална дисциплина, што придонело за популарноста на реставрацијата. Меѓутоа, до крајот на векот настанал премин од

отфрлање на толеранцијата кон нејзино прифаќање. Актот на толеранција од 1689 година можеби бил ограничен документ, но тој претставувал признавање дека државата не може и не треба да наметнува апсолутна верска униформност. Ова не било резултат на интелектуален напредок, туку на исцрпеност од страна на англиските елити, по децении на религиозен конфликт, кој довел до граѓанска војна, погубување на крал, пуританска диктатура и династичка криза, елитите заклучиле дека религиозна униформност едноставно не вреди за цената што ја платиле.

Исто толку битни биле и економските реформи кои, како и религиозните промени, биле неразделно поврзани со политичката динамика на периодот. Трајниот проблем на Стјуартската монархија бил недостатокот на финансии. Традиционалните извори на кралските приходи не биле доволни за покривање на сè поголемите трошоци на круната, што создало зависност од парламентот кој имал ексклузивно право да одобрува нови даноци. Секој обид на кралот да собира приходи без парламентарно одобрување создавал уставен конфликт. Клучната промена по 1688 година е финансиска, парламентарната контрола врз даноците станала институционализирана, а новиот систем на јавен долг заснован врз парламентарна гаранција ѝ овозможил на Британската држава да се финансира на начин кој порано бил невозможен. Веднаш по Славната револуција, овој систем бил ставен на тест преку Деветгодишната војна (1688–1679) против Франција, каде што Британија успеала да издржи долготраен и скап конфликт без да предизвика внатрешна финансиска криза. Ова било незамисливо за Стјуартите неколку децении порано. Кралот веќе не можел да размислува за владеење без парламент затоа што без парламент немал пари. Ова претставувало структурна трансформација која ѝ овозможила на Британија да води долги и скапи војни во XVIII, што директно придонело за нејзиното издигнување како светска сила. Овој период донел и клучни економски промени, како колонијалната експанзија во Северна Америка и Карибите, растот на трговијата преку компании како Источноиндиската компанија и растот на Лондон како финансиски и трговски центар. Придобивките од Мирот во Утрехт во 1713 година, вклучувајќи го Гибралтар, монополот на трговијата со робови и трговските концесии во Шпанска

Америка, дополнително ја зацврстиле британската економска и поморска моќ. Сите овие процеси создале нова економска реалност која барала и нов политички одговор.

Владеењето на кралицата Ана го означило крајот на династијата на Стјуартите, но и раѓањето на нова држава. Актот на Унијата од 1707 година ги обединил Англија и Шкотска во Кралството на Велика Британија. Ова не било само политички чин, туку и економска интеграција која создала голем пазар и поголеми можности, значењето на оваа унија не може да биде преценето. Шкотска го прифатила обединувањето, делумно поради економски причини, но и поради гаранции за зачувување на нејзиниот правен систем и Презвитеријанската црква. За Англија, Унијата значела елиминација на можноста Шкотска да стане база за јакобитски обид да ги вратат Стјуартите на престолот. Со смртта на Ана во 1714 година и доаѓањето на Хановерската династија завршила една ера. Британија влегла во XVIII век како конституционална монархија, со ограничена кралска власт, силен парламент и растечка економска и воена моќ.

За крај, може да заклучиме дека тоа што се случило во Англија и Британија во текот на XVII и почетокот на XVIII век имало длабоки последици и надвор од нејзините граници. Идејата за уставно ограничена власт, парламентарна контрола врз извршната власт и правата на граѓаните имале свои корени во англиските борби од XVII век и ќе влијаат врз политичката мисла на просветителството и револуционерните движења во Америка и во Франција. Англискиот експеримент покажал дека политичката моќ може да биде ограничена со институции, дека религиозната толеранција е можна без да се урне општеството и дека економската модернизација бара нови форми на политичка организација. Овој век во англиската историја останува клучен за разбирање на настанокот на современата држава, но уште поважно, тој ја поставил основата врз која Британија ќе изгради империја и ќе стане доминантна светска сила во наредните два века. Династијата на Стјуартите дошла со амбиција за да воспостави апсолутна власт, меѓутоа преку својот пад таа ја создала државата чија, ограничена но институционално стабилна, власт ќе се покаже далеку помоќна од која било европска апсолутистичка монархија.

## Библиографија

### Историски извори и документи

Browning, Andrew, ed., *English Historical Documents: 1660–1714*. London: Eyre & Spottiswoode, 1966.

Coward, Barry and Gaunt, Peter, eds., *English Historical Documents Volume V(B): 1603–1660*. Milton Park, Abingdon, Oxon: Routledge, 2010.

### Стручна литература

Ackermann, Marsha E., et al., eds. *Encyclopedia of World History: The First Global Age 1450 to 1750*. New York: Facts on File, 2008.

Archer, Thomas. *Pictures and Royal Portraits Illustrative of English and Scottish History from the Introduction of Christianity to the Present Time*. Vol. II. London: Blackie & Son, 1878.

Bagwell, Richard. *Ireland Under the Stuarts and During the Interregnum, Vol. I: 1603–1642*. London: Longmans, Green, and Co., 1909.

Bonney, Richard. *The Thirty Years' War 1618–1648*. Oxford: Osprey Publishing, 2002.

Braddick, Michael. *God's Fury, England's Fire: A New History of the English Civil Wars*. London: Penguin Books, 2008.

Bucholz, Robert and Key, Newton. *Early Modern England: 1485–1714: A Narrative History*. Singapore: C.O.S Printers Pte Ltd, 2010.

Bucholz, Robert. *A History of England from the Tudors to the Stuarts*. Chantilly, VA: The Great Courses, 2003.

Burton, John Hill. *The History of Scotland from Agricola's Invasion to the Extinction of the Last Jacobite Insurrection*. Vol. III. Edinburgh: William Blackwood and Sons, 1876.

Canny, Nicholas, ed. *The Oxford History of the British Empire: The Origins of Empire*. Oxford: Oxford University Press, 1998.

Churchill, Winston S. *Age of Revolution: A History of the English-Speaking Peoples*. Vol. III. New York: Barnes & Noble, 2005.

Clare, Janet, ed. *From Republic to Restoration*. Manchester: Manchester University Press, 2018.

Clark, Christopher. *Iron Kingdom: The Rise and Downfall of Prussia 1600–1947*. London: Penguin Books, 2007.

Clark, George. *The Later Stuarts 1660–1714*. 2nd ed. Oxford: Clarendon Press, 1955.

Clark, Peter, ed. *The Cambridge Urban History of Britain: Volume II*. Cambridge: Cambridge University Press, 2008.

Cobbett, William. *A History of the Protestant Reformation in England and Ireland*. Rev. ed. Edited by Francis Aidan Gasquet. London: Burns Oates & Washbourne Ltd., 1824–1827.

Davies, Godfrey. *The Early Stuarts 1603–1660*. Oxford: Clarendon Press, 1937.

Davies, Norman. *Europe: A History*. London: Pimlico, 1997.

Floud, Roderick, and Paul Johnson, eds. *The Cambridge Economic History of Modern Britain: Volume I: Industrialization, 1700–1860*. Cambridge: Cambridge University Press, 2008.

Gilbert, Martin. *The Routledge Atlas of British History*. 4th ed. Milton Park, Abingdon, Oxon: Routledge, 2007.

Godfrey, Elizabeth. *Home Life Under the Stuarts 1603–1649*. London: Grant Richards, 1903.

Grafton, Philippa, ed. *Book of the Stuarts.* 2nd ed. Bournemouth: Future Publishing Limited, 2018.

Grant, R. G. *Commanders: History's Greatest Military Leaders.* London: Dorling Kindersley, 2010.

Hart-Davis, Adam. *History: From the Dawn of Civilization to the Present Day.* New York: DK, 2015.

Hill, Christopher. *The Century of Revolution.* Milton Park, Abingdon, Oxon: Routledge Classics, 2002.

Hill, Christopher. *The World Turned Upside Down: Radical Ideas During the English Revolution.* Great Britain: Elcograf S.p.A, 2019.

Hume, David. *The History of England: From the Invasion of Julius Caesar to the Revolution of 1688.* Vol. VI. London: A. Millar, 1762.

Jardine, Lisa. *Going Dutch: How England Plundered Holland's Glory.* New York: HarperCollins, 2008.

Jenkins, Simon. *A Short History of England.* London: Profile Books Ltd., 2018.

Keay, Anna. *Restless Republic: Britain Without a Crown.* London: William Collins, 2022.

Kennedy, Paul. *The Rise and Fall of the Great Powers: Economic Change and Military Conflict from 1500 to 2000.*New York: Random House, 1987.

Lacey, Robert. *Great Tales from English History.* London: Little, Brown and Company, 2004.

Lingard, John. *The History of England, from the First Invasion by the Romans to the Accession of William and Mary in 1688.* Vol. V. 5th ed. London: Charles Dolman, 1849.

Macaulay, Thomas Babington. *The History of England from the Accession of James II*. Vol. II. New York: Harper & Brothers, 1849.

Marshall, P. J., ed. *The Oxford History of the British Empire: The Eighteenth Century*. Oxford: Oxford University Press, 1998.

McKay, Derek, and H. M. Scott. *The Rise of the Great Powers: 1648–1815*. Milton Park, Abingdon, Oxon: Routledge, 2014.

McKay, John P., et al. *A History of Western Society: Volume B*. Boston: Houghton Mifflin Company, 2008.

Morton, A. L. *A People's History of England*. New York: International Publishers and Lawrence & Wishart, 1979.

Neufeld, Matthew. *The Civil Wars After 1660: Public Remembering in Late Stuart England*. Woodbridge: The Boydell Press, 2013.

Oliphant, Mrs. M. O. W. *Historical Characters in the Reign of Queen Anne*. New York: The Century Co., 1894.

Pollard, A. F. *The History of England: A Study in Political Evolution*. London: Williams and Norgate, 1912.

Ranke, Leopold von. *A History of England in the Seventeenth Century*. Volume I. Oxford: Clarendon Press, 1875.

Ranke, Leopold von. *A History of England in the Seventeenth Century*. Volume II. Oxford: Clarendon Press, 1875.

Ranke, Leopold von. *A History of England in the Seventeenth Century*. Volume III. Oxford: Clarendon Press, 1875.

Ranke, Leopold von. *A History of England in the Seventeenth Century*. Volume IV. Oxford: Clarendon Press, 1875.

Ranke, Leopold von. *A History of England in the Seventeenth Century*. Volume V. Oxford: Clarendon Press, 1875.

Ranke, Leopold von. *A History of England in the Seventeenth Century*. Volume VI. Oxford: Clarendon Press, 1875.

Reece, Henry. *The Fall: Last Days of the English Republic*. Cornwall: TJ Books, 2024.

Rich, E. E., and C. H. Wilson, eds. *The Cambridge Economic History of Europe: Volume IV: The Economy of Expanding Europe in the Sixteenth and Seventeenth Centuries*. Cambridge: Cambridge University Press, 1967.

Schiller, Friedrich. *History of the Thirty Years' War*. Translated by A. J. W. Morrison. New York: John B. Alden, 1883.

Scott, David. *Politics and War in the Three Stuart Kingdoms, 1637–49*. Basingstoke: Palgrave Macmillan, 2004.

Seel, G. E. *The English Wars and Republic, 1637–1660*. London: Routledge, 1999.

Stone, Lawrence. *The Causes of the English Revolution: 1529–1642*. Milton Park, Abingdon, Oxon: Routledge Classics, 2017.

Tanner, J. R. *English Constitutional Conflicts of the Seventeenth Century 1603–1689*. Cambridge: Cambridge University Press, 1961.

Trevelyan, G. M. *England Under the Stuarts*. London: Methuen, 1904.

Venning, Timothy. *Kings and Queens of Scotland*. Stroud: Amberley Publishing, 2013.

Ward, A. W., G. W. Prothero, and Stanley Leathes, eds. *The Cambridge Modern History, Vol. XIII: Genealogical Tables and Lists and General Index*. New York: The Macmillan Company, 1911.

Wilson, Peter H. *Europe's Tragedy: A History of the Thirty Years War*. London: Penguin Books, 2009.

Woodford, Benjamin. *Perceptions of a Monarchy Without a King: Reactions to Oliver Cromwell's Power*. Quebec: McGill-Queen's University Press, 2013.

Woolrych, Austin. *Britain in Revolution: 1625–1660*. New York: Oxford University Press, 2002.